12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Теоретска настава:** ***Модул Хирургија 1 ЕКТС*** Вовед во прва помош и безбедносни принципи (1 час) *Предавање:* - Дефиниција на прва помош: правна и практична оправданост - Правни и етички основи за укажување на итна медицинска помош - Проценка на безбедност на местото на настан: биолошки, хемиски и физички ризици - Лична заштита: употреба на лична заштитна опрема (PPE) Основи на ABCDE методологија за иницијална проценка на пациент **Семинари:** 1. Контрола на крварење и третман на рани (1 час) *Предавање:* - Класификација на крварења: артериско, венско, капиларно - Механизми и техники за хемостаза: директен притисок, подигање на екстремитет, компресивна преврска - Видови на рани: абразвни, лацерирани, авулзивни, пунктни - Турникет и хемостатски агенси: индикации, техника на примена и можни компликации - Мерки за примена на асепса, превенција на инфекции и чистење на рани. 2. Контузии, дисторзии, Фрактури, исчашувања со видови на имобилизација (1 часа) *Предавање:* - Повреди на горни и долни екстремитети, рбет, карлица - Знаци, симптоми и третман на: контузии, дисторзии, фрактури и луксации - Отворени vs. затворени фрактури - Повреди од огнено оружје, експлозивни повреди - Видови на имобилизација: шини, триаголни марами и др. - Третман и транспорт на пациенти со траума (контузии, дисторзии, фрактури и луксации). 3. Повреда на глава и лицеви коски (1 час) *Предавање:* - Контузии и фрактури на черепот и лицевите коски - Интракранијални крварења: епидурално, субдурално, субарахноидално - Принципи на проценка на невролошки статус

		4. Термички повреди, каснувања и повреди од околината (1 часа) *Предавање:* - Класификација на изгореници (1-ви до 4-ти степен) - Прва помош за термички, електрични и хемиски изгореници - Топлотен удар, сончаница – основи на третман - Хипотермија, смрзнатини – основи на третман - Каснувања од животни и луѓе (ризик од инфекција) 5. Управување со трауматски сценарија (1 часа) *Предавање:* - Повреди на глава, градни повреди (тапи и пенетрирачки), абдоминални трауми, траума во бременост - Пристап кај пациент со политраума: крварење + фрактура + шок - Повреди на карлица, спинални повреди, абдоминални рани - Стабилизирање пред транспорт - Тимски пристап и комуникација во критични состојби 6. Масовни несреќи и основи на тријажа *(1 часа)* *Предавање:* - Што е тријажа? Примена на START систем (Simple Triage and Rapid Treatment) за брза проценка - Категории за тријажа: ИТНО, ОДЛОЖЕНО, МАЛО, ОЧЕКУВАНО - Основи на сортирање на жртви при катастрофи и големи несреќи, однесување на терен, алокација на ресурси и безбедност. **Практична настава:** 1. Техники за хемостаза (2 часа) - Примена на директна компресија - Апликација на турникет и хемостатски преврски 2. Имобилизација и заштита на 'рбет (2 часа) - Примена на фиксни и импровизирани имобилизациски средства и поставување марама. - Рбетна стабилизација и транспорт со рбетни мерки на претпазливост 3. Невролошка проценка и транспорт (1 час) - Глазгов кома скала (GCS) - Транспорт кај пациент со невротраума 4. Третман на изгореници (1 час) - Преврска кај пациент со изгореница - Техники за ладење и покривање - Проценка на површината и тежината

		5. Трауматски случаи со систематки пристап и отстранување кацига (1 час) - Системска примена на ABCDE - Техника на безбедно отстранување кацига 6. Симулација на масовна несреќа и тријажа (1 час) - Категоризација со тријажни ознаки (црвено, жолто, зелено, црно), ознака на жртви според итност - Брза проценка на место на несреќа ***Модул Анестезиологија 1ЕКТС*** **Прв блок** - Што е прва помош: вовед, значење и методи - Причини кои доведуваат до потреба за укажување прва помош и проценка на состојбата: свест, дишење, циркулација, повреди - Основи на кардиопулмонална реанимација - Реанимација - Животна поддршка - Асфиксија и други состојби со нарушено дишење - Труење - Други видови итни состојби - Болки - Срцево белодробно оживување кај дете и возрасен пациент - Автоматски дефибрилатор - Поставување на интравенска линија - Интраосеална линија - Супраглотични и и нфраглотични помагала за одржување на дишен пат - Кислородна терапија - СБМО принципи - АБЦДЕ принципи - Респираторен дистрес - Срцева масжа - Шокови состојби - Мозочен удар - Акутен коронарен синдром - Одсуство на свест – Глазгов кома скала - Видови на живото-загрозувачки аритмии - Третман на политрауматизиран пациент **Втор блок** - Рани и крварења - Скршенини - Повреди на мускулните и зглобните површини - Изгореници - Бандажирање и преврски - Ефекти од ниски и високи температури - Постапки при масовни несреќи – организација

<table>
<tr><td></td><td></td><td colspan="3">- Губење на свест</td></tr>
<tr><td>13</td><td>Заемна поврзаност на предметите</td><td colspan="3">Поврзан со сите предмети од студиската програма</td></tr>
<tr><td>14.</td><td>Детален опис на наставните и работните методи за предметот</td><td colspan="3">Интерактивни предавања, вежби, реализирање семинари со претходно зададени теми.</td></tr>
<tr><td>15.</td><td>Вкупен расположив фонд на време</td><td colspan="3">60 часа</td></tr>
<tr><td rowspan="4">16.</td><td rowspan="4">Форми на наставните активности</td><td>16.1.</td><td>Предавања - теоретска настава. часови</td><td>7</td></tr>
<tr><td>16.2.</td><td>Семинари</td><td>6</td></tr>
<tr><td>16.3.</td><td>Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови</td><td>17</td></tr>
<tr><td>16.4.</td><td>Пракса: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td rowspan="3">17.</td><td rowspan="3">Други форми на активности</td><td>17.1.</td><td>Проектни задачи: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td>17.2.</td><td>Самостојни задачи: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td>17.3.</td><td>Домашно учење - задачи</td><td>30</td></tr>
<tr><td>18.</td><td>Услови за потпис</td><td colspan="3">За да добие потпис, студентот треба да освои минимум бодови од посета на теоретска и практична настава.</td></tr>
<tr><td>19.</td><td colspan="4">Начин на оценување: Оценката за предметот се формира според табелата на оценки, а врз основа на збирот на бодовите од сите активности, континуираните проверки, семинари и завршниот испит
<table>
<tr><th colspan="2">Вид на активност</th><th>Бодови</th><th></th></tr>
<tr><td colspan="2"></td><td>Хирургија</td><td>Анестезиологија</td></tr>
<tr><td colspan="2">Теоретска настава</td><td>1- 2</td><td>1- 2</td></tr>
<tr><td colspan="2">Практична настава</td><td>5 - 6</td><td>5 - 6</td></tr>
<tr><td colspan="2">Семинари</td><td>6 -12</td><td>6 -12</td></tr>
<tr><td colspan="2">Континуирани проверки</td><td></td><td></td></tr>
<tr><td rowspan="2">Завршен испит</td><td>Писмен дел</td><td>18-30</td><td>18 - 30</td></tr>
<tr><td>Практичен дел</td><td>/</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2"></td><td>30-50</td><td>30-50</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вкупно</td><td colspan="2">60-100</td></tr>
</table></td></tr>
<tr><td></td><td>19.1.</td><td colspan="2">Континуирана проверка: бодови</td><td>/</td></tr>
<tr><td></td><td>19.2.</td><td colspan="2">Тестови: бодови</td><td>/</td></tr>
<tr><td></td><td>19.3.</td><td colspan="2">Семинари</td><td>12 -24 бодови</td></tr>
<tr><td></td><td>19.4.</td><td colspan="2">Завршен испит: бодови</td><td>Хирургија 18 - 30
Анестезиологија 18 – 30</td></tr>
<tr><td rowspan="5">20.</td><td rowspan="5">Критериуми за оценување (бодови/ оценка)</td><td colspan="2">до 59 бода</td><td>5 (пет) F</td></tr>
<tr><td colspan="2">од 60 до 68 бода</td><td>6 (шест) E</td></tr>
<tr><td colspan="2">од 69 до 76 бода</td><td>7 (седум) D</td></tr>
<tr><td colspan="2">од 77 до 84 бода</td><td>8 (осум) C</td></tr>
<tr><td colspan="2">од 85 до 92 бода</td><td>9 (девет) B</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td></td><td colspan="3"></td><td>од 93 до 100 бода</td><td>10 (десет) А</td></tr>
<tr><td>21.</td><td colspan="3">Метод на следење на квалитетот на наставата</td><td colspan="2">Студентска анонимна евалуација за предметот, наставниците и соработниците кои учествуваат во изведувањето на наставата.</td></tr>
<tr><td rowspan="9">22.</td><td colspan="5">Литература</td></tr>
<tr><td rowspan="3">22.1.</td><td colspan="4">Задолжителна литература</td></tr>
<tr><td>Ред. број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Jeffrey Schaider
Stephen R. Hayden
Richard Wolfe
Roger M. Barkin
Peter Rosen</td><td>Rosen and barkin's 5 minute emergency medicine consult.</td><td>Tabernakul
Skopje</td><td>2011</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>„Авторизирана литература од членовите на катедрите вклучени во наставата”</td><td></td><td>Медицински факултет</td><td></td></tr>
<tr><td rowspan="3">22.2.</td><td colspan="4">Дополнителна литература</td></tr>
<tr><td>Ред. број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Група автори.</td><td>First Aid Manual. 11th Edition</td><td>London: DK Publishing</td><td>2021</td></tr>
</table>

Ред.број:12

Прилог бр.3		**Предметна програма од интегриран (прв и втор) циклус на студии**
1.	Наслов на наставниот предмет	**АНАТОМИЈА НА ГЛАВА И ВРАТ**
2.	Код	ОМ26 211
3.	Студиска програма	Прв и втор циклус шестгодишни интегрирани академски студии по општа медицина
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт,	УКИМ – Медицински факултет Катедра за анатомија

	катедра, оддел)				
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	Втора (II)	Семестар	Трет (III)
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Раководител на катедрата за анатомија проф. д-р Биљана Зафирова *наставата ја изведуваат сите членови на катедрата за анатомија			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Исполнети услови за запишување на студиската програма. Положен испит Анатомија.			
11.	Цели на предметната програма (компетенци) и резултати од учењето:	Анатомијата на главата и вратот ќе се разгледува од функционална перспектива, со посебен акцент на клиничката анатомија. Студентот ќе биде квалификуван да ги пронајде и идентификува оние анатомски и морфолошки структури на главата и вратот сетилните органи како и морфологијата, структурата и значењето на деловите на централниот нервен систем (ЦНС) со кои ќе се сретне подоцна во секојдневната клиничка работа. Ќе се запознае со клинички значајни варијации, кои би можеле значително да влијаат врз поставувањето на клиничка дијагноза и третман.			
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	Теоретската, практичната настава и семинарите се организирани во модули со соодветно поглавје. Секој модул од теоретската настава кореспонидира со соодветниот од практичната настава и семинарот. **Теоретска настава (предавања и семинари) 45 часа:** ***Модул 1- миологија, ангиологија и неврологија на глава и врат*** - Миологија, неврологија и ангиологија на главата и вратот. ***Модул 2 - органи на глава и врат*** - Органи на главата и вратот - Содржина на усната празнина, јазик, плунковни жлезди, непцев крајник. - фаринкс, ларинкс, нос и параназални синуси.			

		- тироидна и паратироидни жлезди. ***Модул 3 - сетилни органи и ЦНС*** - Сетилни органи (око, уво) - Вовед во анатомија на ЦНС. - Развој на нервниот систем и абнормалности во развојот на нервниот систем. - Рбетен мозок. - Мозочно стебло (поделба, делови, градба) - Мозочно стебло (продолжен мозок, понс, среден мозок) - Мал мозок - Меѓумозок - Голем мозок - Коморен систем и цереброспинална течност. - Обвивки на централниот нервен систем и цереброспинална течност. - Менинги и васкуларизација на мозок. - Функционални системи (моторен, сензитивен, систем за вид, слух, вестибуларен, вкус и мирис). - Функционални системи (лимбичен, невроендокрин систем). Функционални кругови во formatio reticularis. - Холинергичен и моноаминергичен систем. - Виши интегративни функции **Практична настава:** ***Модул 1- миологија, ангиологија и неврологија на глава и врат*** - Препознавање на анатомските структури во топографските регии на главата и вратот (мускулите, крвните садови и нервите). ***Модул 2 - органи на глава и врат*** - Топографска анатомија на главата и вратот. - Препознавање и утврдување на органите и делови на органите во топографските регии на главата и вратот. ***Модул 3 - сетилни органи и ЦНС*** - Препознавање и утврдување на деловите на сетилните органи-око и уво. - Препознавање и утврдување на деловите на ЦНС на фиксирани препарати и пластинирани модели.		
13	Заемна поврзаност на предметите	Поврзан со сите предмети од студиската програма		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Интерактивни предавања, вежби, реализирање семинари со претходно зададени теми.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	180 часа		
16.		16.1.	Предавања - теоретска настава. часови	20
		16.2.	Семинари	25

<table>
<tr><td></td><td>Форми на наставните активности</td><td>16.3.</td><td>Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови</td><td>45</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td>16.4.</td><td>Пракса: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td rowspan="3">17.</td><td rowspan="3">Други форми на активности</td><td>17.1.</td><td>Проектни задачи: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td>17.2.</td><td>Самостојни задачи: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td>17.3.</td><td>Домашно учење – задачи</td><td>90</td></tr>
<tr><td>18.</td><td>Услови за потпис</td><td colspan="3">За да добие потпис, студентот треба да освои минимум бодови од посета на теоретска,практична настава и семинар.

<table><tr><th>Вид на активност</th><th>Бодови</th></tr><tr><td>Теоретска настава</td><td>1-2</td></tr><tr><td>Практична настава</td><td>5-8</td></tr><tr><td>Семинари</td><td>9-15</td></tr></table></td></tr>
<tr><td>19.</td><td colspan="4">Начин на оценување: Оценката за предметот се формира според табелата на оценки, а врз основа на збирот на бодовите од сите активности, континуираните проверки, семинари и завршниот испит</td></tr>
<tr><td></td><td>19.1.</td><td>Континуирана проверка: бодови</td><td colspan="2">Континуирани проверки (2) по модули

Студентот може да бира дали ќе полага после секој модул, во колоквиумска или комплетен завршен испит.

1. Миологија, ангиологија и неврологија на главата и вратот
бодови
15 мин.-25 макс.
2. Органи на глава и врат
бодови
15 мин.-25 макс.

Секоја проверка се состои од писмен, устен и практичен дел.

Писмениот дел е елиминаторен и се смета за положен доколку е решено мин 60 % од тестот.

Практичниот дел (соодветно на модулот) ги опфаќа анатомските структури во топографските регии на главата и вратот (мускулите, крвните садови и нервите), органите и делови на органите во топографските регии на главата и вратот. Се изведува на кадавери,</td></tr>
</table>

			фиксирани препарати и пластинирани модели. Практичниот дел се смета за положен доколку студентот освои мин 6 – макс 10 бодови. *Усниот дел* се состои од прашања со кои се испрашува интегративното знаење на студентот кое е битно за разбирање на целината на предметот и медицинската практика. Усниот дел се смета за положен доколку студентот освои мин 9-макс 15 бодови. *Завршниот испит* го опфаќа материјалот од анатомија на сетилата и централниот нервен систем и се состои од елиминаторен писмен дел и устен дел. Студентот е должен да освои минимум од предвидените бодови за секој дел за да може да му биде впишана завршна оцена.
	19.2.	Тестови: бодови	/
	19.3.	Семинари	Семинарите ќе се одржуваат во термини и со содржини објавени со распоредот на почетокот на семестарот и ќе бидат задолжителни за студентите. Присуството и ангажираноста на студентите во семинарите ќе се евидентира и освоените бодови ќе влезат во крајната оценка за предметот. Бодови 9 мин.-15 макс.
	19.4.	Завршен испит: бодови	Компетниот завршен испит се состои од неположените континуирани проверки или целокупниот материјал од предметот. Студентот кој ги положил предвидените континуирани проверки и реализирал услови за потпис се стекнува со право за завршна оцена по предметот. Оценката за предметот се формира според табелата на оценки, а врз основа на збирот на бодовите од сите активности.

				Вид на активност	**Бодови**
				Теоретска настава	1-2
				Практична настава	5-8
				Семинари	9-1
				Континуирани проверки (2)	30-
				Завршен испит	15-25
				Вкупно	**60-100**
20.	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 59 бода		5 (пет) F
			од 60 до 68 бода		6 (шест) E
			од 69 до 76 бода		7 (седум) D
			од 77 до 84 бода		8 (осум) C
			од 85 до 92 бода		9 (девет) B
			од 93 до 100 бода		10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		Студентска анонимна евалуација за предметот, наставниците и соработниците кои учествуваат во изведувањето на наставата.		

22.

Литература

22.1. Задолжителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1	Анатомија на Централниот нервен систем	Јулија Живадиновиќ, Ники Матвеева, Билјана Зафирова	Скопје, УКИМ, Медицински Факултет	2023
2.	Анатомија 3 за студентите од општа медицина	Живадиновиќ Јулија, Матвеева Ники, Папазова Марија, Зафирова Биљана, Чадиковска Елизабета.	Скопје, УКИМ, Медицински Факултет	2019

22.2. Дополнителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	Susan Standring	Gray's Anatomy- The Anatomical Basis of Clinical Practice	41st. ed. Elsevier Churchill Livingstone, New York.	2019
2.	Arthur F. Dalley II, Anne M. R. Agur	Moore's Clinically Oriented Anatomy	9th ed. Philadelphia, PA: Lippincott Williams and Wilkins.	2023

		3.	Елис Х, Лога БМ, Диксон АК	Анатомија на човекот на пресеци	Скопје: Арс Ламина ДОО	2011
		4.	Папазова М, Лазарова Д, Живадиновиќ Ј	Периферен нервен систем - клиничка анатомија	Скопје: МАРИВ-С	2009
		5.	Папазова М, Лазарова Д, Живадиновиќ Ј.	Васкуларизација на мозокот	Скопје: УКИМ, Медицински факултет;	2010
		6.	Папазова М, Живадиновиќ Ј, Нетковски Ј	Клиничка анатомија на носот	Скопје: УКИМ, Медицински факултет;	2016

Ред.број:13

Прилог бр.3		**Предметна програма од интегриран (прв и втор) циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	**ФИЗИОЛОГИЈА**			
2.	Код	ОМ26 212			
3.	Студиска програма	Прв и втор циклус шестгодишни интегрирани академски студии по општа медицина			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	УКИМ – Медицински факултет Катедра за физиологија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	Втора (II)	Семестар	Трет (III) и четврт (IV)
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	16			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Раководител на катедрата за физиологија Проф. д-р Бети Дејанова Наставата ја изведуваат сите членови на Катедрата за физиологија			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	За запишување на предметот Физиологија во 4. семестар потребен е потпис од предметот Физиологија од 3. семестар Неопходни предуслови за слушање на преметот - положени испити од предметите Морфологија и физиологија на клетка и Анатомија Неопходни предуслови за полагање на предметот – положен испит од предметот Анатомија на глава и врат			

11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Да го оспособи студентот да го разбире функционирањето на човечкиот организам за да може да: - ја дефинира хомеостазата и да објасни како хомеостатските механизми ја одржуваат константноста на внатрешната средина - ги дефинира функциите на органските системи и да ги објасни механизмите преку кои ги остваруваат своите функции. - ги разбере и интерпретира врските помеѓу одделните органски системи во целина. - да ги дефинира функциите на нервниот систем, на сетилата и на ендокриниот систем, да ги објасни нивните механизмите на функционирање. - да ги разбере и интерпретира врските помеѓу нервниот и ендокриниот систем, како и нивните врски со останатите органски системи. - Да изведува одредени практични процедури за функционирањето на органските системи, како и за регулаторните системи на човечкиот организам
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Теоретска настава** - Функционална организација на човечкото тело, механизми за одржување на константноста на внатрешната средина - повратни врски и регулација на телесните функции. - Физиологија на скелетните и мазните мускули - физиолошка организација, карактеристики, ексцитација и контракција, разлики помеѓу скелетни и мазни мускули. - Физиологија на срцето - срцев циклус, срцеви тонови, срцева работа, енергетски метаболизам на срцето, регулација на срцевата работа, систем за создавање и спроведување на импулси во срцето, биоелектрична активност на срцето, нормален електрокардиограм. - Физиологија на циркулацијата, артерискиот и венскиот крвоток - физиологија на микроциркулација и лимфен систем, контролни механизми на регулација на циркулација, регулација на крвен притисок. - Физиологија на крвта и на крвните елементи - еритроцити, леукоцити и тромбоцити, крвни групи, хемостаза и коагулација на крв. - Физиологија на респираторниот систем - белодробна вентилација, механика на дишење, белодробна циркулација, дифузија и транспорт на кислород и јаглероден диоксид; регулација на дишење. - Физиологија на телесните течности и нивна регулација. - Физиологија на уринарниот систем - процеси на создавање на урина во бубрезите и механизми на регулација, регулација на осмоларноста и концентрацијата на натриум, калиум, калциум, фосфати и магнезиум, регулација на ацидо-базна рамнотежа. - Физиологија на гастроинтестиналниот систем - моторна активност, мотилитет и секреторна активност, дигестија на

		храна и апсорпција на хранливи материи, регулација на функциите на гастроинтестиналниот систем. - Физиологија на метаболизмот - метаболни процеси на јаглени хидрати, масти и протеини, физиолошка регулација на енергетска рамнотежа, базален метаболизам и исхрана. - Физиолошки функции на црниот дроб. - Физиологија на кожа, терморегулација, телесна температура. - Физиологија на нервниот систем - неврон, нервни импулси, синапси, невротрансмитери и невромодулатори. - Физиологија на сензорниот систем, рецептори, нервни патишта, сензорен кортекс, соматски осети, сетилото за допир и положба, сетило за вид, сетило за слух, сетило за вкус, сетило за мирис. - Физиологија на моторниот кортекс, базални ганглии, мал мозок, мозочно стебло, 'рбетен мозок, вегетативни спинални рефлекси, физиолошки функции на автономниот нервен систем. - Физиологија на ретикуларната формација и физиологија на лимбичниот систем и хипоталамус. - Физиологија на ендокриниот систем - физиолошки механизми на дејство на хормоните на жлездите со внатрешно лачење: хипофиза, тиреоидеа, паратиреоидни жлезди, ендокрин панкреас, надбубрежни жлезди, полови жлезди. **Семинари** - Физиологија на скелетните и мазните мускули и срцев мускул - Физиологија на кардиоваскуларниот систем - Физиологија на крвта и на крвните елементи - Физиологија на респираторниот систем - Физиологија на телесните течности и на уринарниот систем - Физиологија на гастроинтестиналниот систем со метаболизам и црн дроб - Физиологија на сензорниот систем, ретикуларната формација и на лимбичниот систем. - Физиологија на моторниот систем и автономниот нервен систем - Физиологија на хипоталамус, хипофиза и вовед во ендокринологија - Физиологија на ендокрините жлезди **Практична настава** - Дејство на механичка, хемиска и електрична дразба на нервно-мускулен препарат. Директно дразнење на мускул - Испитување на активноста на мускулите - Испитување на активноста на срцевиот мускул кај експериментални животни и дејство на различни фактори врз работата на срцето. - Определување на артериски пулс – карактеристики - Мерење на крвен притисок - Аускултација на срцеви тонови - Испитување на биоелектрични струи кај човек и

		електрокардиографија. - Испитување на крвта и крвните елементи (еритроцити, леукоцити и тромбоцити), определување на крвни групи и методи за испитување на хемостазата. - Испитување на функцијата на респираторниот систем (функционални тестови) - Испитување на функцијата на уринарниот систем - гломеруларна филтрација, испитување на хемискиот состав на урината, одредување на бубрежниот клиренс - Определување на ацидобазна рамнотежа: пуфери на крвна плазма, физиолошки пуферски системи. - Испитување на функцијата на гастроинтестиналниот систем - определување на ацидитет на желудачниот сок, и дејството на дигестивните ензими. - Мерење на телесната температура, одредување на базалната (во мирување) метаболна количина, составување дневен оброк. Испитување на кондиционата способност на организмот (Харвардов степ тест, Флаков тест, ергографија, динамометрија) - Испитување на периферниот нервен систем кај експериментални животни, неговата надразливост и спроводливост; - Спинална жаба, спинален шок и рефлексна активност - Испитување на клинички важни рефлекси кај човек. - Испитување на автономен нервен систем. - Испитување на мозочната активност. - Испитување на сетилото за вид, сетило за звук и сетило за рамнотежа. - Испитување на функциите на ендокрините жлезди кај експериментални животни		
13	Заемна поврзаност на предметите	Поврзан е со следниве предмети: морфологија и физиологија на клетка, анатомија, хистологија со ембриологија и со патофизиологија		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Интерактивни предавања, вежби, реализирање семинари со претходно зададени теми.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	480 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	60
		16.2.	Семинари	60
		16.3.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	120
		16.4.	Пракса: часови	/
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	/
		17.2.	Самостојни задачи: часови	/
		17.3.	Домашно учење - задачи	240
18.	Услови за потпис	За да добие потпис, студентот треба да освои минимум бодови од посета на теоретска и практична настава.		

<table>
<tr><td></td><td></td><td colspan="3">*, континуираните проверки се 2, а се однесуваат на втората (зимски семестар) и на четвртата колоквиумска недела (летен семестар) и секоја од нив носи од 15 до 25 бода.</td></tr>
<tr><td>19.</td><td colspan="5">Начин на оценување: Оценката за предметот се формира според табелата на оценки, а врз основа на збирот на бодовите од сите активности, континуираните проверки, семинари и завршниот испит од кој практичниот дел е интегрирано знаење за предметот. Писмениот дел од завршниот испит се однесува само на студентите кои не ги положиле континуираните проверки.
<table>
<tr><th colspan="2">Вид на активност</th><th>Бодови</th></tr>
<tr><td colspan="2">Теоретска настава</td><td>1-3</td></tr>
<tr><td colspan="2">Практична настава</td><td>9-12</td></tr>
<tr><td colspan="2">Семинари</td><td>5-10</td></tr>
<tr><td colspan="2">Континуирани проверки*</td><td>30- 50</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Завршен испит</td><td>Писмен дел</td><td>/</td></tr>
<tr><td>Практичен дел</td><td>15-25</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вкупно</td><td>60-100</td></tr>
</table></td></tr>
<tr><td></td><td>19.1.</td><td colspan="2">Континуирана проверка: бодови</td><td colspan="2">2 континуирани проверки (секоја носи по15-25 бода)</td></tr>
<tr><td></td><td>19.2.</td><td colspan="2">Тестови: бодови</td><td colspan="2">1 завршен испит – практичен дел (15-25 бода)</td></tr>
<tr><td></td><td>19.3.</td><td colspan="2">Семинари</td><td colspan="2">Семинарите се дел од теоретската настава и ќе се одржуваат во термини и со содржини објавени со распоредот на почетокот на семестарот, а ќе бидат задолжителни за студентите. Присуството и ангажираноста на студентите во семинарите ќе се евидентира и бодира, а освоените бодови ќе влезат во крајната оценка за предметот.</td></tr>
<tr><td></td><td>19.4.</td><td colspan="2">Завршен испит: бодови</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>20.</td><td colspan="2" rowspan="6">Критериуми за оценување (бодови/ оценка)</td><td>до 59 бода</td><td>5 (пет) F</td></tr>
<tr><td>од 60 до 68 бода</td><td>6 (шест) E</td></tr>
<tr><td>од 69 до 76 бода</td><td>7 (седум) D</td></tr>
<tr><td>од 77 до 84 бода</td><td>8 (осум) C</td></tr>
<tr><td>од 85 до 92 бода</td><td>9 (девет) B</td></tr>
<tr><td>од 93 до 100 бода</td><td>10 (десет) A</td></tr>
<tr><td>21.</td><td colspan="2">Метод на следење на квалитетот на наставата</td><td colspan="2">Студентска анонимна евалуација за предметот, наставниците и соработниците кои учествуваат во изведувањето на наставата.</td></tr>
<tr><td>22.</td><td colspan="5">Литература</td></tr>
</table>

	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
			Артур К. Гајтон, Џон Е. Хол	Медицинска физиологија	Академски печат	2012
			Катедра за физиологија	Практикум по физиологија	Медицински факултет, Скопје	Во печат
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Ш. Зибернагл, А. Деспопулос	Физиолошки атлас во боја	Табернакул	2010
		2.	Катедра за физиологија	Физиологија на органски системи	Медицински факултет, Скопје	Во печат

Ред.број:14

Прилог бр. 3		**Предметна програма од интегриран (прв и втор) циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	**МЕДИЦИНСКА БИОХЕМИЈА**			
2.	Код	ОМ26 213			
3.	Студиска програма	Прв и втор циклус шестгодишни интегрирани академски студии по општа медицина			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	УКИМ – Медицински факултет Катедра за Биохемија и клиничка биохемија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	Втора (II)	Семестар	Трет (III) и четврт (IV)
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	12			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници	Раководител на катедрата за Биохемија и Клиничка биохемија Вонреден проф. д-р Ирена Костовска *наставата ја изведуваат сите членови на катедрата			

	назначен одговорен наставник)	
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Положен испит по предметот Основи на биохемија За запишување на предметот Медицинска биохемија во 4. семестар потребен е потпис од предметот Медицинска биохемија од 3. семестар
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Главна цел на предметната програма е по завршување на наставата и полагање на испитот студентите да стекнат основно познавање за биомолекулите, нивната структура, својства и учество во градбата на човечкиот организам, како и познавање на нивната функција кај здрав организам.. Студентите ќе се стекнат со основни познавања за метаболизмот, општите принципи на претворбата на интермедиерите и конверзијата на енергијата, вклучувајќи ги и процесите кои учествуваат во регулацијата на метаболизмот, познавања за интегрираниот метаболизам, ќе знаат да ги поврзат метаболните процеси со функцијата на пооделни органи како и да ги поврзат промените во метаболизмот со најчестите заболувања. Стекнатото знаење ќе биде основа за разбирање на голем број патолошки промени во човечкиот организам.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Теоретска настава** **Предавања III семестар:** **1.Амино киселини, пептиди, протеини, хемоглобин и миоглобин** Резултати од учење: Ќе знаат детално да ја објаснат градбата и функцијата на аминокиселините, пептидите, структурата на протеините, методите за сепарација на аминокиселини, пептиди и протеини, детално да ја објаснат градбата и функцијата на хемоглобинот и миоглобинот, разликата помеѓу миоглобин и хемиглобин, ќе ги знаат медицински значајните пептиди. Судентите ќе се запознаат со плазма протеините, нивна градба и улога во човечкиот организам во физиолошки и патолошки состојби. **2. Липиди** Резултати од учење: Ќе знаат да ги дефинираат и класифицираат липидите, нивната биолошка улога: енергетски резервоар, структурни компоненти на биомембрани, сигнални молекули, градбата и функцијата на триацилглецеролите, восоците, масните киселини, фосфолипидите, гликолипидите, стероидите и каротеноидите. Судентите ќе се запознаат **со структурата и функцијата на еикозаноидите:** простагландини, тромбоксани, леукотриени. **3. Јаглехидрати** Резултати од учење: Ќе знаат детално да ја објаснат поделбата на јаглехидратите, градбата и функцијата на хомогликаните, хетерогликаните, гликозаминогликаните. **4. Хетеромакромолекули** Резултати од учење: Ќе знаат детално да ја објаснат градбата и функцијата на гликопротеините и протеогликаните, нуклеопротеините, хромопротеините, металопротеините,

		фосфопротеините. **5. Нуклеински киселини и биосинтеза на протеини** Резултати од учење: Ќе знаат детално да ја објаснат градбата и функцијата на нукленските киселини (ДНК, РНК), нивната организација, структурата на хромозомите, биосинтезата на нукленските киселини и регулацијата на експресијата на гените, биосинтезата на протеините и патобиохемиските аспекти при одредени нарушувања во метаболизмот на нуклеинскте киселини. **6. Витамини** Резултати од учење: Ќе знаат да ги објаснат разликите помеѓу липосолубилните и хидросолубилните витамини, нивната хемиска градба и нивната улога во метаболните процеси во организмот на човекот. **7. Ензими и кофактори** Резултати од учење: Ќе знаат да ја објаснат структурата, физичките и хемиските својства на ензимите, активен центар, алостеричен центар, молекулска маса на ензими, рибозими, каталитичките својства на ензимите-карактеристики на биолошката катализа, енергетиката на ензимските реакции, механизмот на ензимските реакции, супстратна специфичност: апсолутна специфичност, групна специфичност, ниска специфичност, стереоспецифичност, геометриска специфичност, кинетиката на ензимски катализираните реакции - Михаелис-Ментенова равенка, влијанието на температурата, pH, концентрацијата на супстрат и концентрацијата на ензим врз брзината на ензимска реакција, реверзибилност на ензимските реакции, заситеност на ензимите со супстрат, мултисупстратни ензимски реакции, структура и функција на кофактори: коензими и простетски групи, класификацијата и номенклатурата на ензимите, активација на ензими, инхибиција на ензими: типови инхибиција, алостерична контрола на ензимската активност, мултиензимски системи, регулација на ензимска активност, одредување на каталитичката активност на ензимите и мерни единци: континуирани и дисконтинуирани методи. **8. Хормони и биосигнализација** Резултати од учење: Ќе можат да ги објаснат градбата и структурата на хормоните, нивната функција во човечкиот организам, ќе знаат да ја споредат нивната структура со начинот на биосигнализирање и да го применат своето знаење во препознавањето на патобиохемиските основи на определени ендокринолошки заболувања. **Семинари - III семестар** **1. Биохемија на клетка и биолошки мембрани** Резултати од учење : Ќе знаат да ги објаснат главните биохемиски карактеристики на клеточните органели и градбата на клеточната мембрана, да ги објаснат различните типови на мембрански транспорт и да ги поврзат со определени физиолошки и патолошки состојби. **2. Цитоскелетни и моторни протеини** Резултати од учење: Ќе знаат да ја објаснат градбата и структурата на цитоскелтените и моторните протеини, микрофиламенти (актински филаменти), микротубули, интермедиерни филаменти, моторни протеини: миозин, кинезин динеин, нивната физиолошка улога во

		клетката како и поврзаност со одредени патолошки состојби при нарушена нивна градба и/или функција. **3. Екстраклеточен матрикс** Резултати од учење: Ќе знаат да ја објаснат градбата и структурата на екстраклеточниот матрикс, градбата на колагенот, еластинот, фибронектинот, ламининот, да ја објаснат функцијата на екстраклеточкиот матрикс во клетката како и поврзаност со одредени патолошки состојби при нарушена градба и/или функција на одредени компоненти на екстраклеточниот матрикс. **4. Вода и електролити** Резултати од учење: Ќе знаат да го објаснат метаболизмот на вода, внатрешната дистрибуција на телесната вода, регулација на метаболизмот на вода, како и нарушувањата во метаболизмот на вода, ќе знаат да го објаснат метаболизамот на катјони и анјони, и метаболизамот на олигоелементи, регулацијата на метаболизамот на катјони и анјони, и метаболизамот на олигоелементи и нарушувањата во нивниот метаболизам. **5. Биохемија на мускули и коскено ткиво** Резултати од учење: Ќе знаат да ја објаснат биохемиската основа на процесот на мускулната контракција, градбата на скелетните, мазните мускули и срцевиот мускул, градбата на миофибрилите, актинските и миозинските миофиламенти, изворите на енергија за процесот на мускулна контракција и процесите на регулација на мускулна контракција. Ќе знаат да ја објаснат градбата на коскеното ткиво: органски компоненти: колаген тип I, остеокалцин, остеонектин, неоргански компоненти: хидроксиапатит ($Ca_{10}(PO_4)_6(OH)_2$), улога на остеобласти, остеокласти и остеоцити, метаболизам на калциум и фосфор, хормонска регулација: паратироиден хормон, калцитонин, витамин D, минерализација и ремоделирање на коска и ќе ги знаат биохемиските маркери на коскена синтеза и разградба, као и нарушувањата во процесите на рамнотежа на коскена синтеза и разградба. **Практична настава III семестар:** 1. **Вовед во лабораториски анализи: од примерок до наод** – видови биолошки материјал за биохемиски испитувања, флеботомија, собирање урина, центрифугирање, добивање серум и плазма, одредување на референти вредности на биохемиските параметри, фактори кои влијаат врз концентрацијата на биохемиските параметри. 2. **Основни принципи на фотометрија и одредување на концентрација на вкупни протеини –** основни принципи на фотометриските методи, составни делови на фотометар,принцип на работа на фотометар, принцип на методот за одредување на вкупни протеини во серум, референтни вредности на вкупни протеини во серум и клиничко значење. **3. Испитување на состав и општи особини на сложени протеини** – изолирање и докажување на дезоксинуклеопротеини од слезенка на стаорец, докажување на хемоглобин со бензидинска реакција, докажувањ на јаглехидратниот дел од муцините на плунката. **4. Електрофореза на серумски протеини на целогел лента-** основни принципи на електрофореза, примена на електрофореза и

		електрофоретска сепарација на серумски протеини на целогел лента и клиничко значење. **5. Сепарација на серумски протеини со гел филтрација –** принцип на гел филтрација, потребна опрема и материјал за изведување на гел филтрација, препаративна сепарација на серумски протеини со гел филтрација. **6. Одредување на концентрација на витамин С во плазма и урина** – функции на витамин С во организмот на човекот, метаболизам на витамин С, определување на С витамин во плазма и урина со титриметриски метод и клиничко значење. **7. Ензими и ензимска кинетика** – определување на кинетичките константи Vmax и Km на ензимите, типови инхибиција. **8. Влијание на pH и температура врз брзината на ензимската реакција** - определување на влијанието на pH и температуратс врз брзината на ензимската реакција. **9. Определување на каталитичка активност на алакална фосфатаза во серум -** методи за определување на активноста на ензимите, определување на активност на алкална фосфатаза во серум со континуирана постапка. **10.Определување на концентрација на електролити во серум: калциум и неорганski фосфор – електролити на крвна плазма: натриум, калиум, калциум, неорганski фосфор, хлориди, бикарбонати,** определување на концентрација на калциум во серум со фотометриски метод, определување на концентрација на неорганski фосфор во серум со фотометриски метод според King **11.Определување на концентрација на железо во серум –** распределба на железото во организот, концентрација на железо во крв и клиничко значење, определување на концентрација на серумско железоспоред методот на Ramsey. **Теоретска настава** **Предавања IV семестар:** **1. Преглед на метаболизмот** Резултати од учење: Ќе се запознаат со поимите метаболизам, анаболизам и катаболизам, извори на енергија, кружење на јаглерод, кислород и азот во природата, организација на хемиските реакции, три фази на метаболизмот, енергетика на биохемиските реакции и регулација на метаболните патишта. **2. Метаболизам на протеини** Резултати од учење: Ќе се запознаат со процесот на варење и ресорпција на протеини во ГИТ, метаболички фонд на аминокиселини, општиот метаболизам на аминокиселините, судбина на амонијакот и синтеза на уреа, специјален метаболизам на аминокиселини, регулација на метаболизмот на аминокиселините и протеините. **3. Метаболизам на липиди** Резултати од учење: Ќе се запознаат со метаболните процеси на липидите во човечкиот организам:: метаболизам на триацилглицероли, бета оксидација на масни киселини, кетогенеза, биосинтеза на масни киселини, биосинтеза на триацилглицероли, биосинтеза на холестерол, биосинтеза на фосфолипиди, биосинтеза

		на гликолипиди, катаболизам на холестерол. Метаболизам на простагландини. Структура и метаболизам на липопротеини. **4. Метаболизам на јаглехидрати** Резултати од учење: Ќе се запознаат со метаболните процеси на јаглехидратите: гликолиза (аеробна и анаеробна), гликонеогенеза, пентозофосфатен циклус, гликогенеза, гликогенолиза. **5. Оксидативна декарбоксилација на пируват во Ацетил – КоА** Резултати од учење: Ќе се запознаат со процесот на Оксидативна декарбоксилација на пируват во Ацетил – КоА, како и другите можни судбини на пируватот во метаболизмот на човечкиот организам. Состав на пируват дехидрогеназниот мултиензимски комплекс и регулација на неговата активност. **6. Циклус на лимунска киселина** Резултати од учење: Ќе се запознаат со реакциите во циклусот кој преставува крстосница на сите метаболни процеси во организмот, енергетскиот придонес, регулација на циклусот и улога на циклусот на лимунска киселина во поврзување на метаболизмот на јаглехидратите, липидите и аминокиселините. **7. Респираторен ланец, оксидативна фосфорилација и биосинтеза на АТП** Резултати од учење: Ќе се запознаат со оксидо-редукциските реакции, редокс системи, редокс потенцијал, енергетско значење на респираторниот синџир, механизам на оксидативна фосфорилација, регулација на клеточното дишење. **8. Метаболизам на пурини и пиримидини** Резултати од учење: Ќе се запознаат со структурата, улогата и значењето на нуклеотидите, процесот на нивно варење, метаболизам на пурински нуклеотиди, метаболизам на пиримидински нуклеотиди, како и нарушувања во нивниот метаболизам. **9. Метаболизам на хемоглобин** Резултати од учење: Ќе се запознаат со синтезата на хем и хемоглобин, катаболизмот на хемоглобинот и нарушување во метаболизамот на хемоглобин. **10. Интеррелација на метаболните патишта и анаплеротски реакции** Резултати од учење: Ќе се запознаат нтеграција на метаболните патишта во клетката, централна улога на циклусот на лимонска киселина, врска со катаболизмот на јаглехидрати, липиди и аминокиселини. Интеррелација на метаболните патишта: гликолиза и глуконеогенеза - регулација и поврзаност, липогенеза и бета-оксидација - взаемна зависност, катаболизам на аминокиселини и вклучување во ЦЛК, рибозо-5-фосфат пат и нуклеотидна биосинтеза. Анаплеротски реакции: главни реакции кои го надополнуваат ЦЛК со интермедиери, катаплеротски реакции - излез на интермедиери од ЦЛК за биосинтеза, баланс меѓу анаплероза и катаплероза. Регулација: алостерична контрола на ензимите во ЦЛК, хормонална регулација (инсулин, глукагон, адреналин), енергетски статус на клетката (ATP/ADP, $NADH/NAD^+$ сооднос). **Семинари - IV семестар** **1. Биохемија на црн дроб и ксенобиотици**

		Резултати од учење: Ќе се запознаат со функциите на црниот дроб: метаболни, детоксикациски, синтетички, складишни и улога во одржување на хомеостаза. Метаболизам во црниот дроб: Јаглехидрати: гликогенеза, гликогенолиза, глуконеогенеза, Липиди: синтеза и оксидација на масни киселини, кетогенеза, липопротеини, Протеини и аминокиселини: трансаминација, дезаминација, уреа циклус, Витамини и минерали: складирање и метаболизам. Биосинтетички функции: синтеза на плазматски протеини (албумин, коагулациони фактори, транспортни протеини), синтеза на жолчка и жолчни соли. Ксенобиотици и детоксикација-дефиниција за ксенобиотици (лекови, токсини, хемикалии), Биотрансформација: Фаза I реакции – оксидација, редукција, хидролиза (цитохром P450 систем), Фаза II реакции – конјугација (глукуронидација, сулфатација, ацетилација, метилација, глутатион конјугација). Лекови и индуцирани оштетувања на црн дроб. **2. Биохемија на бубрези и ацидо-базна рамнотежа** Резултати од учење: Ќе се запознаат со функциите на бубрезите: екскреторна – формирање урина и екскреција на крајни метаболити, регулаторна – регулација на рамнотежа на телесни течности и електролити, ендокрина, метаболна функција на бубрезите и улога во регулација на ацидо-базната рамнотежа. Ацидо-базна рамнотежа Ќе се запознаат со Физиолошки pH и негово значење, Пуферски системи: бикарбонатен, фосфатен, протеински пуфер, улога на бубрезите во одржување на pH. Ќе се запознаат и со нарушувања на ацидо-базната рамнотежа: метаболна и респираторна ацидоза: причини, лабораториски наоди, метаболна и респираторна алкалоза: причини, лабораториски наоди, компензација на нарушувањата преку пуферските системи, бубрезите и респираторниот систем. **3. Биохемија на нервно ткиво** Резултати од учење: Ќе се запознаат со основните метаболни карактеристики на нервното ткиво. Невротрансмитери и нивен метаболизам:: ацетилхолин, катехоламини (допамин, норадреналин, адреналин), серотонин, ГАБА, глутамат, глицин, аспартат, пептидни невротрансмитери како и механизмите на синтеза, складирање, ослободување и инактивација на невротрансмитерите. **4. Биохемија на телесни течности** Резултати од учење: Ќе се запознаат со главните биохемиски карактеристики на крвта, процесот на коагулација на крвта, биохемиските карактеристики на урината, плунката и цереброспиналната течност. **5. Слободни радикали и антиоксиданси** Резултати од учење: Ќе знаат дефиниција за слободни радикали, хемиски особини и нестабилност на слободните радикали, како и нивно значење во биолошките системи. Ќе се запознаат со биохемиското потекло на слободните радикали, ендогени и егзогени извори, видови на слободни радикали: реактивни кислородни радикали, реактивни азотни радикали, механизми на нивно дејство: липидна пероксидација и оштетување на мембрани, оксидативни модификации на протеини, оштетување на ДНК и мутации, нарушување на ензимската активност. Оксидативен стрес. Антиоксидативна одбрана; ензимски антиоксиданти: супероксид

		дисмутаза, каталаза, глутатион пероксидаза, неензимски антиоксиданти: витамин Е, витамин Ц, каротеноиди, глутатион, уратна киселина.Улога на слободни радикали во патогенеза на болести: атеросклероза и кардиоваскуларни заболувања, дијабетес мелитус и компликации, невродегенеративни болести (Алцхајмерова, Паркинсонова), малигни заболувања, хронични воспалителни состојби. **Практична настава IV семестар:** **1. Липиди –** принцип на ензимско определување на триглицериди и определување на концентрацијата на холестерол со CHOD/PAP метод, реефрентни вредности и клиничко значење. **2. Липопротеини** – HDL и LDL холестерол, електрофореза на липопротеини на целулоза ацетат, определување на HDL холестрол со фотометриска директна меода, математичко пресмтеување на LDL холестерол. **3. Одредување на концентрација на глукоза –** нормогликемија и фактори кои ја регулираат, гликозилиран хемоглобин, ОГТТ, клиничко значење. определување на концентрацијата на глукоза во крв со GOD/PAP метод, определување на концентрацијата на гликозилиран хемоглобин со хроматографско-спектрофотометриска метода. **4. Определување на концентрација на гликоген во црн дроб од стаорец спред методот на SIU LO** – добивање екестракт од црн дроб на стаорец, фотометриско определување на концентрација на глукоза по хидролиза на гликогенот, пресметување на концентрација на гликоген. **5. Хроматографија** – основен принцип на хроматографските методи, типови хроматографски техники, хартиена хроматографија, сепарација на смеса од шеќери со кружна хартиена хроматографија. **6. Одредување на концентрација на непротеински азотни соединенија во серум и урина: уреа, кретаинин и уратна киселина** – непротеински азотни соединенија, определување на концентрација на уреа со ензимска метода, определување на концентрација на мочна киселина со ензимска колориметриска метода, креатин и креатинин, дефиниција за клиренс, определување на концентрација на креатинин преку модифицирана кинетичка метода на Jaffe. **7. Биолошки оксидации -** определување на концентрација на каталитичка активност на сукцинат дехидрогеназа и каталаза **8. Ацидо-базна рамнотежа –** регулација на ацидо-базната рамнотежа: пуферни системи, респираторен систем, бубрези, пореметување на ацидо-базната рамнотежа, параметри на ацидо-базната рамнотежа и определување на концентрација на бкарбонати (вкупен CO_2) во серум со титриметриски метод по Van Slyke **9. Биохемиско-лабораториска анализа на урина –** формирање и состав на урина, рутински преглед на урина: опис на физичко-хемиски карактеристика на урина, хемиска анализа на уринатa и преглед на седимент на урина. Испитување на урина со тест траки. **10. Уринарни протеини и нивно биохемиско значење** – протеинурии-поделба на протеинурии според количество на

<table>
<tr><td></td><td></td><td colspan="3">излачени протеини и според тип на излачени протеини во урина. Определување на концентрација на вкупни протеини во урина според методот на Meulemans и сепарација на уринарни протеини со градиентна (4-22%) SDS-PAGE.
11. Определување на каталитичка концентрација на ензими значајни во дијагноза на одредени заболувања – определување на активноста на аланин и аспартат аминотрансфераза (AST и ALT) во серум и нивно дијагностичко значење.</td></tr>
<tr><td>13</td><td>Заемна поврзаност на предметите</td><td colspan="3">Поврзан со сите предмети од студиската програма
Положен испит по Медицинска биохемија е предуслов за слушање на предметот Клиничка Биохемија.</td></tr>
		на урогениталниот тракт во склоп на клиничките манифестации. Ќе знаат да изберат репрезантитативен примерок, микробиолошко испитување, правилно да го интерпретираат резултатот и рационално определат терапија. 4. Микробиолошки аспекти на инфекции на меки ткива (рани, кожа, мускули) коски, инфекции локализирани на централниот нервен систем, септични состојби и слабо вирулентни, Грам негативни бактерии кои предизвикуваат ендокардитис Група "HACEK": (*Haemophilus spp, Agregatibacter actinomicetemcomitans, Cardiobacterium hominis, Eikenella corrodens, Kingella kingae*). Резултати од учење: Студентите ќе се оспособат да ги препознаваат можните причинители на инфекции на меки ткива (рани, кожа, мускули) коски, инфекции локализирани на централниот нервен систем, септични состојби, ендокардити, во склоп на клиничките манифестации. Ќе знаат да изберат репрезантитативен примерок, микробиолошко испитување, правилно да го интерпретираат резултатот и рационално определат терапија. 5. Причинители на интрахоспитални инфекции Карактеристики и значење на интрахоспиталните инфекции. Резултати од учење: Студентите ќе се оспособат да ги препознаваат можните причинители на интрахоспиталните инфекции. Правилно и навремено откривање на причинителите, употреба на соодветна терапија, следење и превенција. Ќе ги знаат карактеристиките и значењето на интрахоспиталните инфекции. Ќе знаат да изберат репрезантитативен примерок за микробиолошко испитување и правилно да го интерпретираат резултатот. 6. Примарно хепатотропни вируси (*Hepatovirus - Hepatitis A, Hepeviridae - Hepatitis E virus, Hepadnaviridae - Hepatitis B, Hepatitis D virus, Flaviviridae - Hepatitis C virus,);Herpesviridae ;* Резултати од учење: Студентите ќе ги научат примарно хепатотропните вируси во склоп на клиничките манифестации и лабораториски наоди. Ќе ги знаат вирусите од фамилиите *Herpesviridae,* нивниот патоген потенцијал, патогенезата, епидемиологија, клиничка слика, лабораториска дијагноза, специфична плофилакса, и терапија. 7. Микробиолошки аспекти на габични инфекции (квасници, мувли) Резултати од учење: Студентите ќе се оспособат да ги препознаваат можните габични причинители на инфективните болести во склоп на клиничките манифестации. Ќе знаат да изберат репрезантитативен примерок, микробиолошко, правилно да го интерпретираат резултатот и рационално определат терапија. 8. Микробиолошки аспекти на инфекции предизвикани од протозои, хелминти и медицинска ентомологија. Резултати од учење: Студентите ќе се оспособат да ги препознаваат можните причинители на паразитозите во склоп

		на клиничките манифестации. Ќе знаат да изберат репрезантитативен примерок, паразитолошко испитување и правилно да го интерпретираат резултатот. **Практична настава V семестар (42 часа)** 1. Микробиолошка дијагноза на инфекции предизвикани од пиогени коки (*Staphylococcus, Streptococcus, Neisseria, Moraxella*). Обработка на клинички случаи. 2. Микробиолошка дијагноза на инфекции локализирани на респираторниот тракт (*Haemophilus, Bordetella, Corynebacterium, Legionella*). Обработка на клинички случаи. 3. Микробиолошка дијагноза на инфекции на уринарен тракт (*E.coli, Klebsiella, Proteus, Pseudomonas, Acinetobacter*) Обработка на клинички случаи. 4. Микробиолошка дијагноза на генитални и сексуално пренесувачки инфекции (*N.gonnorhoeae, T.pallidum, Chlamydia, Mycoplasma, H.ducrey, Gardnerella vaginalis* Обработка на клинички случаи. 5. Микробиолошка дијагноза на инфекции на гастроинтестинален тракт (*Salmonella, Shigella, Campylobacter, Helicobacter*) Обработка на клинички случаи. 6. Микробиолошка дијагноза на инфекции предизвикани од спирални бактерии (*Treponema*, *Borrelia, Leptospira),* и *Mycobacterium tuberculosis* Обработка на клинички случаи. 7. Микробиолошка дијагноза на интрахоспотални инфекции. Толкување на резултати од нежива средина, воздух, раце. Правилно миење на раце. Обработка на клинички случаи. 8. Микробиолошка дијагноза на анаеробни инфекции (*Bacillus, C.tetani, C.perfringens, C.botulinum, C.difficile, Bacteroides*) Обработка на клинички случаи. 9. Лабораториска дијагноза на вирусни инфекции (*Influenza virus, Morbilli virus, Rubella virus,Parotitis virus, HPV, HIV, Corona virusi, Herpes virusi, и др)* Обработка на клинички случаи. 10. Лабораториска дијагноза на инфекции предизвикани од хепатотропни вируси . Обработка на клинички случаи. 11. Микробиолошка дијагноза на инфекции предизвикани од медицински значајни габи. Квасници: *Candida albicans* и *Candida non albicans, Cryptococcus neoformans;* Обработка на клинички случаи. 12. Микробиолошка дијагноза на инфекции предизвикани од медицински значајни мувли: *Aspergillus spp,* Дерматофити (*Trichophyton, Microsporum, Epidermophyton*) Обработка на клинички случаи. 13. Микробиолошка дијагноза на инфекции предизвикани од медицински значајни протозои. Обработка на клинички случаи. 14. Микробиолошка дијагноза на инфекции предизвикани од медицински значајни хелминти. Обработка на клинички случаи.

<table>
<tr><td>13</td><td>Заемна поврзаност на предметите</td><td colspan="3">Поврзан со сите предмети од студиската програма</td></tr>
<tr><td>14.</td><td>Детален опис на наставните и работните методи за предметот</td><td colspan="3">Интерактивни предавања, реализирање семинари со претходно зададени теми, вежби.</td></tr>
<tr><td>15.</td><td>Вкупен расположив фонд на време</td><td colspan="3">315</td></tr>
<tr><td rowspan="4">16.</td><td rowspan="4">Форми на наставните активности</td><td>16.1.</td><td>Предавања- теоретска настава. часови</td><td>20+34</td></tr>
<tr><td>16.2.</td><td>Семинари</td><td>20 +20</td></tr>
<tr><td>16.3.</td><td>Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови</td><td>39+42</td></tr>
<tr><td>16.4.</td><td>Пракса: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td rowspan="3">17.</td><td rowspan="3">Други форми на активности</td><td>17.1.</td><td>Проектни задачи: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td>17.2.</td><td>Самостојни задачи: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td>17.3.</td><td>Домашно учење - задачи</td><td>140</td></tr>
<tr><td>18.</td><td>Услови за потпис</td><td colspan="3">За да добие потпис, студентот треба да освои минимум бодови од посета на теоретска и практична настава.

* теоретска настава (предавања)
Услов за потпис е присуство на најмалку 30% од предавањата за секој модул соодветно
од 30% до 40% = 1бод
над 40 до 60=2 бода
над 60% =3,5 бода

**практична настава - активно присуство (0,5 бода, вкупно 13,5 за 27 вежби: 6,5 за модул 1 и 7 за модул 2)
Дозволени се по 2 отсуства од вежби за секој модул поединечно
Дозволено е колковирање на максимум 2 вежби (со оправдани отсуства) за секој модул поединечно

***теоретска настава - семинари
Активност на еден семинар носи 0,4 бода.
Услов за потпис е присуство на најмалку 30% семинари за секој модул соодветно

За да пристапи кон завршниот испит студентот треба да освои минимум 60% од континуираните проверки за секој модул соодветно.</td></tr>
<tr><td>19.</td><td colspan="4">Начин на оценување: Оценката за предметот се формира според табелата на оценки, а врз основа на збирот на бодовите од сите активности, континуираните проверки, семинари и завршниот испит
<table>
<tr><th>Вид на активност</th><th>Мин - макс</th></tr>
<tr><td>Теоретска настава*</td><td>1-3,5</td></tr>
<tr><td>Практична настава**</td><td>11,5- 13,5</td></tr>
<tr><td>Семинари***</td><td>1.5 - 6</td></tr>
</table>
</td></tr>
</table>

		Континуирани проверки К1 К2		6 - 10 6 - 10	
		Завршен испит	Усмен испит	24-40	
			Практичен тест / испит	10 - 17	
		Вкупно		**60-100**	
	19.1.	Континуирана проверка: бодови **К1** 6 - 10 **К2** 6 - 10		**12 - 20**	
	19.2.	Тестови: бодови			
	19.3.	Семинари		Семинарите се дел од теоретската настава и ќе се одржуваат во термини и со содржини објавени со распоредот на почетокот на семестарот, а ќе бидат задолжителни за студентите. Присуството и ангажираноста на студентите во семинарите ќе се евидентира и бодира, а освоените бодови ќе влезат во крајната оценка за предметот.	
	19.4.	Завршен испит: бодови Интегративен усмен испит: две прашања од модул 1 и две прашања од модул 2 Вкупно 24- 40 интегративен практичен испит Вкупно 10 - 17		34 - 57	
20.	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 59 бода	5 (пет) F	
			од 60 до 68 бода	6 (шест) E	
			од 69 до 76 бода	7 (седум) D	
			од 77 до 84 бода	8 (осум) C	
			од 85 до 92 бода	9 (девет) B	
			од 93 до 100 бода	10 (десет) A	
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		Студентска анонимна евалуација за предметот, наставниците и соработниците кои учествуваат во изведувањето на наставата.		

22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Р. бр	Автор	Наслов	Издавач	Година

		1	Grinvud D. so sorabotnici Preveduva~i: prof. д-r Nikola Panovski, prof. д-r Milena Petrovska, prof. д-r Ka}a Popovska i prof. д-r Elena Trajkovska-Doki}	"Medicinska Mikrobiologija"	17-to izdanie 2006, prevedeno 2011 vo ramkite na proektot na Vladata na R. Makedonija za prevod na stru~ni i nau~ni knigi	2006
		2	Проф. д-р Пановски Никола и соработници.	Медицинска микробиологија – општ дел	Катедра по микробиологија и паразитологија	2011
		3	Panovski Nikola i sorabotnici. 2011	"Medicinska Mikrobiologija - специјален дел"	Katedra po mikrobiologija i parazitologija	2011
		4	Проф. д-р Milena Petrovska i sorabotnici	Praktikum po medicinska mikrobiologija i parazitologija	Katedra po mikrobiologija i parazitologija	petto izdanie, 2010
	22.2.	Дополнителна литература				
		Р. бр	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1	Jawetz E, Melnik Il, Adelberg EA.	Medcal micioborlogy	"Савремена Администрација" Белград	21 th ed., 2004

Ред.број:20

Прилог бр. 3		**Предметна програма од интегриран (прв и втор) циклус на студии**
1.	Наслов на наставниот предмет	**ОСНОВИ НА НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА**
2.	Код	ОМ26 224
3.	Студиска програма	Прв и втор циклус шестгодишни интегрирани академски студии по општа медицина
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	УКИМ – Медицински факултет Катедра за Интерна медицина
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус

6.	Академска година / семестар	Година	Втора (II)	Семестар	Четврт (IV)
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	2			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Одговорен наставник Проф. д-р Марија Вавлукис *учествуваат наставници наведени во Табела 8			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	За слушање на предметот треба треба потпис од предметот Информатика и биостатистика За полагање на предметот треба да бидат положен предметот Информатика и биостатистика			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	**Цели на предметната програма** Студентите преку овој предмет стекнуваат способности за: - Идентификување и формулирање на истражувачко прашање - Научно и етичко размислување и одлучување - Академска и методолошка подготовка за спроведување истражувања - Критичка анализа на клинички информации и нивна интеграција во решавање на случаи **Компетенции што ги развива предметот** **Клинички и академски компетенции** - Разбирање на научниот метод и неговата примена во медицината - Примена на медицина базирана на докази **Аналитички и когнитивни компетенции** - Проблем ориентирано размислување - Дефинирање на истражувачко прашање, цели и хипотеза **Практични и комуникациски компетенции** - Тимска работа и групна анализа - Комуникација со колеги, пациенти и здравствен персонал **Образовни и методолошки компетенции** - Критичко размислување и евалуација на информации - Пишување и читање научни трудови - Етичко размислување и одговорно однесување во науката			
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од	**Теоретска настава:** - Вовед во предметот - Наука-дефиниција, историја на науката, - Научен метод, - Дизајн на истражувања во биомедицинските науки - Медицина базирана на докази и нејзината примена - Користење на биомедицински бази на податоци			

	учење за секое поглавје	- Етика во научно-истражувачка работа и одговорно однесување во науката - Како да се напише труд од оригинално истражување (градба-структура на напишан научен, стручно-научен труд), - Како да се чита труд (критичка анализа на научен труд) **Вежби:** - Вежба 1. Како да се одбере тема за научно истражување (вклучително пребарување на литература со користење на клучни зборови), - Вежба 2. Планирање и организирање на научно-истражување (вежбање на неколку зададени предмети на истражување со цел да се продискутираат различни дизајни на истражувања), - Вежба 3. Дефинирање на истражувачко прашање, цели на истражување, хипотеза/и, методологија на истражување: критериуми за вклучување/исклучување; зависни и независни обележја.....) - Вежба 4. Пишување и читање на научен труд (основи структурни делови на научен труд и критичка анализа на трудот-вежбање на зададен труд), - Вежба 5. Етика во науката – вежбата се изведува во вид на панел дискусија на зададени примери кои се однесуваат на научната чесност (плагијаторство, фабрикација, фалсификаторство, неделивост на резултати, итн), како и на етиката во биомедицинските науки (етички принципи при истражувања на луѓе и животни), Секоја вежба завршува со квиз со пет прашања од обработуваната тема **Семинар:** самостојна работа на зададена тема и групна дискусија (секој студент индивидуално работи задача на зададена тема: пишување абстракт од зададен труд, дизајнирање на истражување на дадено истражувачко прашање и сл.)
13	Заемна поврзаност на предметите	Поврзан со сите предмети од студиската програма
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	- Интерактивни предавања, на зададените теми - Вежби – студентите имаат пет вежби на зададените теми, присуството на сите пет вежби е задолжително, секоја вежба завршува со квиз од пет прашања, при што секое прашање носи 1.5 поен. За да се смета квизот за положен, односно совладана материјата од вежбата студентот треба да има најмалку 3 точни одговори. Овие поени се вклучени во кумулативното вреднување на активностите на студентот. - Семинар (1 семинар во траење од 3 часа со индивидуална работа на зададена тема: пишување абстракт од зададен труд, дизајнирање на истражување на дадено истражувачко прашање и сл.). Семинарот треба да покаже колку студентите успешно ја совладале материјата од предавањата и вежбите. Истиот носи 4-6 поени. - Проектна задача е дел од индивидуалната работа, истата не е задолжителна, но доколку реши студентот треба да се пријави на почетокот на наставата. Проектната задача е по менторски тип, темата ја задава еден од наставниците кои ја реализираат наставата, и се вреднува со 3-5 поени.
15.	Вкупен расположив фонд на време	60 часа

<table>
<tr><td rowspan="4">16.</td><td rowspan="4">Форми на наставните активности</td><td>16.1.</td><td>Предавања - теоретска настава. часови</td><td>12 часа</td></tr>
<tr><td>16.2.</td><td>Семинар</td><td>3 часа</td></tr>
<tr><td>16.3.</td><td>Вежби</td><td>15 часа</td></tr>
<tr><td>16.4.</td><td>Пракса: часови</td><td></td></tr>
<tr><td rowspan="3">17.</td><td rowspan="3">Други форми на активности</td><td>17.1.</td><td>Проектни задачи: часови</td><td>10 часа</td></tr>
<tr><td>17.2.</td><td>Самостојни задачи: часови</td><td></td></tr>
<tr><td>17.3.</td><td>Домашно учење - задачи</td><td>20 часа</td></tr>
<tr><td>18.</td><td>Услови за потпис</td><td colspan="3">За да добие потпис, студентот треба да освои минимум бодови од посета на теоретска, практична настава и семинари.

<table>
<tr><th colspan="2">Вид на активност</th><th>Бодови</th></tr>
<tr><td colspan="2">Теоретска настава</td><td>4-6</td></tr>
<tr><td colspan="2">Практична настава</td><td>4-6</td></tr>
<tr><td colspan="2">Семинар</td><td>2.5-5.5</td></tr>
<tr><td colspan="2">Континуирани проверки</td><td>22.5-37.5</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Завршен испит</td><td>Писмен дел</td><td>27-45</td></tr>
<tr><td>Практичен дел</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">Вкупно</td><td>60-100</td></tr>
</table></td></tr>
<tr><td rowspan="5">19.</td><td colspan="4">Начин на оценување: Оценката за предметот се формира според табелата на оценки, а врз основа на збирот на бодовите од сите активности, континуираните проверки, семинари и завршниот испит</td></tr>
<tr><td>19.1.</td><td colspan="2">Континуирана проверка: бодови</td><td>22.5-37.5</td></tr>
<tr><td>19.2.</td><td colspan="2">Тестови: бодови</td><td></td></tr>
<tr><td>19.3.</td><td colspan="2">Семинар</td><td>2.5-5.5</td></tr>
<tr><td>19.4.</td><td colspan="2">Завршен испит: бодови</td><td>27-45</td></tr>
<tr><td rowspan="6">20.</td><td colspan="2" rowspan="6">Критериуми за оценување (бодови/ оценка)</td><td>до 59 бода</td><td>5 (пет) F</td></tr>
<tr><td>од 60 до 68 бода</td><td>6 (шест) E</td></tr>
<tr><td>од 69 до 76 бода</td><td>7 (седум) D</td></tr>
<tr><td>од 77 до 84 бода</td><td>8 (осум) C</td></tr>
<tr><td>од 85 до 92 бода</td><td>9 (девет) B</td></tr>
<tr><td>од 93 до 100 бода</td><td>10 (десет) A</td></tr>
<tr><td>21.</td><td colspan="2">Метод на следење на квалитетот на наставата</td><td colspan="2">Студентска анонимна евалуација за предметот, наставниците и соработниците кои учествуваат во изведувањето на наставата.</td></tr>
<tr><td rowspan="5">22.</td><td colspan="5">Литература</td></tr>
<tr><td rowspan="2">22.1.</td><td colspan="4">Задолжителна литература</td></tr>
<tr><td>Ред. број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Георгиевска-Исмаил Љ. уредник (група автори)</td><td>Основи на научноистражувачка работа</td><td>Медицински факултет</td><td>2022</td></tr>
<tr><td rowspan="2">22.2.</td><td colspan="4">Дополнителна литература</td></tr>
<tr><td>Ред. број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година</td></tr>
</table>

		1.	Авторизирани предавања			

Ред.број: 21

Прилог бр.3		**Предметна програма од интегриран (прв и втор) циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	**ПАТОЛОГИЈА**			
2.	Код	ОМ26 311			
3.	Студиска програма	Прв и втор циклус шестгодишни интегрирани академски студии по општа медицина			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	УКИМ – Медицински факултет Катедра за патологија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	Трета (III)	Семестар	Петти (V) и шести (VI)
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	17			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Раководител на катедрата за патологија Проф. д-р Магдалена Богдановска Тодоровска *Наставата ја изведуваат сите наставници на Катедрата по патологија			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	За слушање - положени испити од Морфологија и физиологија на клетка, Анатомија, Анатомија на глава и врат, Хистологија и ембриологија За запишување на предметот Патологија во 6. семестар потребен е потпис од предметот Патологија од 5. семестар			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето	- Студентот да стекне знаење за причините и основните етиопатогенетски механизми за настанување на болестите; - да ги разбере структурните и функционалните промени во клетките, ткивата и органите во различни процеси на болеста со примена на рутинските морфолошки и современите молекуларни дијагностички техники.			

		- Студентот да стекне знаење за дијагностичките критериуми за дефинирање на процесот на болеста, за прогностичките фактори на болеста и за улогата на патологијата во дијагностичкиот процес. - Студентот да стекне знаење за основните методи на земање примероци од ткиво во патологијата (биопсија, хируршка ресекција, обдукција) и за основните методи на испитување што се користат на примероци од клетки, ткива и органи (основно боење, хистохемиски, имунохистохемиски боења, имунофлуоресценција, електронска микроскопија и молекуларно-генетски методи) врз основа на кои се поставува дијагноза и се планира терапија. - Студентот да стекне знаење за макроскопските и хистопатолошките промени на ткивата и органите кај болестите на сите системи. - Студентот да стекне знаење за основните манифестации на болестите и за морфолошка дијагностика на болестите.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Теоретска настава (предавања и семинари) 135 часа** ***Модул Општа патологија:*** - Клеточно оштетување, адаптиации и смрт - Хемодинамски пореметувања, тромбоза и шок - Акутни и хронични воспаленија - Ткивна регенерација и репарација - Специфични воспаленија - Генетски заболувања - Имунопатологија - Патологија на животното опкружување и исхраната - Патологија на туморскиот раст ***Модул Специјална патологија:*** - Патологија на ретикулоендотелен систем - Патологија на кардиоваскуларен систем - Патологија на респираторен систем - Патологија на дигестивен систем - Патологија на црн дроб, жолчни патишта и панкреас - Патологија на уринарен систем - Патологија на града - Патологија на ендокрин систем - Патологија на централен и периферен нервен систем - Патологија на генитален систем - Перинатална патологија - Патологија на кожа - Патологија на локомоторен систем **Практична настава:** Да се совладаат базични дијагностички вештини со практична примена на стекнатото теоретско знаење. Да се совладаат вештините за дисекција и макроскопска анализа на оперативни примероци, микроскопска анализа и дијагностика на хистопатолошки препарати. Да се совладаат мануелните вештини на аутопсијата со определување на основната болест, компликациите од основната болест и непосредна причина за смрт.

<table>
<tr><td>13</td><td>Заемна поврзаност на предметите</td><td colspan="3">Поврзан со сите предмети од студиската програма</td></tr>
<tr><td>14.</td><td>Детален опис на наставните и работните методи за предметот</td><td colspan="3">Интерактивни предавања, вежби, реализирање семинари со претходно зададени теми.</td></tr>
<tr><td>15.</td><td>Вкупен расположив фонд на време</td><td colspan="3">510</td></tr>
<tr><td rowspan="4">16.</td><td rowspan="4">Форми на наставните активности</td><td>16.1.</td><td>Предавања - теоретска настава. часови</td><td>125</td></tr>
<tr><td>16.2.</td><td>Семинари</td><td>10</td></tr>
<tr><td>16.3.</td><td>Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови</td><td>120</td></tr>
<tr><td>16.4.</td><td>Пракса: часови</td><td></td></tr>
<tr><td rowspan="3">17.</td><td rowspan="3">Други форми на активности</td><td>17.1.</td><td>Проектни задачи: часови</td><td></td></tr>
<tr><td>17.2.</td><td>Самостојни задачи: часови</td><td></td></tr>
<tr><td>17.3.</td><td>Домашно учење - задачи</td><td>255</td></tr>
<tr><td>18.</td><td>Услови за потпис</td><td colspan="3">За да добие потпис, студентот треба да освои минимум бодови од посета на теоретска и практична настава (1 бод од присуство на теоретска настава и 10 бода од присуство на практична настава).

** Практична настава: Студентот има право на отстуство од две вежби.</td></tr>
<tr><td>19.</td><td colspan="4">Начин на оценување: Оценката за предметот се формира според табелата на оценки, а врз основа на збирот на бодовите од сите активности, континуираните проверки, семинари и завршниот испит
<table>
<tr><td colspan="2">Вид на активност</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">Теоретска настава</td><td>1-2</td></tr>
<tr><td colspan="2">Практична настава</td><td>10-12</td></tr>
<tr><td colspan="2">Семинари</td><td>0-3</td></tr>
<tr><td colspan="2">Континуирани проверки</td><td>19- 33</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Завршен испит</td><td>Усмен дел</td><td>15-25</td></tr>
<tr><td>Практичен дел</td><td>15-25</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вкупно</td><td>100</td></tr>
</table>
</td></tr>
<tr><td></td><td>19.1.</td><td>Континуирана проверка: бодови</td><td colspan="2">Мин.-макс.
Колоквиуми бодови 24 – 40

Колоквиуми писмен тест:
Ги опфаќа областите од општа и специјална патологија поделени во 3 колоквиуми:
Колоквиум 1 - ги опфаќа областите од општа патологија (клеточно оштетување, адаптација и смрт, хемодинамски</td></tr>
</table>

			пореметувања, акутни и хронични воспаленија, ткивна регенерација и репарација, специфични воспаленија, имунопатологија и патологија на туморскиот раст). Колоквиум 2 - ги опфаќа областите од специјална патологија (патологија на ретикулоендотелен систем, патологија на кардиоваскуларен систем, патологија на респираторен систем, патологија на гастроинтестинален систем и патологија на црн дроб, жолчни патишта и панкреас). Колоквиум 3 - ги опфаќа областите од специјална патологија (патологија на уринарен систем, патологија на града, патологија на ендокрин систем, патологија на централен нервен систем, патологија на генитален систем, патологија на кожа и патологија на локомоторен систем).
	19.2.	Тестови: бодови	
	19.3.	Семинари	
	19.4.	Завршен испит: бодови	мин.-макс. Усмен дел* бодови 15 – 25 Практичен дел** бодови 15 – 25 **За да пристапи на завршен испит, студентот треба прво да оствари право на потпис и да ги положи тестовите предвидени за континуирана проверка (да освои најмалку 60% од вкупниот број бодови на тестот). Во испитната сесија, прво ја полага неположената континуирана проверка, а потоа пристапува кон завршен испит.** ***Усмен испит (интегративен)** Прашања од сите области опфатени со предметната програма за општа и специјална патологија ****Практичен дел (според каталог на вештини):** микроскопска анализа и дијагноза на 6 хистолошки препарати, аутопсија или дисекција и макроскопска анализа на оперативни примероци со теоретска дискусија по конкретната проблематика.

				Студентот е должен да освои минимум од предвидените бодови за секој дел од испитот посебно. Во спротивно, испитот се смета за неположен.
20.	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 59 бода	5 (пет) F
			од 60 до 68 бода	6 (шест) E
			од 69 до 76 бода	7 (седум) D
			од 77 до 84 бода	8 (осум) C
			од 85 до 92 бода	9 (девет) B
			од 93 до 100 бода	10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		Студентска анонимна евалуација за предметот, наставниците и соработниците кои учествуваат во изведувањето на наставата.	
22.	Литература			
	22.1.	Задолжителна литература		

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	Кумар, Абас, Фаусто, Астер (уредници)	Робинс и Котран: Патолошки основи на болестите	Арс Ламина, Скопје	2015
2.	Катедра по патологија – група автори	Практикум за хистопатолошки вежби	Медицински факултет, УКИМ, Скопје	2008

22.2.	Дополнителна литература			
Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	Kumar V, Abbas AK, Aster JC.	Robbins and Cotran Pathologic Basis of Disease. 10th ed.	Sounders Elsevier, Philadelphia	2020
2.	Робинс и Котран	Патолошки атлас	Saunders Elsevier Академски печат	2006 2010

		3.	Kumar V, Abbas AK, Fausto N, Aster JC. (Eds.)	Robbins and Cotran Pathologic Basis of Disease. 8th ed.	Sounders Elsevier, Philadelphia	2010

Ред.број: 22

Прилог бр. 3		**Предметна програма од интегриран (прв и втор) циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	**ПАТОФИЗИОЛОГИЈА**			
2.	Код	ОМ26 312			
3.	Студиска програма	Прв и втор циклус шестгодишни интегрирани академски студии по општа медицина			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	УКИМ – Медицински факултет Катедра за патофизиологија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	Трета (III)	Семестар	Петти (V) и шести (VI)
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	11			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Раководител на катедрата за патофизиологија и одговорен наставник: проф. д-р Венјамин Мајсторов * во наставата учествуваат сите наставници, научни соработници и асистенти на катедрата			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	За слушање на предметот добиени потписи по предметите Физиологија и Медицинска биохемија и положени испити од предметите Анатомија, Анатомија на глава и врат, Хистологија и ембриологија. За запишување на предметот Патофизиологија во 6. семестар потребен е потпис од предметот Патофизиологија од 5. Семестар За полагање на предметот положени испити по Медицинска биохемија и Физиологија			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и	**Цели на предметната програма** Студентот да стекне и развие разбирање за механизмот на настанување на болестите и изменетите реакции на човечкото тело			

	резултати од учењето	при настанување на промени во неговата надворешна и внатрешна средина. Студентот ќе може да ги примени стекнатите знаења во анализа, интерпретирање и решавање на промените во физиологијата на човечкото тело настанати како резултат на различни надворешни и внатрешни фактори кои ја менуваат хомеостазата на организмот. **Резултати од учењето** По завршувањето на предметната програма студентот ќе биде способен да дискутира за патофизиолошките механизми на болестите и истите ќе знае да ги распознава и објасни. Студентот ќе може да ги демонстрира експерименталните и клиничките методи претставени во практичната настава, ќе може да ги идентификува главните настанати промени на експерименталниот и клиничкиот модел и да процени каков е ефектот на разните етиопатогенетски фактори. Исто така ќе биде способен да направи синтеза на стекнатите теоретски знаења со практичните знаења.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	Теоретска настава –предавања и семинари **Модул 1 Општа патофизиологија** **1. Поглавје-** Предмет, методи и значење на патофизиологијата**.** Општа етиологија и патогенеза. - методска единица: Здравје, болест, смрт Резултати од 1-во поглавје-студентот ќе може да дефинира што е здравје и болест, кои се симптоми на болеста и како се делат, да ги разликува фазите и стадиумите на болеста. **2. Поглавје –**Дејство на физичкиот етиолошки фактор - методска единица: Механички етиолошки фактор, мозочни повреди, бласт и краш синдром, давење во вода -методска единица: Дејство на електрична струја, дејство на звук, ултразвук, ласер -методска единица: Дејство на зраци-светлосни, инфрацрвени, ултравиолетови, радиоактивни зраци, дејство на атмосферски притисок -методска единица: Потреси и вибрации, забрзување, кинетози Резултати од 2-ро поглавје-студентот ќе се насочи во едукација на разните форми на дејство на механичкиот фактор (ел.струја, ултразвук, ласер, потреси и вибрации, дејство на разни видови на зраци), ќе ја изучува патофизиологијата на бласт и краш синдромот, ќе стекне знаење за дејството на потресите, вибрациите, забрзувањето и кинетозите и атмосферскиот притисок. **3. Поглавје –** Дејство на биолошкиот етиолошки фактор - методска единица: Инфекција, реакција на организмот кон инфекција, акутно фазен одговор

		Резултати од 3-то поглавје-студентот ќе се насочи во изучување на видовите на акутно фазниот одговор на организмот по системи. **4. Поглавје –**Дејство на хемискиот фактор - методска единица: Хемиски фактор-ксенобиотици, начини на навлегување и механизми на дејство во организмот Резултати од 4-то поглавје-студентот ќе се насочи во едукација на начините на дејство на хемискиот фактор, начините на неговото внесување во организмот, факторите од кои зависи дејството и процесите на биотрансформација. **5. Поглавје –**Дејство на психичкиот фактор - методска единица: Психички фактор-стрес, видови на стрес, фази на стресот и оски на стресот, психосоматски заболувања. Резултати од 5-то поглавје.-студентот ќе се насочи во едукација на механизмите на одговор на организмот при состојби на стрес. **6. Поглавје –**Патофизиологија на хипоксија - методска единица: Хипоксија-етиопатогенеза и видови на хипоксија Резултати од 6-то поглавје-студентот ќе се насочи во едукација на видовите на хипоксија и компензаторните механизми на организмот при хипоксија. **7. Поглавје** -Треска Резултати од 7-мо поглавје-студентот ќе се насочи во едукација на видовите на треска, развојните стадиуми на треската и промените во организмот при треска. **8. Поглавје –**Патофизиологија на имуниот систем - методска единица: Неспецифичен и специфичен имунитет - методска единица: Преосетливост тип 1, 2, 3 и 4 - методска единица: Имунодефицитни заболувања, автоимуност, автоимуни заболувања -методска единица: Трансплантациони реакции, тумори и имун систем Резултати од 8-мо поглавје-студентот ќе се насочи во едукација на видовите на имунитет, разните форми и реакции на преосетливост, ќе ги запознае имунодефицитните заболувања и автоимуноста, како и трансплатационите реакции и интеракцијата помеѓу туморите и имуниот систем. **9. Поглавје –**Нарушувања на енергетскиот метаболизам и метаболизмот на хранливите материи - методска единица: Нарушувања на енергетскиот метаболизам, нарушувања на базалниот метаболизам

		-методска единица: Нарушувања на метаболизмот на јагленитe хидрати, протеини и масти -методска единица: Гладување, згоеност, стареење, замор. Резултати од 9-то поглавје-студентот ќе се насочи во едукација на нарушувањата на енергетскиот метаболизам, нарушувањата на метаболизмот на протеини, масти и јаглени хидрати, како и промени кои настануваат при гладување, згоеност, замор и стареење **10. Поглавје –**Нарушувања на периферната циркулација - методска единица: Периферна циркулација Резултати од 10-то поглавје.-студентот ќе се насочи во едукација на нарушувањата на локалната циркулација-хиперемија, исхемија, тромбоза, емболија и ангиопатии. ***Модул 2 Специјална патофизиологија*** **11. Поглавје –**Патофизиологија на хематопоезниот систем -методска единица: Нарушувања на еритроцитната и леукоцитната лоза, нарушувања на хемостазата Резултати од 11-то поглавје-студентот ќе се насочи во едукација на нарушувата на еритоцитната лоза-анемија, класификација и етиопатогенеза на анемиите и полицитемиите, како и ќе стекне знаења за квантитативните и квалитативните нарушувања на леукоцитите и пореметувањата на хемостазата **12. Поглавје –**Патофизиологија на кардиоваскуларниот систем -методска единица: Нарушувања на минутниот волумен на срцето, срцева слабост -методска единива: Нарушувања на срцевите залистоци, аритмии -методска единица: Нарушувања на коронарната циркулација -методска единица: Нарушувања на артерискиот крвен притисок Резултати од 12-то поглавје-студентот ќе стекне знаење за најчестите нарушувања на минутниот волумен на срцето, ќе може да ги разликува состојбите на лево- и десносрцева слабост со нивните последици, ќе може да ги опише најчестите заболувања на срцевите залистоци, ќе биде способен да ги идентификува видовите на аритмии и нарушувањата на коронарната циркулација, ќе стекне знаење за етиопатогенезата на артериската хипертензија. **13. Поглавје –**Патофизиологија на респираторниот систем -методска единица: Нарушувања на вентилацијата-рестриктивни и опструктивни нарушувања -методска единица: Нарушувања на односот вентилација/перфузија и нарушувања на дифузијата на гасовите -методска единица: Патофизиологија на белодробната циркулација-белодробен едем, белодробна хипертензија -методска единица: нарушувања на контролата на дишење, респираторна инсуфицинеција

		Резултати од 13-то поглавје-студентот ќе може да ги дефинира рестриктивните и опструктивните нарушувања на вентилацијата, ќе се стекне со знаење за пореметувањата на односот вентилација и перфузија, ќе може да ги опише патогенетските механизми на настанување на белодробен едем и хипертензија, ќе се запознае со заболувањата на плеврата-пнеумоторакс и ателектаза, како и нарушувањта на контролата на дишењето и респираторната инсуфициенција. **14. Поглавје–**Патофизиологија на гастроинтестиналниот систем -методска единица: Нарушувања на функцијата на ждрелото, хранопроводот и желудникот -методска единица: Нарушувања на функцијата на тенкото црево, панкреасот и дебелото црево Резултати од 14-то поглавје-студентот ќе стекне знаења за најчестите нарушувања на голтањето, за нарушувањата на моторната и мукозната функција на желудникот, ќе може ја разбере патогенезата на улкусната болест и на пореметувањата на функцијата на цревната мукоза и ќе може да ги идентификува најважните нарушувања на функцијата на панкреасот и дебелото црево. **15. Поглавје –**Патофизиологија на хепатобилијарниот систем -методска единица: Нарушување на метаболните функции на црниот дроб, нарушувања во екскрецијата, составот и функцијата на жолчката, билијарна литијаза -методска единица: Нарушувања на крвниот проток-портална хипертензија и настанување на асцит, етиопатогенеза на цироза Резултати од 15-то поглавје-студентот ќе стекне знаење за пореметувањата на метаболизмот на јаглените хидрати, масти и протеини при хепаталните заболувања, ќе може да ги разликува видовите на нарушувања на метаболизмот на билирубин, ќе стекне знаење за патогенезата на нарушувањата во екскрецијата, составот и функцијата на жолчката, како и за патогенезата на порталната хипертензија и нејзините последици-развивање на цироза. **16. Поглавје –**Патофизиологија на нефроуринарниот систем -методска единица: Нарушување на концентрационата и дилуционата способност на бубрегот-полиурија и олигурија, нарушувања во составот на урината, нарушување на бубрежната функција-преренални, ренални и постренални причини -методска единица: Бубрежна инсуфициенција-акутна и хронична, бубрежни едеми Резултати од 16-то поглавје-студентот ќе може да ги опише најчестите нарушувања на концентрационата и дилуционата способност на бубрегот, ќе стекне знаење за механизмите на настанување на олигурија и полиурија, ќе биде способен да ги идентификува промените во составот на урината-хематурија, протеинурија,

		леукоцитурија, како и причините и механизмите на настанување на бубрежна инсуфициенција-акутна и хронична и бубрежни едеми. **17. Поглавје –**Патофизиологија на ацидобазната рамнотежа -методска единица: Форми на нарушувања на ацидобазната рамнотежа Резултати од 17-то поглавје-студентот ќе стекне знаење за механизмите на одржување на ацидобазната рамнотежа и ќе може да ги идентификува главните видови на пореметувања на ацидобазната рамнотежа. **18. Поглавје –**Патофизиологија на ендокриниот систем -методска единица: Нарушувања на функцијата на хипофизата -методска единица: Нарушувања на функцијата на тироидната и паратироидните жлезди -методска единица: Нарушувања на функцијата на надбубрежните жлезди и половите жлезди Резултати од 18-то поглавје-студентот ќе може да ги дефинира и објасни нарушувањата во функцијата на хипоталамусот и хипофизата, ќе стекне знаење за болестите на штитната жлезда, паратироидните жлезди и надбубрежните жлезди, ќе биде способен да ги опише нарушувањата во лачењето на машките и на женските полови хормони. ***Модул 3 – Вовед во нуклеарна медицина*** 1. Основи на радиоактивност. Атом, атомско јадро. 2. Радиоактивни зраци 3. Производство на радионуклиди и нивни карактеристики 4. Основи на радиофармација. (Радиофармацевтски препарати) 5. Биолошки ефекти на јонизирачко зрачење 6. Детекција на радиоактивност и основи на детекторски системи Практична настава-вежби соодветни на теоретската настава Положениот модул е услов за слушање на предметот Нуклеарна медицина		
13	Заемна поврзаност на предметите	Поврзан со сите предмети од студиската програма		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Интерактивни предавања и семинари, вежби.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	330		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања - теоретска настава. часови	55
		16.2.	Семинари	26
		16.3.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	92
		16.4.	Пракса: часови	

<table>
<tr><td rowspan="3">17.</td><td rowspan="3">Други форми на активности</td><td>17.1.</td><td>Проектни задачи: часови</td><td></td></tr>
<tr><td>17.2.</td><td>Самостојни задачи: часови</td><td></td></tr>
<tr><td>17.3.</td><td>Домашно учење - задачи</td><td>157</td></tr>
<tr><td>18.</td><td>Услови за потпис</td><td colspan="3">За да добие потпис, студентот треба да освои минимум бодови од посета на теоретска настава и присуство на минимум 80% од семинарите и вежбите.</td></tr>
<tr><td>19.</td><td colspan="4">Начин на оценување: Оценката за предметот се формира според табелата на оценки, а врз основа на збирот на бодовите од сите активности, континуираните проверки, семинари и завршниот испит
<table>
<tr><td colspan="2">Вид на активност</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">Теоретска настава</td><td>3-5</td></tr>
<tr><td colspan="2">Практична настава</td><td>9-15</td></tr>
<tr><td colspan="2">Семинари</td><td>/</td></tr>
<tr><td colspan="2">Континуирани проверки</td><td>18-30</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Завршен испит</td><td>Писмен дел</td><td>/</td></tr>
<tr><td>Устен дел</td><td>30-50</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вкупно</td><td>100</td></tr>
</table></td></tr>
<tr><td></td><td>19.1.</td><td colspan="2">Континуирана проверка: бодови</td><td>Континуирани проверки (колоквиуми) 2x15=30</td></tr>
<tr><td></td><td>19.2.</td><td colspan="2">Тестови: бодови</td><td></td></tr>
<tr><td></td><td>19.3.</td><td colspan="2">Семинари</td><td></td></tr>
<tr><td></td><td>19.4.</td><td colspan="2">Завршен испит: бодови</td><td>50</td></tr>
<tr><td rowspan="6">20.</td><td rowspan="6">Критериуми за оценување (бодови/ оценка)</td><td>до 59 бода</td><td colspan="2">5 (пет) F</td></tr>
<tr><td>од 60 до 68 бода</td><td colspan="2">6 (шест) E</td></tr>
<tr><td>од 69 до 76 бода</td><td colspan="2">7 (седум) D</td></tr>
<tr><td>од 77 до 84 бода</td><td colspan="2">8 (осум) C</td></tr>
<tr><td>од 85 до 92 бода</td><td colspan="2">9 (девет) B</td></tr>
<tr><td>од 93 до 100 бода</td><td colspan="2">10 (десет) A</td></tr>
<tr><td>21.</td><td>Метод на следење на квалитетот на наставата</td><td colspan="3">Студентска анонимна евалуација за предметот, наставниците и соработниците кои учествуваат во изведувањето на наставата.</td></tr>
<tr><td rowspan="3">22.</td><td colspan="5">Литература</td></tr>
<tr><td rowspan="2">22.1.</td><td colspan="4">Задолжителна литература</td></tr>
<tr><td>Ред. број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година</td></tr>
</table>

		1.	Васкова О, Мицева Ристевска С, Поп Ѓорчева Д, Миладинова Д, Лопарска С, Мајсторов В.	Општа патолошка физиологија	Медицински факултет, УКИМ Скопје	2013
		2.	Васкова О, Мицева Ристевска С, Поп Ѓорчева Д, Миладинова Д, Лопарска С.	Специјална патолошка физиологија	Медицински факултет, УКИМ Скопје	2012
		3.	Васкова О, Мицева Ристевска С, Поп Ѓорчева Д, Миладинова Д, Лопарска С.	Практикум по општа и специјална патолошка физиологија	Медицински факултет, УКИМ Скопје	2012
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Мекфи СЏ, Генонг ВФ.	Патофизиологија на болести. Вовед во клиничка медицина.	Табернакул	2010
		2.	Gamulin S i sarad.	Patofiziologija	Jumena, Zagreb	2014

Ред.број:23

Прилог бр.3		**Предметна програма од интегриран (прв и втор) циклус на студии**
1.	Наслов на наставниот предмет	**ФАРМАКОЛОГИЈА**
2.	Код	ОМ26 313
3.	Студиска програма	Прв и втор циклус шестгодишни интегрирани академски студии по општа медицина
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	УКИМ – Медицински факултет Катедра за Фармакологија со токсикологија

5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	Трета (III)	Семестар (V и VI)	Пет (V) и Шест (VI)
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	8 (4+4)			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Раководител на катедрата за Фармакологија со токсикологија Редовен проф. д-р Трајан Балканов *наставата ја изведуваат сите членови на катедрата избрани во соодветни наставни, наставно-научни и соработнички звања			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Положен испит по предметите Биохемија и Физиологија. За слушање на предметот добиени потписи по предметите Физиологија и Медицинска биохемија и положени испити од предметите Анатомија, Анатомија на глава и врат, Основи на биохемија. За запишување на предметот Фармакологијаво 6. семестар потребен е потпис од предметот Фармакологија од 5. Семестар За полагање на предметот положени испити по Медицинска биохемија и Физиологија			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Потребните цели и исходи од учењето и компетенции во рамките на програмата по фармакологија може да се дефинираат преку комбинација на знаење, вештини и ставови кои се суштински за медицинската пракса. Потребните цели и исходи од учењето на предметот фармакологија со кои се стекнуваат студентите се следниве: • Да ги дефинираат и објаснат основните фармаколошки поими како интеракција помеѓу лек и рецептор, типови на рецептори и однос меѓу доза и одговор. • Да ги опишат основните принципи на фармакокинетиката, вклучувајќи апсорпција, дистрибуција, метаболизам и елиминација на лекови на јасен и прецизен начин во писмена и усна форма. • Да интерпретираат основни лабораториски експерименти поврзани со дејството и метаболизмот на лекови. • Да интерпретираат експериментални податоци за проценка на фармакодинамските и фармакокинетските резултати. • Да ги објаснат механизмите на дејство и терапевтската употреба на главните класи на лекови. • Да ги идентификуваат потенцијалните несакани ефекти на често употребувани лекови.			

		• Да го применат стекнатото знаење и да можат да ги предвидат терапевтските и несаканите ефекти на лековите во едноставни клинички сценарија. • Критички да анализираат фармаколошки информации од учебници и научна литература. **Основни компетенции:** • Когнитивни вештини: Способност за анализа, синтеза и примена на фармаколошкото знаење во клиничката пракса. • Практични вештини: Способност за лабораториски техники, протоколи за апликација на лекови, начини на препишување на лековите, стекнување на знаења за доза на лек, видови на дози, изразување на дозите и режимот на дозирање на лековите. • Комуникациски вештини: Способност за ефективна комуникација на информации поврзани со лекови со колеги, пациенти и здравствен тим. • Етичко и професионално однесување: Посветеност на безбедноста на пациентите, доверливоста и етичкото препишување. • Континуирано учење: Способност за континуирано надградување на фармаколошките знаења и интегрирање на нови терапии засновани на докази.

12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Теоретска настава** **Предавања во V и VI семестар:** *Општа фармакологија* - Вовед во фармакологијата. - Механизам на дејство на лековите: дејство на рецептори, ензими, јонски канали, транспортни молекули. - Фармакодинамија - агонисти и антагонисти; - јачина на дејство на лекот и ефикасност; - тераписки индекс и тераписка ширина; - Фармакокинетика - апсорбција; - дистрибуција, - метаболизам (биотрансформација) - елиминација - Начини на администрација на лекови - Поим за доза на лек и видови на дози - Пресметување на доза на лек - Дозирање на лекови и режим на дозирање на лекови - Интеракции на лекови и други форми на интеракции - Безбедност на лекови - Безбедносни мерки за чување, ракување и употреба на лекови; - Несакани дејства на лекови; - Класификација на несакани дејства на лекови;

		- Препознавање на несакани дејства на лекови; - Превенција и третман н несакани дејства на лекови; - Зависност од лекови и од други супстанции *Специјална фармакологија* - Лекови кои делуваат на автономен нервен систем - Лекови кои делуваат на централен нервен систем - Лекови кои делуваат на кардиоваскуларниот систем - Лекови кои делуваат на ендокриниот систем - Хемостаза, тромбоза и хематопоетски систем - Лекови за нарушувања на респираторниот систем - Лекови за дерматолошки заболувања - Гастроинтестинални и антиеметични лекови - Лекови за заболувања на уринарен тракт - Антимикробни лекови - Основни принципи на хемотерапија на малигни болести - Имунофармакологија **Практична настава во V семестар:** Практична работа со студентите усогласена со методските единици од теоретската настава. - Лек, поделба на лекови, фармакопеја и начини на администрација на лекови - Препишување на лекови, рецепт и делови на рецепт - Дози и дозирање на лекови- изразување на дози на лекови; општи принципи за пресметување на дози на лекови; - Проценка и толкување на односот доза-одговор, биоесеј, видови биолошки одговор, ефикасност на лек, јачина на дејство, тераписки индекс. - Изучување на перорални цврсти фармацевтски дозирани форми: таблети и варијации на таблети, капсули, прашоци; - Изучување на перорални течни фармацевтски дозирани форми: раствори, суспензии, емулзии, сирупи, екстракти, тинктури - Изучување на полуцврсти фармацевтски дозирани форми: масти и пасти; дермални и трансдермални препарати. - Изучување на парентерални фармацевтски дозирани форми: раствори, суспензии, емулзии за инјектирање и инфундирање; - Фармацевтски дозирани форми за инхлација; - Фармацевтски дозирани форми за ректална апликација и фармацевтски дозирани форми за вагинална апликација. - Препарати за око, уво и нос; - Претклинички модели за испитување на лекови, апликација на лекови кај експериментални животни. **Семинари во V семестар:** - Компјутерска симулација и интерактивно учење преку решавање на проблеми од областа на фармакокинетиката - Компјутерска симулација и интерактивно учење преку решавање на проблеми од областа на фармакодинамијата

<table>
<tr><td></td><td></td><td colspan="3">- Компјутерска симулација и пресметка на однос на доза и ефект нас лекот, антагонизам и синергизам и т.н.

Семинари во VI семестар:
- Третман на акутна и хронична болка
- Третман на алергиски реакции, анафилактичен шок
- Природни начини на лекување.
- Хербални лекови, ефикасност и безбедносни аспекти поврзани со нивна употреба
- Препишување на лекови од одредени фармакодинамски групи и подгрупи според АТС класификацијата на лекови:
▪ Препишување на антимикробни лекови- инхибитори на синтеза на клеточен sид (пр. пеницилини, цефалоспорини, ванкомицин)
▪ Препишување на антимикробни лекови- инхибитори на синтеза на протеини (пр. аминогликозиди, макролиди, хлорамфеникол)
▪ Препишување на антимикробни лекови- инхибитори на синтеза на нуклеински киселини (пр. кинолони) и др. антимикробнилекови (пр. сулфонамиди...)
▪ Препишување на лекови за терапија на есенцијална хипертензија
▪ Препишување на лекови за терапија на срцева слабост
▪ Препишување на лекови за терапија на коронарна болест
▪ Препишување на лекови за терапија на бронхијална астма;
▪ Препишување на лекови за терапија на дијабетес мелитус
▪ Препишување на лекови за терапија на улкусна болест
▪ Препишување на лекови за терапија на ансиозност и несоница
▪ Препишување на лекови за терапија на депресија</td></tr>
<tr><td>13</td><td>Заемна поврзаност на предметите</td><td colspan="3">Поврзан со сите предмети од студиската програма.
Положен испит по Фармалокогија е услов за полагање на Интерна медицина</td></tr>
<tr><td>14.</td><td>Детален опис на наставните и работните методи за предметот</td><td colspan="3">Интерактивни предавања, вежби, реализирање семинари со претходно зададени теми.</td></tr>
<tr><td>15.</td><td>Вкупен расположив фонд на време</td><td colspan="3">240 часа</td></tr>
<tr><td rowspan="4">16.</td><td rowspan="4">Форми на наставните активности</td><td>16.1.</td><td>Предавања - теоретска настава. часови</td><td>50</td></tr>
<tr><td>16.2.</td><td>Семинари</td><td>40</td></tr>
<tr><td>16.3.</td><td>Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови</td><td>30</td></tr>
<tr><td>16.4.</td><td>Пракса: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td rowspan="2">17.</td><td rowspan="2">Други форми на активности</td><td>17.1.</td><td>Проектни задачи: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td>17.2.</td><td>Самостојни задачи: часови</td><td>/</td></tr>
</table>

		17.3.	Домашно учење - задачи	120
18.	Услови за потпис	За да добие потпис, студентот треба да освои минимум бодови од посетата и активностите на теоретска настава, семинарите и практична настава.		

19. Начин на оценување: Оценката за предметот се формира според табелата на оценки, а врз основа на збирот на бодовите од сите активности, континуираните проверки, семинари и завршниот испит

Вид на активност		**Бодови**
Теоретска настава		1.2 -2
Практична настава		1.8 -3
Семинари		12-20
Континуирани проверки		12-20
Завршен испит	Усмен дел	27-45
	Практичен дел	6-10
Вкупно		**60-100**

19.1.	Континуирана проверка: бодови	2 писмени теста Прв тест: општа фармакологија (мин. 12 - макс. 20 бода) Втор тест: специјална фармакологија (квалификационен тест со исход „положил/не положил”)
19.2.	Тестови: бодови	
19.3.	Семинари	Семинарите се дел од теоретската настава и ќе се одржуваат во термини и со содржини објавени со распоредот на почетокот на семестарот, а ќе бидат задолжителни за студентите. Присуството и ангажираноста на студентите во семинарите ќе се евидентира и бодира, а освоените бодови ќе влезат во крајната оценка за предметот. 12-20 бодови
19.4.	Завршен испит: бодови	мин.-макс. бодови Усмен дел* 28 - 40 Практичен дел** 6 - 10

				***Усмен дел (интегративен)-** 4 прашања врз основа на кои се проценува интегративното знаење од областа на фармакологијата, кое е значајно за разбирање на целината на предметот. ****Практичен дел (според каталог на вештини):** Тест од делот фармакографија и фармацевтски дозирани форми. Студентот е должен да освои минимум од предвидените бодови за секој дел од испитот посебно за да можат да му бидат впишани бодовите за завршен испит. Во спротивно, испитот се смета за неположен.	
20.	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 59 бода	5 (пет) F	
			од 60 до 68 бода	6 (шест) E	
			од 69 до 76 бода	7 (седум) D	
			од 77 до 84 бода	8 (осум) C	
			од 85 до 92 бода	9 (девет) B	
			од 93 до 100 бода	10 (десет) A	
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		Студентска анонимна евалуација за предметот, наставниците и соработниците кои учествуваат во изведувањето на наставата.		
22.	Литература				
	22.1.	Задолжителна литература			
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Ранг и Дејл	Фармакологија (одбрани поглавја);	Академски печат	2013
		2.	Катедра за фармакологија	Авторизирани предавања		2025
	22.2.	Дополнителна литература			
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година

		1.	Bertram G. Katzung, Susan B. Masters, Anthony J. Trevor (urednici)	Temeljna i klinička farmakologija, Prijevod 14. izdanja na hrvatski jezik	Medicinska naklada, Zagreb	2020

Ред.број: 24

Прилог бр. 3		**Предметна програма од интегриран (прв и втор) циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	**КЛИНИЧКО ИСПИТУВАЊЕ ВО ИНТЕРНА МЕДИЦИНА**			
2.	Код	ОМ26 314			
3.	Студиска програма	Прв и втор циклус шестгодишни интегрирани академски студии по општа медицина			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	УКИМ – Медицински факултет Катедра за Интерна медицина			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	Трета (III)	Семестар	Петти (V)
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Одговорен наставник Проф. д-р Бети Тодоровска *учествуваат наставници од Катедрата за Интерна медицина			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	За слушање на предметот треба да бидат положени испитите од предметите Анатомија, Анатомија на глава и врат, Хистологија и ембриологија и Вовед во клиничка медицина За да пристапи на испит студентот треба да има положено Физиологија и Патофизиологија			
11.	Цели на предметната програма	**Цели на предметната програма** Студентите преку овој предмет стекнуваат способности за:			

	(компетенции) и резултати од учењето:	- Вклучување во секојдневната работа на одделите за Интерна медицина - Развивање на клинички вештини преку практична работа со пациенти - Следење и анализа на дијагностички и лабораториски податоци - Учество во планирање на третман и клинички одлуки - Развивање на комуникациски и професионални способности во реална средина **Компетенции што ги развива студентот** - Применува клинички вештини во реална средина - Интерпретира дијагностички и лабораториски податоци - Пишува клиничка документација - Учествува во планирање на третман - Соработува во интердисциплинарен тим - Демонстрира професионално однесување - Донесува одлуки во согласност со етиката и медицина базирана на докази - Ги препознава сопствените ограничувања и одговорно бара совет и помош
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Теоретска настава** **(општ дел-3 часа)** - Техники на земање анамнеза и клинички преглед - Медицинска историја и составни делови (медицинска историја, декурзус на болеста, терапевтска листа, епикриза - Општа статус и статус на глава и врат - Преглед по системи, со опис на карактеристични симптоми и знаци, параклинички испитувања и нивна интерпретација - Кардиоваскуларен систем (7 часа) - Респираторен систем (7 часа) - Ендокрин систем (5 часа) - Урогенитален систем (5 часа) - Дигестивен систем (7 часа) - Хематопоетски-крвен систем (5 часа) - Мускулно-скелетен систем (5 часа) - Клиничка токсикологија (3 часа) **Практична настава**: **Вежби (секоја вежба е x 3 часа)** - општа вежба (3 часа) - Кардиоваскуларен систем (6 часа) - Респираторен систем (6 часа) - Ендокрин систем (6 часа) - Урогенитален систем (6 часа) - Дигестивен систем (6 часа) - Хематопоетски-крвен систем (6 часа) - Мускулно-скелетен систем (6 часа) - Клиничка токсикологија (3 часа) Студентот ќе се здобие со вештина за совладување на техниките и методите на земање медицинска историја, клинички преглед на болен, диференцијално-дијагностичко размислување, проценка на потреба од и интерпретација на резултатите од параклиничките испитувања.

<table>
<tr><td>13</td><td>Заемна поврзаност на предметите</td><td colspan="3">Поврзан со сите предмети од студиската програма</td></tr>
<tr><td>14.</td><td>Детален опис на наставните и работните методи за предметот</td><td colspan="3">- Интерактивни предавања - 47 часа
- Клинички вежби – 48 часа
- Студии на случај преку работа во тимови, со пишување дневник за случајот
- Рефлексивни дневници и самопроценка</td></tr>
<tr><td>15.</td><td>Вкупен расположив фонд на време</td><td colspan="3">180 часа, распоредени во 47 часа интерактивни теоретски предавања, 48 часа вежби, самостојни задачи организирани како студии на случаи кои ќе се работат во тимови (8 студии на случај од секоја област по 5 часа), активност која е задолжителна, и се оценува (вредноста на поените е внесена во делот континуирани проверки, за секоја проектна задача по 1-2 поени.)</td></tr>
<tr><td rowspan="4">16.</td><td rowspan="4">Форми на наставните активности</td><td>16.1.</td><td>Предавања - теоретска настава. часови</td><td>48 часа</td></tr>
<tr><td>16.2.</td><td>Семинар</td><td>/</td></tr>
<tr><td>16.3.</td><td>Вежби</td><td>48 часа</td></tr>
<tr><td>16.4.</td><td>Пракса: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td rowspan="3">17.</td><td rowspan="3">Други форми на активности</td><td>17.1.</td><td>Проектни задачи: часови</td><td>40 часа</td></tr>
<tr><td>17.2.</td><td>Самостојни задачи: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td>17.3.</td><td>Домашно учење</td><td>44 часа</td></tr>
<tr><td>18.</td><td>Услови за потпис</td><td colspan="3">За да добие потпис, студентот треба да освои минимум бодови од посета на теоретска, практична настава и семинари.</td></tr>
<tr><td>19.</td><td colspan="4">Начин на оценување: Оценката за предметот се формира според табелата на оценки, а врз основа на збирот на бодовите од сите активности, континуираните проверки, семинари и завршниот испит
<table>
<tr><th colspan="2">Вид на активност</th><th>Бодови</th></tr>
<tr><td colspan="2">Теоретска настава</td><td>1-3</td></tr>
<tr><td colspan="2">Практична настава</td><td>4-6</td></tr>
<tr><td colspan="2">Семинари</td><td>/</td></tr>
<tr><td colspan="2">Континуирани проверки</td><td>8-16</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Завршен испит</td><td>Писмен дел</td><td>10-15</td></tr>
<tr><td>Практичен дел</td><td>19-30</td></tr>
<tr><td>Устен дел</td><td>19-30</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вкупно</td><td>60-100</td></tr>
</table>
<table>
<tr><td>19.1.</td><td>Континуирана проверка: бодови</td><td>8-16</td></tr>
<tr><td>19.2.</td><td>Тестови: бодови</td><td></td></tr>
<tr><td>19.3.</td><td>Семинар</td><td></td></tr>
<tr><td>19.4.</td><td>Завршен испит: бодови</td><td>48-75</td></tr>
</table></td></tr>
<tr><td rowspan="5">20.</td><td rowspan="5">Критериуми за оценување (бодови/ оценка)</td><td>до 59 бода</td><td>5 (пет) F</td></tr>
<tr><td>од 60 до 68 бода</td><td>6 (шест) E</td></tr>
<tr><td>од 69 до 76 бода</td><td>7 (седум) D</td></tr>
<tr><td>од 77 до 84 бода</td><td>8 (осум) C</td></tr>
<tr><td>од 85 до 92 бода</td><td>9 (девет) B</td></tr>
</table>

				од 93 до 100 бода	10 (десет) А	
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата			Студентска анонимна евалуација за предметот, наставниците и соработниците кои учествуваат во изведувањето на наставата.		
22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Марија Вавлукис (уредник), со коавтори	Клиничко испитување	Медицински факултет	2024
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1	Георгиевска Исмаил Љ, Попоска Л, Трајков И, Ѓоргов Н.	Електрокардиографија Скопје	(COIBSS. MK-ID71834122):	2008
		2.	Валаш Ж.	Интерпретација на дијагностичките тестови	Академски печат, 8 издание Скопје	2013
		3.	Бекли ЛС, Шилаги ПГ.	Бејтсов прирачник за клинички прегледи и земање историја,	Академски печат, 10 издание, Скопје	2012
		4.	Авторизирани предавања			

Ред.број: 25

Прилог бр.3		**Предметна програма од интегриран (прв и втор) циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	**КЛИНИЧКА БИОХЕМИЈА**			
2.	Код	ОМ26 315			
3.	Студиска програма	Прв и втор циклус шестгодишни интегрирани академски студии по општа медицина			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	УКИМ – Медицински факултет Катедра за Биохемија и Клиничка биохемија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	Трета (III)	Семестар	Петти (V)

7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	1,5
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Раководител на катедрата за Биохемија и Клиничка биохемија Вонреден проф. д-р Ирена Костовска *наставата ја изведуваат сите членови на катедрата
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	За слушање – потпис од предметот Медицинска биохемија. За полагање - положен испит по предметот Медицинска Биохемија
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Да ги разбира и да ги примени добиените резултати од биохемиско-лабораториските испитувања во дијагноза на разни заболувања, следење на ефект од дадената терапија и прогноза на соодветното заболување. Да знае да толкува приказ на случај со дадени лабораториски наоди и да постави дијагноза врз основа на биохемиско-лабораториските резултати.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Теоретска настава:** **1. Лабораториска медицина – медицинска биохемија или клиничка биохемија** Резултати од учење: Ќе знаат детално за лабораториска медицина базирана на докази (Evidence base laboratory medicine), Поврзаност клинички/матичен лекар – лабораторија – клинички/матичен лекар, транспорт на биолошки материјал, фактори кои влијаат на резултатите од тестот, преданалитички фактори, биолошки, непроменливи (ендогени) фактори, променливи биолошки (физиолошки) фактори пред земање на биолошкиот материјал, , променливи биолошки (физиолошки) фактори поврзани со процесот на земање крв **2. Основни принципи на сува хемија** Резултати од учење: Студентите ќе знаат дефиниција и значење на сувата хемија, историски развој и современи трендови, поим и значење на POCT (Point-of-Care Testing), предности и ограничувања на POCT и сувата хемија. Принцип на работа на методите на сува хемија (тест ленти, сензори, микрофлуидика), хемиски реакции во сува фаза (ензимски, индикаторски, имунолошки реакции), фотометриски и рефлектометриски детекциски системи, биосензори и современи технологии. Типови на POCT системи: глукометри (мониторинг на гликемија), анализатори за гасови во крвта и електролити, кардијални маркери (тропонин, CK-MB, NT-proBNP), ацидо-базна рамнотежа, хематолошки POCT системи (Hb, Hct), инфективни маркери (HIV, HCV, SARS-CoV-2), уринарни тестови (протеинурија, кетонурија, инфекции), бременост (hCG тестови). Интерна и екстерна контрола на квалитет. Биолошки варијации и ограничувања во интерпретација. Преданалитички фактори (материјал, транспорт, складирање). Аналитички фактори (точност,

		прецизност, линеарност, интерференции). Постаналитички фактори и клиничка интерпретација. Клиничка примена: ургентна медицина и интензивна нега, ургентна дијагностика (инфаркт, шок, хипогликемија), хроничен мониторинг (дијабетес, бубрежни заболувања), POCT во примарна здравствена заштита, POCT во домашни услови и самоконтрола. **3. Плазма протеини и нивната улога во дијагноза на разни заболувања** Резултати од учење: Студентите ќе се стекнт со знаење за клиничко-дијагностичкото значење на плазма протеините: преалбумин, протеин кој врзува ретинол, албумин, алфа-1-глобулин, алфа-фетопротеин, алфа-1-антитрипсин, алфа-2-макроглобулин, хаптоглобин, церулоплазмин, трансферин, бета-2-микроглобулин, гама-глобулини, С-реактивен протеин, феритин, фибриноген, тропонин, комплемент систем. **4. Лабораториска дијагноза на жолтица (иктерус)** Резултати од учење: Студентите ќе се стекнт со знаење за типови жолтица: хемолитичка, хепатоцелуларна и опструктивна, наследни нарушувања во метаболизмот на билирубинот, како и дијагностичкото значење на одредени биохемиски маркери при различните типови жолтица. **5. Клиничко- лабораториско значење на ензимите во серум** Резултати од учење: Студентите ќе се стекнт со знаење за дијагностичката важност на ензимите при определени заболувања, какои поважните ензими кои се употребуваат во дијагностички цели во клиничката пракса:ензими индикатори за оштетување на црниот дроб: AST, ALT, GGT, GLDH; ензими маркери за холестаза ALP; ензими кои се употребуваат во дијагноза на миокардијален инфаркт: AST, CK-MB, LDH, GPBB, желатиназа; ензими – маркери при дијагноза на заболувања на панкреас: алфа-амилаза и липаза; ензими маркери при бубрежни заболувања – β-NAG. **6. Клиничко-биохемиско значење на електролитите** Резултати од учење: Студентите ќе се стекнт со знаење улогата на електролитите во нормалното функционирање на човечкиот организам како и нарушувања во метаболизмот на: натриум, калиум, хлориди и бикарбонати и нивно лабораториско определување и дијагностичко значење при одредени заболувања. **7. Клиничко значење на елементи во траги** Резултати од учење: Студентите ќе се стекнт со знаење за значењето на елементите во траги присутни во човечкио организам, метаболизмот на железо, дијагностичкото значење на биохемиските маркери при нарушувања во хомеостазата на железото: серумско железо, трансферин, феритин. **8. Клиничко-биохемиска дијагностика на бубрежните заболувања** Резултати од учење: Студентите ќе се стекнт со знаење за нормалната функција на бубрезите и процесот на формирање урина, лабораториските тестови за испитување на бубрежната функција: испитување на гломеруларната функција: креатинин во серум, креатинин клиренс, уреа, цистатин С, инулин клиренс, протеинурија; лабораториските тестови за испитување на тубуларната функција:

		одредување на осмолалност на плазма и урина, pH на урина и тест на оптоварување со киселини, бета-2-макроглобулин, алфа-1-микроглобулин, β-NAG, гликозурија, аминоацидурја. Студентите ќе се стекнт со знаење за специфични тубуларни дефекти и анализа на составот на бубрежните камчиња во дијагностички цели, како и анализа на уринатa вклучувајќи микроскопски преглед на седимент на урина. **9. Лабораториска дијагностика на шеќерна болест** Резултати од учење: Студентите ќе стекнт знаење за дефиниција за шеќерна болест, хомеостаза на глукоза, инсулин – градба и улиога во организмот, класификација на шеќерната болест, клиничките и лабораториските знаци на шеќерна болест. Студентите ќе се стекнт со знаење за лабораториските тестови кои се користат при дијагностицирање на шеќерната болест: определување глукоза во примерок крв, орален глукоза толеранс тест (ОГТТ). Студентите ќе се стекнт со знаење за лабораториски тестови за мониторирање на шеќерна болест: гликозилиран хемоглобин (HbA1c), гликозилиран албумин или фруктозамин тест, гликозурија, определување на концентрација на инсулин, проинсулин во крв и С-пептид, продукти на подоцнежната гликозилација - advanced glycation end-products - AGE-структури, микроалбуминурија, тест за автоантитела, одредување на инсулинска резистенција, кетонски тела. Студентите ќе се стекнт со знаење за акутните и хроничните компликации кај пациентите со шеќерна болест и значењето на биохемиско-лабораториските тестови за нивно дијагностицирање. **10. Специфични клиничко-биохемиски испитувања – липиди, липопротеини и атеросклероза** Резултати од учење: Студентите ќе се стекнт со знаење за плазма липидите и нивниот метаболизам, липопротеините и факторите кои влијаат на концентрацијата на LDL и HDL-холестролот во плазмата, структуратата и синтезата на липопротеин(а), нарушувања на метаболизмот на липидите – дислипопротеинемии и нивна класификација како и лабораториските тестови за поставување дијагноза при одредени типови хиперлипопротеинемии. Студентите ќе се стекнт со знаење за клиничките манифестации на хиперлипидемии и хиперлипопротеинемии пред се нивната улога во развојот на атеросклерозата. **11. Специфични клиничко-биохемиски испитувања – тумор маркери** Резултати од учење: Студентите ќе се стекнт со знаење за тумор маркери, нивна дефиниција, класификација, методи за нивно определување, дијагностичката вредност на тумор маркерите (сензитивност и специфичност), и најзначајните тумор маркери кои се определуваат во рутинската лабораториска пракса: PSA, PAP, CA-125, CEA, AFP, β-HCG, CA 19-9, CA 72-4, CA 15-3, CIFRA 21-2, CA 50, NSE, LDH, S100B протеин, тиреоглобулин, калцитонин, ткивен полипептиден антиген, катепсин Д, парапротеини, SCC, бета-2-микроглобулин, феритин, парапротеини, естрогенски и прогестеронски рецептори. **12. Неонатален скрининг** Резултати од учење: Студентите ќе се стекнт со знаење за процес на

		тестирање на новороденчиња за присуство на генетски, ендокрини, метаболички и хематолошки болести кои може да се лекуваат – неонатален скрининг, категоризација на болести според Интернационалната асоцијација за неонатален скрининг, критериуми за вклучување на одредено заболување во неонатален скрининг, спроведување на неонатален скрининг и болести кои најчесто се вклучени во ННС: конгенитална хипотиероза, фенилкетонурија, адреногенитален синдром (AGS), конгенитална адренална хиперплазија, цистична фиброза (CF), галактоземија, лабораториските тестови кои се користат при дијагноза во неонаталниот скрининг, како и методите кои се употребуваат во неонаталниот скрининг: Guthri-ев тест, тандем масен спектрометар (MS/MS), тест на потење: одредување на NaCl во потта кај цистична фиброза. **Практична настава:** **1. Запознавање со основните на преданалитичката фаза во биохемиско-лабораториските испитувања.** Студентите да се запознаат со значењето на преданалитичката фаза во лабораториската дијагностика. Да се идентификуваат најчестите извори на грешки во оваа фаза. Да се совладаат правилата за подготовка на пациентот и земање на биолошки материјали. Да се стекнат практични вештини за работа со примероци (крв, урина, други биолошки течности). Правила за земање венска крв: Избор на вена, вид на игла, систем за земање (вакуумски, шприц). Редослед на епрувети според адитиви. Правилно мешање, идентификација и означување на примерок. Примери на преданалитички грешки: хемолиза, липемија, хипербилирубинемија, коагулиран примерок, недоволен волумен, погрешна етикета. Транспорт и чување на примероци. **2. Запознавање со основните на аналитичката и постаналитичката фаза во биохемиско-лабораториските испитувања.** Студентите да стекнат познавања за аналитичката и постаналитичката фаза на лабораториските испитувања. Да разберат кои се изворите на грешки во овие фази и како да се минимизираат. Да усвојат практични вештини за работа со биохемиски анализатори и интерпретација на добиените резултати. Да препознаваат критични вредности и правилно известување. Аналитичка фаза: работа со автоматизирани биохемиски анализатори, калибрација и контрола на квалитет (QC); внатрешна и надворешна контрола на квалитет; валидација на методи; можни аналитички грешки (интерференции, инструментални дефекти, човечки фактор). Постаналитичка фаза: верификација на резултатите, референтни интервали и критични вредности; презентација на резултати во лабораториски информациски систем (ЛИС); комуникација со клиничкиот лекар; архивирање и чување на резултати. **3. Изработка на семинарски труд по зададени наслови (теми) и презентација на истиот**
13	Заемна поврзаност на предметите	Поврзан со сите предмети од студиската програма

<table>
<tr><td>14.</td><td>Детален опис на наставните и работните методи за предметот</td><td colspan="3">Интерактивни предавања, вежби, реализирање семинари со претходно зададени теми.</td></tr>
<tr><td>15.</td><td>Вкупен расположив фонд на време</td><td colspan="3">45 часа</td></tr>
<tr><td rowspan="4">16.</td><td rowspan="4">Форми на наставните активности</td><td>16.1.</td><td>Предавања - теоретска настава. часови</td><td>15</td></tr>
<tr><td>16.2.</td><td>Семинари</td><td>/</td></tr>
<tr><td>16.3.</td><td>Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови</td><td>9</td></tr>
<tr><td>16.4.</td><td>Пракса: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td rowspan="3">17.</td><td rowspan="3">Други форми на активности</td><td>17.1.</td><td>Проектни задачи: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td>17.2.</td><td>Самостојни задачи: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td>17.3.</td><td>Домашно учење - задачи</td><td>21</td></tr>
<tr><td>18.</td><td>Услови за потпис</td><td colspan="3">За да добие потпис, студентот треба да освои минимум бодови од посета на теоретска и практична настава.</td></tr>
<tr><td>19.</td><td colspan="4">Начин на оценување: Оценката за предметот се формира според табелата на оценки, а врз основа на збирот на бодовите од сите активности, континуираните проверки, семинари и завршниот испит
<table>
<tr><th colspan="2">Вид на активност</th><th>Бодови</th></tr>
<tr><td colspan="2">Теоретска настава</td><td>1-3</td></tr>
<tr><td colspan="2">Практична настава</td><td>11-17</td></tr>
<tr><td colspan="2">Семинари</td><td>/</td></tr>
<tr><td colspan="2">Континуирани проверки</td><td>/</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Завршен испит</td><td>Писмен дел</td><td>48-80</td></tr>
<tr><td>Практичен дел</td><td>/</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вкупно</td><td>60-100</td></tr>
</table>
<table>
<tr><td>19.1.</td><td>Континуирана проверка: бодови</td><td>/</td></tr>
<tr><td>19.2.</td><td>Тестови: бодови</td><td>48-80</td></tr>
<tr><td>19.3.</td><td>Семинари</td><td>Семинарите се дел од теоретската настава и ќе се одржуваат во термини и со содржини објавени со распоредот на почетокот на семестарот, а ќе бидат задолжителни за студентите. Присуството и ангажираноста на студентите во семинарите ќе се евидентира и бодира, а освоените бодови ќе влезат во крајната оценка за предметот.</td></tr>
<tr><td>19.4.</td><td>Завршен испит: бодови</td><td>48-80</td></tr>
</table></td></tr>
<tr><td>20.</td><td colspan="2"></td><td>до 59 бода</td><td>5 (пет) F</td></tr>
</table>

	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		од 60 до 68 бода	6 (шест) E
			од 69 до 76 бода	7 (седум) D
			од 77 до 84 бода	8 (осум) C
			од 85 до 92 бода	9 (девет) B
			од 93 до 100 бода	10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		Студентска анонимна евалуација за предметот, наставниците и соработниците кои учествуваат во изведувањето на наставата.	

22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Катерина Тошеска Трајковска, Даница Лабудовиќ, Јасна Богданска, Соња Топузовска, Светлана Цековска, Ирена Костовска, Јулијана Брезовска	Учебник Клиничка Биохемија – за студенти по оопшта медицина, специјализантии докторанди	УКИМ, Медицински факултет, Скопје	2024
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Eva Ďurovcová and Mária Mareková	CLINICAL BIOCHEMISTRY	Pavol Jozef Šafárik University in Košice Faculty of Medicine	2020
		2.	Alan Gaw et al.	Clinical Biochemistry: An Illustrated Colour Text	Elsevier	2013
		3.	Vladimír Bartoš et al.	Clinical Biochemistry	Charles University Karolinum Press	2016

Ред.број:26

Прилог бр. 3		**Предметна програма од интегриран (прв и втор) циклус на студии**
1.	Наслов на наставниот предмет	**РАДИОЛОГИЈА**
2.	Код	ОМ26 321
3.	Студиска програма	Прв и втор циклус шестгодишни интегрирани академски студии по општа медицина

4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	УКИМ – Медицински факултет Катедра за радиологија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	Трета (III)	Семестар	Шести (VI)
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	3			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Раководител на катедрата за радиологија			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	За слушање на предметот треба да бидат положени испитите од предметите Анатомија, Анатомија на глава и врат и Физиологија и потпис од Клиничко испитување во интерна медицина.			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Целта на предметот е да ги запознае студентите со основните принципи на радиологијата вклучувајќи ги физичките основи на различните методи на преглед, нивните индикации, контраиндикации и ризици, како и на терапевтскиот дел од радиологијата вклучувајќи ги сите ендоваскуларни и неваскуларни интервентни процедури. По завршување на , студентот треба да биде компетентен да: - Разбира како функционираат различните модалитети за дијагностика (РТГ, КТ, МРИ, УЗ, методи на нуклеарна медицина). - Препознава нормална анатомска структура на дијагностички прегледи. - Идентификува основни и животозагрозувачки патолошки состојби на најчесто користените радиолошки модалитети. - Донесува одлука за соодветен избор на дијагностичка метода во согласност со клиничката слика и принципите на заштита од зрачење. - Ја разбира улогата на радиологот во современиот дијагностички и терапевтски процес.			
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	БЛОК 1: ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ И МОДАЛИТЕТИ 1. Вовед во Радиологија: Историја и основи на радиологијата.			

		2. РТГ-физика и радијациона заштита: Физички основи и стварање на Х-зраци. Ефекти од јонизирачко зрачење. Принцип ALARA. 3. Принципи на Компјутеризирана томографија (КТ), Магнетна резонанца (МРИ) и Ултразвук (УЗ): Технологија на КТ, HU скала. Физика на МРИ, T1/T2 секвенци. Физика на УЗ, ехогеност. Примена на Доплер техники. 4. Контрастни средства и радиолошка информатика: Видови контрасти (јодни, гадолиниумски), индикации, ризици (CIN, NSF). Основи на PACS/RIS. БЛОК 2: РАДИОЛОГИЈА НА ГРАДЕН КОШ 5. РТГ на граден кош I: Техника, систематски пристап, нормална анатомија. 6. РТГ на граден кош II (Патологија на паренхим): Радиолошки знаци (консолидација, ателектаза, нодули, маси). 7. РТГ на граден кош III (Плевра, медијастинум, срце): Плеврален излив, пневмоторакс. Проширување на медијастинум. Срцева слабост. 8. КТ на граден кош: Индикации. Пулмонална емболија (CTPA), Состојби на аорта, Стејџинг на белодробен карцином, Интерстициски болести (HRCT). БЛОК 3: РАДИОЛОГИЈА НА АБДОМЕН 9. Акутен абдомен: Нативна РТГ (илеус, перфорација). Улога на УЗ и КТ. 10. Абдоминален ултразвук: Дијагностика на болести на хепар, жолчно ќесе, билијарен тракт, панкреас и слезина. 11. КТ на абдомен (Паренхимни органи): Траума. Дијагностика и стејџинг на тумори на хепар, панкреас, слезина. 12. КТ/МРИ на гастроинтестинален тракт: Дијагностика на шупливи органи (инфламаторни болести, тумори). 13. КТ на абдомен (Ретроперитонеум и васкуларна радиологија): Аневризми, дисекции, васкуларни оклузии. БЛОК 4: УРОГЕНИТАЛНА И ГИНЕКОЛОШКА РАДИОЛОГИЈА (3 предавања) 14. Урорадиологија I: Дијагностика на бубрези и уретери (УЗ, КТ). Уролитијаза, опструкција, цистични и солидни тумори. 15. Урорадиологија II: Дијагностика на мочен меур, простата (mpMRI) и машки генитален тракт (УЗ на тестиси). 16. Гинеколошка радиологија: Ултразвук и МРИ во дијагностика на бенигни и малигни заболувања на матка и овариуми.

		БЛОК 5: РАДИОЛОГИЈА НА ДОЈКА 17. Радиологија на дојка: Мамографија, ултразвук, МРИ. Скрининг и дијагностика. BI-RADS класификација. БЛОК 6: НЕВРОРАДИОЛОГИЈА 18. Неврорадиологија (Траума): КТ кај трауматски повреди на мозок (епидурален, субдурален хематом, контузии). 19. Неврорадиологија (Хеморагичен и исхемичен мозочен удар): КТ и МРИ протоколи. Ран знак на исхемија. Дијагностика на интрацеребрална и субарахноидална хеморагија. КТ/МР ангиографија. 20. Тумори на ЦНС: Бениги и малигни тумори 21. Радиологија на ‘рбетен столб: МРИ кај траума, дегенеративни заболувања (дискус херниј а) и тумори. БЛОК 7: МУСКУЛНО-СКЕЛЕТНА РАДИОЛОГИЈА 22. МСК радиологија (Траума): РТГ дијагностика на фрактури (горни и долни екстремитети) и луксации. 23. МСК радиологија (Нетрауматски состојби): Радиолошки знаци на артритис. Бенигни и малигни коскени тумори. МРИ на меки ткива. БЛОК 8: ПЕДИЈАТРИСКА РАДИОЛОГИЈА 24. Основи на педијатриска радиологија: Специфичности, радијациона заштита, РТГ на граден кош кај деца. 25. Педијатриска радиологија (Абдомен и МСК): УЗ на абдомен, УЗ на колкови, најчести фрактури кај деца. БЛОК 9: ОСНОВИ НА ИНТЕРВЕНТНА РАДИОЛОГИЈА 26. Вовед во интервентна радиологија: Принципи, пристап, материјали. Основи на васкуларни интервенции (ангиографија, ПТА, стентирање). 27. Неваскуларни и онколошки интервенции: Перкутани биопсии, ПРТ, дренажи (ПЦН, ПТЦ). Основи на онко-интервенции (TACE, аблации). II. СЕМИНАР Семинар: Интервентна радиологија Час 1: Васкуларна интервентна радиологија (Периферна): ○ Принципи, пристап и материјали (катетри, жици, балони, стентови). ○ Дијагностичка ангиографија.

		○ Третман на периферна артериска болест (ПТА - перкутана транслуминална ангиопластика и стентирање). ○ Ендоваскуларен третман на аортни аневризми (EVAR). ○ Венски интервенции (третман на ДВТ, поставување на Вена Кава филтри). Час 2: Интервентна неврорадиологија: ○ Ендоваскуларен третман на акутен исхемичен мозочен удар (механичка тромбектомија). ○ Третман на интракранијални аневризми (coiling) и артериовенски малформации (АВМ) (емболизација). ○ Стентирање на каротидни артерии. Час 3: Неваскуларна интервентна радиологија: ○ Третман на болка (ПРТ) ○ Перкутани биопсии водени од УЗ и КТ (белодробни, хепатални, ренални). ○ Перкутани дренажи (абсцеси, билијарни дренажи/ПТЦ, перкутани нефростомии/ПЦН). ○ Интервентна онкологија (аблативни техники - RFA, MWA; трансартериска хемоемболизација - TACE). Знаење и разбирање: - Опишува физички принципи, предности и недостатоци на конвенционалната радиографија, компјутеризираната томографија (КТ), магнетната резонанца (МРИ), ултразвукот (УЗ). - Ги познава принципите на заштита од јонизирачко зрачење за пациентите и медицинскиот персонал (ALARA принцип). - Ги набројува видовите, индикациите, контраиндикациите и можните несакани реакции на контрастните средства. - Препознава нормална радиолошка анатомија на градниот кош, абдоменот, мускулно-скелетниот систем и нервниот систем. - Ги опишува типичните радиолошки наоди за најчестите болести (пр. пневмонија, тумори, траума, мозочен удар, фрактури, инфламаторни состојби). - Ги познава принципите на терапевтските радиолошки интервентни процедури како емболизација на мозочни аневризми, стентирање на каротидни артерии, механичка тромбектомија при мозочен удар, перкутана трансмурална ангиоплатика, биопсии, дренажи, емболизации на тумори и

		крварења и тн. **Способност за примена на знаењето и разбирањето:** - Избира најсоодветна дијагностичка метода за чести клинички сценарија (пр. акутен абдомен, главоболка, траума на граден кош). - Поставува соодветно барање за радиолошки преглед со потребните клинички информации и индикација за интервеција. - Препознава итност и критични наоди на дијагностички слики (пр. пневмоторакс, мозочен удар, интракранијална хеморагија, опструкција на уринарен тракт). - Ги интерпретира основните наоди од рендген снимка на граден кош и нативен абдомен. **Способност за проценка:** - Врши проценка на ризикот наспроти бенефитот при избор на дијагностичка процедура, особено кај процедури со јонизирачко зрачење. - Критички ги вреднува дијагностичките извештаи во контекст на клиничката состојба на пациентот. **Комуникациски вештини:** - Комуницира со пациентите за да им ги објасни придобивките, ризиците и основните технички аспекти на дијагностичките и терапевтските процедури. - Ефективно комуницира со радиолози и друг медицински персонал за консултација и планирање на дијагностичкиот и терапевтскиот процес. **Вештини на учење:** - Самостојно користи стручна литература и дигитални ресурси за продлабочување на знаењата од областа. - Поседува основа за континуирано медицинско образование во полето на медицинското сликање.
13	Заемна поврзаност на предметите	Поврзан со сите предмети од студиската програма.
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	- Секој семинар ќе биде организиран со претходно задавање на темата на студентите, ќе почне со пред-тест, совладување на едукативната содржина, и ќе завршува со финален тест. - Интерактивни предавања со користење на аудио-визуелни помагала. - Практични вежби во мали групи со анализа на дијагностички слики на работни станици (PACS). - Семинарски работи и дискусии базирани на клинички

<table>
<tr><td></td><td></td><td colspan="3">случаи.
- Демонстрација на работа со апарати (УЗ, КТ).
- Самостојно учење и консултации.</td></tr>
<tr><td>15.</td><td>Вкупен расположив фонд на време</td><td colspan="3">90 часа</td></tr>
<tr><td rowspan="4">16.</td><td rowspan="4">Форми на наставните активности</td><td>16.1.</td><td>Предавања - теоретска настава. часови</td><td>27</td></tr>
<tr><td>16.2.</td><td>Семинари</td><td>3</td></tr>
<tr><td>16.3.</td><td>Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови</td><td>15</td></tr>
<tr><td>16.4.</td><td>Пракса: часови</td><td>15</td></tr>
<tr><td rowspan="3">17.</td><td rowspan="3">Други форми на активности</td><td>17.1.</td><td>Проектни задачи: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td>17.2.</td><td>Самостојни задачи: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td>17.3.</td><td>Домашно учење - задачи</td><td>30</td></tr>
<tr><td>18.</td><td>Услови за потпис</td><td colspan="3">За да добие потпис, студентот треба да освои минимум бодови од посета на теоретска и практична настава.</td></tr>
<tr><td>19.</td><td colspan="4">Начин на оценување: Оценката за предметот се формира според табелата на оценки, а врз основа на збирот на бодовите од сите активности, континуираните проверки, семинари и завршниот испит

<table><tr><th colspan="2">Вид на активност</th><th>Бодови</th></tr><tr><td colspan="2">Теоретска настава</td><td>15</td></tr><tr><td colspan="2">Практична настава</td><td>15</td></tr><tr><td colspan="2">Семинари</td><td>10</td></tr><tr><td colspan="2">Континуирани проверки</td><td>/</td></tr><tr><td rowspan="2">Завршен испит</td><td>Писмен дел</td><td>30</td></tr><tr><td>Практичен дел</td><td>30</td></tr><tr><td colspan="2">Вкупно</td><td>60-100</td></tr></table></td></tr>
<tr><td></td><td>19.1.</td><td>Континуирана проверка: бодови</td><td colspan="2">/</td></tr>
<tr><td></td><td>19.2.</td><td>Тестови: бодови</td><td colspan="2">30</td></tr>
<tr><td></td><td>19.3.</td><td>Семинари</td><td colspan="2">10</td></tr>
<tr><td></td><td>19.4.</td><td>Завршен испит: бодови</td><td colspan="2">60</td></tr>
<tr><td rowspan="4">20.</td><td rowspan="4">Критериуми за оценување (бодови/ оценка)</td><td colspan="2">до 59 бода</td><td>5 (пет) F</td></tr>
<tr><td colspan="2">од 60 до 68 бода</td><td>6 (шест) E</td></tr>
<tr><td colspan="2">од 69 до 76 бода</td><td>7 (седум) D</td></tr>
<tr><td colspan="2">од 77 до 84 бода</td><td>8 (осум) C</td></tr>
</table>

				од 85 до 92 бода	9 (девет) B	
				од 93 до 100 бода	10 (десет) A	
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата			Студентска анонимна евалуација за предметот, наставниците и соработниците кои учествуваат во изведувањето на наставата.		
22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1	Повеќе автори	Практикум за вежби по Клиничка радиологија1	УКИМ Медицински факултет Скопје	2023
		2	Повеќе автори	Практикум за вежби по Клиничка радиологија2	УКИМ Медицински факултет Скопје	2025
		4	Herring, W.	Learning Radiology: Recognizing the Basics. 4th Edition.	Elsevier	2019
		5	Mettler, F. A	Essentials of Radiology. 4th Edition.	Elsevier	2018
		6		Интерни скрипти и материјали подготвени од Катедра за радиологија	УКИМ Медицински факултет Скопје	
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Mettler, F. A.	*Essentials of Radiology*. 4th Edition.	Elsevier	2018
		2.	Веб-страници и онлајн ресурси:	Radiopaedia.or, AuntMinnie.com, и други релевантни образовни портали.		

Ред.број:27

Прилог бр.3		**Предметна програма од интегриран (прв и втор) циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	**ТРАНСФУЗИОЛОГИЈА**			
2.	Код	ОМ26 322			
3.	Студиска програма	Прв и втор циклус шестгодишни интегрирани академски студии по општа медицина			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	УКИМ – Медицински факултет Катедра за трансфузиологија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	Трета (III)	Семестар	Шести (VI)
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	2			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Раководител на катедрата за трансфузиологија Проф. д-р Татјана Макаровска Бојациева-раководител на катедра и одговорен наставник Проф. д-р Емилија Велкова-наставник			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Положени испити по: Медицинска биохемија Вовед во имунологија Потпис од Клиничко испитување во интерна медицина			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето	Да се совладаат основите на лабораториската и клиничката трансфузиона медицина: - Промоција на доброволно и без надомест крводарување - Познавање на различните видови крвни продукти, своства, чување, индикации, дозирање и несакани ефекти. - Интерпретација на резултати од крвногрупна типизација, скрининг и идентификација на антиеритроцитни антитела и од преттрансфузиско тестирање. - Решавање на серолошки дискрепанци. - Избор на компатибилни крвни продукти за алоимунизирани и трансплантирани пациенти.			

		- Пренатална и постнатална имунохематолошка дијагностика кај бремени и новородени, интерпретација на лабораториски резултати и советување во врска со RhD профилакса. - Познавање на критериумите за квалитет на крвните продукти. - Интерпретација на резултати од коагулационите тестови, дијагноза на коагулопатии и соодветна супституција со крвни продукти - - Запознавање со лабораториските тестови за следење на ефектот од антикоагулантната и антиагрегантната терапија, нивна соодветна примена и интерпретација.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Теоретска настава** **1. Крводарување** - Промоција на доброволно и без надомест ктводарување - Критериуми за крводарување и селекција на крводарители - Видови крводарување – автологно и хомологно дарување на полна крв и аферезно крводарување *Што ќе научи студентот*: основни принципи на крводарување, видови промоција на крводарување, индикации и контраиндикации за различни видови крводарување, индикации за тераписка афереза 2. **Прибирање на крв** - Преглед на антикоагулантни и адитивни раствори - Системи на ќесиња за прибирање на крв - Идентификација и регистрација на дарител - Прашалник за дарители на крв - Медицински преглед на дарител - Венепункција - Дарување на полна крв - Плазмафереза и тромбоцитофереза - Грижа за крводарителот - Несакани реакции кај дарители на крв *Што ќе научи студентот*: структура на прашалник за крводаритеи, процес на крводарување, препознавање и третман на несакани реакции при крводарување 3**. Крвни продукти** - Преглед на лабилни крвни компоненти - Контрола на квалитет на крвните продукти - Преглед на плазма фракционираните крвни продукти (добивање, својства, индикации) - *Што ќе научи студентот*: изглед, својства, начин на добивање, индикации за клиничка употреба на крвните продукти 4. **Имунохематологија** - Крвногрупни системи (терминологија и генетика) - АВО и Н систем (наследување, фреквенција на антигени, продукција на АВО антигени, подгрупи во АВО системот, ретки фенотипови, антитела од АВО системот, одредување на АВО крвните групи, клиничко значење на АВО системот) - Rh крвногрупен систем (генетика и наследување, Rh антигени, серолошка типизација на Rh антигени, клиничко значење на Rh системот) - Останати значајни крвногрупни системи (I, P, MNS, Kell, Duffy, Kidd, Lewis, Lutheran)

		- Крвногрупни системи без посебно клиничко значење Што ќе научи студентот: терминологија, генетика, наследување и клиничко значење на крвногрупните системи 5. **Хемолитичка болест на фетус и новородено (HDFN)** - Причини, дијагноза и трансфузиска поддршка на HDFN - Превенција на HDFN како резултат на анти-D - Пренатална и постнатална имунохематолошка дијагностика кај бремени и новородени *Што ќе научи студентот*: протокол за имунохематолошко тестирање кај бремени и за лабораториско следење на алоимунизација кон еритроцитни антигени во бременост, индикации за RhD профилакса во бременост и по породување, дијагноза и третман на хемолитичка болест на новородено 6.**Клиничка трансфузиологија** - Индикации за трансфузија на крв (еритроцити, тромбоцити и плазматски крвни продукти) - Трансфузија кај пациенти со специјални потреби (новородени, трансплантирани, онколошки пациенти, пациенти со ретки крвни групи, алоимунизирани пациенти) - Трансфузија кај автоимуна хемолитичка анемија - Масивна трансфузија - Несакани трансфузиски реакции (хемолитички, алергични, фебрилни реакции, сепса, циркулаторно опетеретување, акутно белодробно оштетување поврзано со трансфузија, болест на калем против домаќин поврзана со трансфузија, трансмисија на инфективни агенси, акумулација на железо, алоимунизација) - Хемовигилност-улога на болничките трансфузиски комисиии - Алтернативи на трансфузијата на крв - *Што ќе научи студентот*: индикации за трансфузија на крв, превенција и дијагноза на несакани трансфузиски реакции, избор на соодветни крвни компоненти кај пациенти со несакани трансфузиски реакции и со посебни потреби (алоимунизирани пациенти, ретки крвни групи, интраутерина и ексангвинотрансузија) 7. **Хемостаза – лабораториска дијагноза на хеморагични и тромботични пореметувања** - Коагулационен и фибринолитички систем - Вродени и стекнати нарушувања на хемостазата (хемофилија и тромбофилија) - Тромбоцити-вродени и стекнати пореметувања на тромбоцитната функција *Што ќе научи студентот*: основи на хемостатскиот систем од аспект на лабораториска дијагноза на неговите пореметувања, кога е индицирано тестирање на коагулациониот и/или фибринолитичкиот систем, кога е индицирано тестирање на тромбофилија и хемофилија ***Семинари*** Семинарите се одржуваат во термини и со содржини објавени со распоредот на почетокот на семестарот. Присуството на семинарите е задолжително.

		Ангажираноста и активноста на студентите се евидентира и освоените бодови влегуваат во крајната оценка за предметот. **Практична настава** 1**. Крводарување** - Пополнување на прашалник за крводарители - Преглед на дарител - Подготовка на системот за крводарување *Што ќе научи студентот:* структура на прашалникот за крводарители и критириуми за прифаќање на дарителот, што опфаќа прегледот на дарител (метода за одредување на хемоглобин, мерење на крвен притисок и пулс и референтни вредности за прифаќање на дарителот) 2. **Преработка на полна крв** - Подготовка на крвни компоненти (еритроцити, тромбоцити, слежо смрзната плазма и криопреципитат) и нивна модификација (леукоредукција и ирадијација) - Одбележување на крвните компоненти *Што ќе научи студентот*: идентификација и содржина на етиќетата на различни крвни продукти, услови за чување, транспорт и превземање на крвните продукти 3**. Лабораториски техники и тесови во имунохематологијата** - Аниген-антитело реакција (хемаглутинација, сензитизација, хемолиза) - Фактори кои влијаат на реакцијата антиген-антитело (протеолитички ензими, високомолекуларни раствори, раствори со ниска јонска јачина) - Улога на комплемент - Улога на антихуман глобулин (Coombs-ови тестови) - Улога на поликлонални и моноклонални антитела во специфичните серуми - Основни имунохематолошки техники (директна аглутинација во солена средина, индиректен и директен антиглобулински тест, ензимска техника во епрувета и со микроаглутинациска техника во картичка) - Молекуларна технологија за крвногрупна типизација (полимераза верижна реакција, геномска аплификација) - Типизација на ABO/Rh и други еритроцитни антигени - Детекција и идентификација на еритроцитни антитела - Титрација на еритроцитни антитела - Техника на адсорпција/елуција на антитела - Автоматизација во имунохематолошкото тестирање - Причини за неточни или дискрепантни резултати во серолошкото имунохематолошко тестирање Што ќе научи студентот: техники за имунохематолошко тестирање (одредување на крвна група, скрининг и идентификација на еритроцитни антитела, интерпретација на резултати од серолошкото имунохематолошко тестирање и нивно клиничко значење, решавање на проблеми кои се јавуваат при одредувањето на крвните групи, индикации за молекуларна крвногрупна типизација 4**. Претрансфузиско тестирање - тестови на компатибилност**

5.	Libbi, Bonow, Mann, Tomaselli, Bhat, Solomon	Braunwald's Heart Disease, Single Volume: A Textbook of Cardiovascular Medicine 12th Edition	Elsevier	2021
6.	Георгиевска Исмаил Љ, Попоска Л, Трајков И, Ѓоргов Н.	Електрокардиографија, Скопје	(COIBSS. MK-ID71834122):	2008
7.	Д-р Дејан Дубин	Брза интерпретација на ЕКГ	Табернакул	2010
8.	Пол Лисон Ендрју Р. Ј. Мичел Хералд Бечер	Ехокардиографија	Арс Ламина	2013
9.	Кортни М. Таунсенд, помладиот Даниел Бошам Марк Еверс Кенет Л. Матокс	Учебник по Хирургија на Сабистон	Табернакул	2013

	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Авторизирани предавања			
		2.	Фаучи, Браунвалд, Каспер, Хаузер, Лонго, Џејмсон, Лоскалцо	Принципи на интерната медицина на Харисон, 17 издание	Табернакул,	2012
		3.	Лин С. Бекли Питер Г. Шилаги	Бејтсов прирачник за клинички прегледи и земање историја	Академски печат	2012
		4.	Чарлс Д. Форбс Вилијам Ф. Џексон	Атлас во боја и текстови за клиничка медицина	Магор	2010
		5.	Швингхамер Тери Л, Келер Џучија М.	Фармакотерапија на клинички случаи, Пациент-фокусиран пристап	Магор	2011
		6	Townsend, C. M., Beauchamp, R. D., Evers, B. M., & Mattox, K. L. (Eds.).	*Sabiston Textbook of Surgery: The Biological Basis of Modern Surgical Practice* (21st ed.).	Elsevier.	2022
		7.	Brunicardi, F. C., Andersen, D. K., Billiar, T. R., Dunn, D. L., Hunter, J. G., Matthews, J. B., & Pollock, R. E. (Eds.).	*Schwartz's Principles of Surgery* (11th ed.).	McGraw-Hill Education.	2019

Ред.број:32

Прилог бр. 3		**Предметна програма од интегриран (прв и втор) циклус на студии**
1.	Наслов на наставниот предмет	**ДИГЕСТИВЕН СИСТЕМ** - Интерна медицина – Гастроентерохепатологија - Хирургија – Дигестивна хирургија
2.	Код	ОМ26 414
3.	Студиска програма	Прв и втор циклус шестгодишни интегрирани академски студии по општа медицина
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	УКИМ – Медицински факултет Катедра за Интерна медицина

5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	Четврта/ (IV)	Семестар	Седми (VII)
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	5,5			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Одговорни: Проф. д-р Бети Тодоровска (Катедра за Интерна медицина) и Проф. д-р Оливер Станков (Катедра за хирургија) Се назначува еден координатор за предметот – Проф. д-р Бети Тодоровска Во наставата учествуваат наставници од: Катедрата за Интерна медицина (област гастроентерохепатологија) Катедрата за хирургија (област дигестивна хирургија) Катедрата за радиологија			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	За слушање на предметот: Положени**:** сите предмети од 1-VI семестар освен - Фармакологија - Трансфузиологија, за кои е потребен само потпис			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	**Цели на предметната програма** Предметот има за цел да ги оспособи студентите да: - Стекнат теоретски знаења и основни вештини во третман на најчестите гастроинтестинални заболувања (гастроезофагеална рефлуксна болест, гастричен и дуоденален улкус, хроничен гастритис, малапсорпција, холелитијаза, панкреатитис, хронични воспалителни заболувања на цревата, целијачна болест, метаболни и автоимуни заболувања на црниот дроб, цироза на црниот дроб и гастроинтестинални карциноми), преку нивната клиничка слика, дијагностика (клиничка, лабораториска, сликовна и ендоскопска), основите на нивниот третман, тек, компликации и прогноза. - Научат да препознаваат итни состојби во гастроентеро-хепатологијата и абдоминалната хирургија и да донесуваат независни одлуки во нивниот третман. - Научат за најчестите причини за акутен абдомен и ги знаат методите на лекување. - Се запознаат со основните принципи на хируршки третман на бенигни и малигни заболувања на гастроинтестиналниот тракт и влијанието на придружните болести врз хируршкиот третман. - Ги научат принципите на радиолошката дијагностика и процедурите на интервентна радиологија.			

		Компетенции кои ќе се стекнат По завршување на предметот, студентот ќе биде способен да: - Дијагностицира и го знае планот за лекување на честите гастроентерохепатолошки заболувања - Интерпретира резултати од неинвазивни и инвазивни дијагностички методи - Препознава и третира состојба на акутен абдомен - Препознава преканцерозни промени и учествува во рано откривање на тумори на гастроинтестиналниот тракт - Применува принципи на примарна и секундарна превенција - Соработува интердисциплинарно со гастроентерохепатолози, хирурзи, радиолози и други специјалисти.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Во рамките на овој предмет се опфатени следните специјалности:** Гастроентерохепатологија Дигестивна хирургија Радиологија (Сликовни абдоминални дијагностички процедури) **Гастроентерохепатологија 23 часа + 11 часа Дигестивна хирургија** **Содржината вклучува запознавање на:** - Водечки симптоми на гастроинтестинални заболувања, - Преглед на патолошки дијагнози кај гастроинтестинални заболувања, - Акутен абдомен (илеус, перитонит) - Акутен апендицитис, - Хронична воспалителна болест на цревата - дијагностика и третман, - Гастроезофагеална рефлуксна болест, - Превенција и третман на гастроинтестинално крварење (гастричен и дуоденален улкус, хроничен гастритис), - Преканцерозни промени и рано откривање на гастроинтестинални карциноми, - Ендоскопска дијагностика, - Гастроинтестинална дијагностика со слики, - Панкреатитис (акутен, хроничен), - Болести на жолчно ќесе и жолчни канали - Малапсорпција и малдигестија, целијачна болест и чувствителност на глутен, - Метаболни и автоимуни заболувања на црниот дроб, - Цироза на црниот дроб и компликации, - Принципи на лекување по трансплантација - Лекување на гастроинтестинални заболувања (нефармаколошко, фармаколошко, стентирање, хируршко лекување). **Методски единици** **Заболувања на храноводот и желудник (3 часа гастро + 1 час диг. хир.)** - Нарушувања на мотилитетот, гастроезофагеална рефлуксна болест, инфламаторни заболувања - Тумори на храноводот и желудникот - Улкусна болест

		- *Хируршки пристап при заболување на желудник и дуоденум (Акутна дилатација на желудник, волвулус на желудник, повреди на желудник и дудоденумот, хијатална хернија, улкусна болест, Zollinger-Elisson Syndorme, Mallory-Weiss Syndrome, акутни ерозии, бенигни тумори, Wilkie Syndrome) – (дигестивна хирургија-1 час)* **Болести на тенко црево (3 часа гастро)** - Синдром на малапсорпција - Нутритивен третман и нутритивен дефицит - Неуроендокрини тумори **Воспалителни цревни заболувања (2 часа гастро + 1 час диг. хир.)** - Клиничка слика и дијагноза - Диференцијална дијагноза и терапија - *Хируршки третман кај IBD и кај останати болести на тенко црево (бенигни тумори, малигни тумори, повреди, карциноиден синдром)– (дигестивна хирургија-1 час)* **Заболувања на дебело црево (3 часа гастро + 3 часа диг. хир.)** - *Апендикс (Воспалувања, тумори) – (дигестивна хирургија-1 час)* - Заболувања на колон и аноректални заболувања - Тумори на црево - Колоректален карцином - *Хируршки третман на заболувањата на дебело црево (Colitis ulcerosa, Diverticulitis, полипи на дебелото црево, фамилијарна полипоза, повреди на колон, Carcinoma colonis) – (дигестивна хирургија-1 час)* - *Ано-ректална хирургија (Проктитис, хемороидална болест, пролапс, фистули и фисури, апцеси, кондиломи, карциноми, стоми, повреди) – (дигестивна хирургија-1 час)* **Болести на билијарен систем (1 час гастро + 1 час диг. хир.)** - Калкулозна болест, воспаленија и тумори на жолчно ќесе и жолчни патишта - *Хирургија на жолчно кесе и жолчни патишта (Калкулоза, восплаенија, компликации, повреди, билијарни фистули) – (дигестивна хирургија-1 час)* **Болести на панкреас (2 часа гастро + 1 час диг. хир.)** - Акутен и хроничен панкреатит - Тумори на панкреасот - *Хируршки третман на заболувања на панкреас (Хроничен панкреатит, псевдоцисти на панкреас, тумори, повреди) – (дигестивна хирургија-1 час)* **Заболувања на црниот дроб (7 часа гастро + 1 час диг. хир.)** - Автоимуни болести на црн дроб (Примарен билијарен холангитис, Примарен склерозантен холангитис, Автоимун хепатитис) - Црнодробна цироза - Неалкохолна масна болест на црн дроб - Тумори, абсцес и ехинокок на црниот дроб - Инфилтративни и метаболни заболувања на црниот дроб - Иктеричен синдром (Видови на хипербилирубинемии, Хронични вирусни хепатити (ХБВ, ХЦВ)) - Токсичен и медикаментозен хепатит, Алкохолна црнодробна болест,

		- *Хепатална хирургија (примарни и секундарни тумори, ехинококоза, апсцеси, повреди) – (дигестивна хирургија-1 час).* **Трансплантација на црн дроб (1 час гастро + 1 час диг. хир.)** - Основи на црнодробна трансплантација - *Трансплантациона хирургија (Основни хируршки принципи на трансплантација на црн дроб и панкреас) – (дигестивна хирургија-1 час)* **Болести на перитонеум, мезентериум и оментум (1 час гастро + 2 часа диг. хир.)** - Воспалителни заболувања и тумори на перитонеум, мезентериум и оментум - *Хируршки третман (Мезентеријални цисти, тумори на перитонеум, ретроперитонеални тумори) – (дигестивна хирургија-1 час)* - *Акутен абдомен (Перитонитис, Duglas-ов апцес, супфреничен абсцес, интраабдоминален абцес, убодни, стрелни и експлозивни повреди, механичка опструкција, илеус, псеудоилеус и акутен панкреатит) – (дигестивна хирургија-1 час).*
13	Заемна поврзаност на предметите	Поврзан со сите предмети од студиската програма Положените модули се услов за да се запишат и полагаат предметите Интерна медицина (11. семестар) и Хирургија (12. семестар)
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	**Интерактивни предавања** - 34 часа (23 часа гастроентерохепатологија + 11 часа дигестивна хирургија); **Семинари** - 13 часа (6 часа гастроентерохепатологија + 2 часа радиологија + 5 часа дигестивна хирургија) - Акутни гастроентерохепатолошки состојби – акутни гастроинтестинални крварења и акутна црнодробна инсуфициенција (1 + 1 = 2 часа) - Ултразвучна дијагностика во гастроентерохепатологијата + интервентни процедури (1 + 1 = 2 часа) - Ендоскопска дијагностика во гастроенетрологијата + интервентни процедури (1 + 1 = 2 часа), - Радиологија на гастроинтестинален тракт и интервентна радиологија кај гастроинтестинални заболувања (2 часа), - Акутни дигестивни хируршки состојби – Акутен абдомен, руптура на слезена и субкапсуларно краварење на слезенка, Абдоминален sид и хернија (Хируршки пристап, инфекции, тумори, епигастрична кила, кила во препонска регија, постоперативна хернија, лумбална хернија, ишијадична хернија, оптураторна хернија, перанална хернија и внатрешни хернии)) (4 часа) - Хируршки техники во дигестивната хирургија - лапароскопска хирургија (Основни начела, пастофизиологија на пнеумоперитонеум, базични и напредни процедури) - (1 час). ***Организација на семинарите***: секој семинар ќе биде организиран со претходно зададена тема, ќе почнува со пред-тест, совладување на едукативна содржина, и ќе завршува со пост-тест.

<table>
<tr><td></td><td></td><td colspan="3">Вежби - 36 часа клинички практични курсеви - 24 часа гастроентерохепатологија (8 вежби x 3 часа) + 12 часа дигестивна хирургија (4 вежби x 3 часа)
Индивидуална работа:
- 3 проектни задачи: гастроентерохепатологија, дигестивна хирургија, предклиничка дијагностика (радиологија), секој по 9 часа кои ќе се изработуваат по менторски тип како задолжителна активност.
Домашно учење: 55 часа</td></tr>
<tr><td>15.</td><td>Вкупен расположив фонд на време</td><td colspan="3">165 часа организирани во: 34 часа предавања 13 часа семинари
36 часа вежби, 27 часа индивидуална работа, 55 часа домашно учење.</td></tr>
<tr><td rowspan="4">16.</td><td rowspan="4">Форми на наставните активности</td><td>16.1.</td><td>Предавања - теоретска настава (часови)</td><td>34 часа</td></tr>
<tr><td>16.2.</td><td>Семинари</td><td>13 часа</td></tr>
<tr><td>16.3.</td><td>Вежби (клинички)</td><td>36 часа</td></tr>
<tr><td>16.4.</td><td>Пракса: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td rowspan="3">17.</td><td rowspan="3">Други форми на активности</td><td>17.1.</td><td>Проектни задачи: часови</td><td>27 часа</td></tr>
<tr><td>17.2.</td><td>Самостојни задачи: часови</td><td></td></tr>
<tr><td>17.3.</td><td>Домашно учење - задачи</td><td>55 часа</td></tr>
<tr><td>18.</td><td>Услови за потпис</td><td colspan="3">За да добие потпис, студентот треба да освои минимум бодови од посета на теоретска, практична настава и семинари.</td></tr>
<tr><td>19.</td><td colspan="4">Начин на оценување: Оценувањето за предметот е со бодови кои влегуваат во оценката од предметот Интерна медицина, а се формира според табелата врз основа на збирот на бодовите од сите активности, континуираните проверки, семинари, практичен и устен дел.
<table>
<tr><th colspan="2">Вид на активност</th><th>Бодови</th></tr>
<tr><td colspan="2">Теоретска настава</td><td>4-6</td></tr>
<tr><td colspan="2">Практична настава</td><td>4-6</td></tr>
<tr><td colspan="2">Семинар (x3)</td><td>4-6 секој
12-18 вкупно</td></tr>
<tr><td colspan="2">Континуирани проверки</td><td>/</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Завршен испит</td><td>Писмен дел</td><td>/</td></tr>
<tr><td>Практичен дел</td><td>20.5-35</td></tr>
<tr><td>Устен дел</td><td>20.5-35</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вкупно</td><td>60-100</td></tr>
</table>
<table>
<tr><td>19.1.</td><td>Континуирана проверка: бодови</td><td>8-12</td></tr>
<tr><td>19.2.</td><td>Тестови: бодови</td><td></td></tr>
<tr><td>19.3.</td><td>Семинар</td><td>12-18</td></tr>
<tr><td>19.4.</td><td>Практичен и устен дел</td><td>41-70</td></tr>
</table></td></tr>
<tr><td rowspan="6">20.</td><td rowspan="6">Критериуми за оценување (бодови/ оценка)
*Бодовите освоени на полагањето на модулите влегуваат во оценката за предметите Интерна медицина (11. семестар) и Хирургија (12. семестар)</td><td>до 59 бода</td><td>5 (пет) F</td></tr>
<tr><td>од 60 до 68 бода</td><td>6 (шест) E</td></tr>
<tr><td>од 69 до 76 бода</td><td>7 (седум) D</td></tr>
<tr><td>од 77 до 84 бода</td><td>8 (осум) C</td></tr>
<tr><td>од 85 до 92 бода</td><td>9 (девет) B</td></tr>
<tr><td>од 93 до 100 бода</td><td>10 (десет) A</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td>21.</td><td colspan="3">Метод на следење на квалитетот на наставата</td><td colspan="3">Студентска анонимна евалуација за предметот, наставниците и соработниците кои учествуваат во изведувањето на наставата.</td></tr>
<tr><td rowspan="12">22.</td><td colspan="6">Литература</td></tr>
<tr><td rowspan="6">22.1.</td><td colspan="5">Задолжителна литература</td></tr>
<tr><td>Ред. број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Соња Генадиева Ставриќ (уредник), група на автори</td><td>Интерна медицина</td><td>Медицински факултет</td><td>2020</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Марија Вавлукис (уредник), група на автори</td><td>Клиничко испитување</td><td>Медицински факултет</td><td>2024</td></tr>
<tr><td>3.</td><td>Кортни М. Таунсенд, помладиот
Даниел Бошам
Марк Еверс
Кенет Л. Матокс</td><td>Учебник по Хирургија на Сабистон</td><td>Табернакул</td><td>2013</td></tr>
<tr><td>4.</td><td>Wedemeyer,
Mauss,
Berg,
Keitel,
Rockstroh,
Sarrazin</td><td>Hepatology
A clinical textbook
11th Edition
2024–2025</td><td>Design: Hanno Schaaf | Schaafkopp.de</td><td>2024-2025</td></tr>
<tr><td rowspan="6">22.2.</td><td colspan="5">Дополнителна литература</td></tr>
<tr><td>Ред. број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Авторизирани предавања</td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Фаучи, Браунвалд, Каспер, Хаузер, Лонго, Џејмсон, Лоскалцо</td><td>Принципи на интерната медицина на Харисон, 17 издание</td><td>Табернакул,</td><td>2012</td></tr>
<tr><td>3.</td><td>Лин С. Бекли
Питер Г. Шилаги</td><td>Бејтсов прирачник за клинички прегледи и земање историја</td><td>Академски печат</td><td>2012</td></tr>
<tr><td>4.</td><td>Чарлс Д. Форбс
Вилијам Ф. Џексон</td><td>Атлас во боја и текстови за клиничка медицина</td><td>Магор</td><td>2010</td></tr>
<tr><td>5.</td><td>Швингхамер Тери Л, Келер Џучија М.</td><td>Фармакотерапија на клинички случаи, Пациент-фокусиран пристап</td><td>Магор</td><td>2011</td></tr>
</table>

Ред.број: 33

Прилог бр.3		**Предметна програма од интегриран (прв и втор) циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	**НЕВРОЛОГИЈА**			
2.	Код	ОМ26 415			
3.	Студиска програма	Прв и втор циклус шестгодишни интегрирани академски студии по општа медицина			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	УКИМ – Медицински факултет Катедра за неврологија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	Четврта (IV)	Семестар	Седми (VII)
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Раководител на Катедрата за неврологија Проф. д-р Наталија Долненец-Банева			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Предуслови за слушање: Положени сите предмети од 1-VI семестар освен - Фармакологија - Трансфузиологија, за кои е потребен само потпис Предуслови за полагање на предметот: - добиен потпис за ислушан предмет неврологија - ислушани теоретски предавања и семинари со редовно присуство, - обавени предвидени вежби и пракса - запишан предмет неврлогија - положени Фармакологија и Трансфузиологија			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето	**Теоретско запознавање со општите принципи на неврологијата:** - Основи на анатомско-морфолошки структурираност и функција на централниот, периферниот и автономниот нервен систем - Принципи на патоанатомските, патофизилошките и биохемиски промени на централниот, периферниот и автономниот нервен систем - Принципи на корелација на клиничките невролошки знаци со анатомската локализација			

		- Општ концепт на кардиналните невролошки групи на заболувања и класификација
		- Клинички пристап на невролошки пациент
		- Општи концепти за справување/менаџирање на пациент со чести, акутни/хронични, но и ретки невролошки заболувања
		- Дијагностички испитувања (базични познавања за начинот на функционирање и процедурата на изведување на дијагностичките методи, со основни познавања за интерпретацијата на наоди од: неврофизиолошките методи, како ЕЕГ, ЕМГ и евоцирани потенцијали; неврорадиолошките како КТМ, КТА и МНР; доплер-сонографија на крвните садови на вратот; лумбална пункција и патолошките наоди на цереброспиналниот ликвор; специфични тестови на егзаминација кај одредени заболувања-како мијастенија гравис, деменција)
		
		Теоретско запознавање со специјалните принципи на неврологијата:
		- Дефиницијата на невролошкото заболување
		- Препознавање на карактеристиките на невролошкото заболување (симптоми, клиничка слика и тек/фази на нарушувањето, епидемиологија, ризични фактори, анатомски и физиолошки карактеристики, патолошки, патофизиолошки и биохемиски нарушувања, класификација-типови/видови на соодветното заболување, диференцијални дијагностички опции на заболувањето, терапевстки опции, хигиено-диететски режими, прогноза-исход, примарна/секундарна превенција
		- Познавање на базични принципи на физикалната терапија и рехабилитација на невролошките системи
		- Познавање на концептот за упатување кај соодветни специјалисти и мултидисциплинарни тимови
		
		Студентот треба добро да се запознае со темата во секоја методска единица/поглавје и во доменот на општиот и на специјалниот сегмент, и да презентира завидни теоретски знаења.
		
		Практични запознавања (вештини на експлорација) со:
		- Базични концепти на техниките на преглед на невролошкиот статус на:
		  - централниот нервен систен
		  - периферниот нервен систем
		  - автономниот нервен систем
		- Базичните концепти на преглед на психичкиот статус
		
		Студентот треба добро да ја познава практиката и вештините од областа, истите да се добро совладани во секоја нејзина методска единица/поглавје и да презентира завидни практични знаења.

		Студентот треба да постигне рамнотежа во знаењата помеѓу теоретскиот и практичниот дел; се препорачува интеграција на теоријата и знаењата од праксата/вештините.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Модул Неврологија 6 ЕКТС** **Предавања и семинари-теоретски содржини:** - Распит на невролошки болен - анамнеза - Објективен наод во неврологијата - невролошки преглед (невролошки статус) - Дијагностички методи во неврологијата - Функционална организација на мозочните лобуси, супкортикалните структури и лимбичниот систем - Лезии и синдроми на нарушувања на системот за сензибилитет (површен и длабок) и кортикален сензибилитет - Лезии и синдроми на нарушувања на периферниот и централниот моторен неврон (пирамиден систем) - Нарушувања на говорот - Лезии и заболувања на кранијалните нерви - Невро-офталмолошки и невро-отолошки нарушувања - Цереброваскуларни заболувања-акутни - Исхемичен инсулт (тромбоза, емболија) - Хеморагичен инсулт (интрацеребрална и субарахноидална хеморагија) - Транзиторна исхемична атака (ТИА) - Цереброваскуларни заболувања - хронични - Васкуларни синдроми на мозочното стебло - Нарушувања на движењето и неволни движења - Невромускулни нарушувања - Невроимунолошки заболувања и генетика на невролошките нарушувања (полирдикулоневритис, мијастенија гравис) - Демиелинизирачки заболувања - мултипла склероза - Нарушувања на свеста и сонот o (квалитативен и квантитативен тип, синкопа, колапс) - Епилепсија - Когниција, нарушувања и деменција - Инфекции на централниот нервен систем - Воспалителни заболувања на централниот нервен систем - Заболувања на малиот мозок - Нарушувања на одот и атаксии - Зголемен интракранијален притисок - Итни состојби во неврологијата - Тумори на централниот и периферниот нервен систем - Трауматски повреди на мозокот и 'рбетниот мозок - Заболувања на 'рбетниот мозок, конус/епиконус, кауда еквина, нервни радикси и плексуси - Болка и невролошки синдроми на болка (брахијалгија, лумбалгија, ишијалгија, радикулопатија, плексопатија) - Невропатии - Главоболка и лицеви болки - Нарушувања на автономниот нервен систем - Екстрапирамиден систем и екстрапирамидни заболувања

		- Паркинсонова болест и паркинсонизам - Вилсонова болест - Хантингтонова болест - Невролошки манифестации кај системски заболувања и интоксикации Студентот, теоретски, добро да ја познава областа во секоја методска единица/поглавје и да презентира завидни теоретски знаења. **Вежби-практична настава и пракса** - Да земе интервју - клиничка анамнеза за да ги идентификува и карактеризира тегобите на пациентите и да го идентификува личниот, семејниот и социјалниот статус - Да размисли за симптомите и другите клинички податоци, за да постави почетна дијагноза или работни дијагнози, врз основа на разбирањето на патогените механизми што лежат во основата на главните тегоби. - Да изврши соматски и невро-психички преглед (статус), тоа ги вклучува следните постапки: - Проценка на психичките функции - Евалуација на нивото на свест (GCS - Глазгов Кома Скала) - Проценка на менталната состојба, вклучувајќи употреба на валиден скрининг тест (MMSE, тест на часовник) - Евалуација на кранијалните нерви - Евалуација на моторниот систем (моторика) - Евалуација на рефлекси и детекција на патолошки рефлекси - Евалуација на сензибилитетот (тестирање на површниот и длабокиот сензибилитет) и сензорните системи - Церебеларна евалуација (атаксија, дијадохокинеза, тремор, нистагмус, дизартрија) - Тест за детекција на екстрапирамидни знаци - Евалуација на одењето и држењето на телото - Тест за менингеална иритација-менингеални знаци - Тест за експлорација на вегетативниот нервен систем - Тест за функција на свинктери - Да ги обработува казусите во нотираните сегменти за егзаминација, да прави јасна и прецизна диференцијација меѓу морбидитетите на казусите, користејќи медицинска терминологија во рамките на интелектуалец со медицински (невролошки) познавања од ранг на доктор по медицина. **Се препорачува:** - Да да се направи организиран запис на клиничката историја и на обавениот преглед.

<table>
<tr><td></td><td></td><td colspan="3">- Да се комуницира емпатично, пристојно и достојно со пациентите и нивните роднини.
- Да се имаат предвид етичките прашања, поврзани со невролошката попреченост, особено когнитивното нарушување.
- Да ги знае главните терапевтски препораки (групи медикаменти и методи за рехабилитација) што се користат во неврологијата, како да ги препише и да биде свесен за најчестите несакани ефекти.
- Да се оспособи да напише медицински извештај, декурсус и епикриза и соодветно да комуницира со колегите.

Студентот треба добро да ја познава практиката и вештините од областа, истите да се добро совладани во секоја нејзина методска единица/поглавје и да презентира завидни практични знаења и вештини.</td></tr>
<tr><td>13</td><td>Заемна поврзаност на предметите</td><td colspan="3">Поврзан со сите предмети од студиската програма</td></tr>
<tr><td>14.</td><td>Детален опис на наставните и работните методи за предметот</td><td colspan="3">Интерактивни предавања, вежби, реализирање семинари со претходно зададени теми.</td></tr>
<tr><td>15.</td><td>Вкупен расположив фонд на време</td><td colspan="3">180</td></tr>
<tr><td rowspan="5">16.</td><td rowspan="5">Форми на наставните активности</td><td>16.1.</td><td>Предавања - теоретска настава: часови</td><td>13</td></tr>
<tr><td>16.2.</td><td>Семинари</td><td>20</td></tr>
<tr><td>16.3.</td><td>Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови</td><td>57</td></tr>
<tr><td>16.4</td><td>Пракса: часови</td><td>24</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td></td><td></td><td>17.1.</td><td>Самостојни задачи: проектна задача</td><td>6</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td>17.2.</td><td>Домашно учење - задачи</td><td>60</td></tr>
<tr><td>18.</td><td>Услови за потпис</td><td colspan="3">За да добие потпис, студентот треба да освои минимум бодови од посета на теоретска и практична настава.

<table>
<tr><td colspan="2">Вид на активност</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">Теоретска настава</td><td>1-2</td></tr>
<tr><td colspan="2">Практична настава</td><td>4-6</td></tr>
<tr><td colspan="2">Семинари</td><td>4-10</td></tr>
<tr><td colspan="2">Континуирани проверки</td><td>5- 9 за еден тест (вкупно за три теста 15-27)</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Завршен испит</td><td>Усмен дел</td><td>25-37</td></tr>
<tr><td>Практичен дел</td><td>10-18</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вкупно</td><td>100 (59мин-100макс)</td></tr>
</table></td></tr>
</table>

<table>
<tr><td>19.</td><td colspan="3">Начин на оценување: Оценката за предметот се формира според табелата на оценки, а врз основа на збирот на бодовите од сите активности, континуираните проверки, семинари и завршниот испит</td></tr>
<tr><td></td><td>19.1.</td><td>Континуирана проверка: бодови</td><td>Континуирани проверки (колоквиуми)
➢ Колоквиум-писмен тест, вкупно 3 теста, од типот multiple choice questions (проверка на знаењето по ислушувањето на методските единици, редоследно, според распоредот на ислушани/завршени предавања/семинари)
➢ Бодови:
- освоени бодови за секој писмен тест 5 мин – 9 макс бода
- вкупно освоени за трите теста
15 мин – 27 макс бода</td></tr>
<tr><td></td><td>19.2.</td><td>Тестови: бодови</td><td>/</td></tr>
<tr><td></td><td>19.3.</td><td>Семинари</td><td>Семинарите се дел од теоретската настава и ќе се одржуваат во термини и со содржини објавени со распоредот на почетокот на семестарот, а ќе бидат задолжителни за студентите. Присуството и ангажираноста на студентите во семинарите ќе се евидентира и бодира, а освоените бодови ќе влезат во крајната оценка за предметот.</td></tr>
<tr><td></td><td>19.4.</td><td>Завршен испит: бодови</td><td>Комплетен завршен испит 100 бодови
➢ Полагањето на комплетниот завршен ипит на предметот се состои од практичен (10-18 бода) и усмен дел (25-37бода).
➢ Со стекнување на предвидениот минимум бодови од практичниот дел се пристапува на усмениот дел
➢ Со стекнување на бодови од останатите активности:</td></tr>
</table>

			-теоретска настава 1-2 -практична настава 4-6 -семинари 4-10 -континуирани проверки-тест: еден тест 5-9, трите теста 15-27 се достигнува вкупно 100 бодови максимум, односно 59 бодови-минимум.
20.	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	до 59 бода	5 (пет) F
		од 60 до 68 бода	6 (шест) E
		од 69 до 76 бода	7 (седум) D
		од 77 до 84 бода	8 (осум) C
		од 85 до 92 бода	9 (девет) B
		од 93 до 100 бода	10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Студентска анонимна евалуација за предметот, наставниците и соработниците кои учествуваат во изведувањето на наставата.	

22. Литература

22.1. Задолжителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	Роџер П. Симон, Дејвид А. Гринберг Мајкл Ј. Аминоф	Клиничка неврологија	Арс Ломина ДОО; 7 едиција,	2011
2.	Ален Х. Ропер, Роберт Х. Браун	Принципи на неврологија на Адамс и Виктор	Магор ДОО; Скопје	2013
3.	Луис П. Роуланд	Меритова неврологија	Табернакул, Скопје 11 Едиција	2011

22.2. Дополнителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	Вера Петрова и група автори	Основни принципи на современата неврологија	Просветно дело; Скопје	2002
2.	Боривоје Радојичиќ (редакција Илија Џонов)	Клиничка неврологија	Култура; Скопје	2006

Ред.број: 34

Прилог бр.3		**Предметна програма од интегриран (прв и втор) циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	**ХИРУРГИЈА - НЕВРОХИРУРГИЈА**			
2.	Код	ОМ26 416			
3.	Студиска програма	Прв и втор циклус шестгодишни интегрирани академски студии по општа медицина			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	УКИМ – Медицински факултет Катедра за хирургија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	Четврта(IV)	Семестар	Седми (VII)
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	2			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Одговорен наставник за неврохирургија Проф. д-р Александар Чапароски			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	За слушање на предметот: Положени**:** сите предмети од I-VI семестар освен - Фармакологија - Трансфузиологија, за кои е потребен само потпис			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	• Стекнување познавањеа за основните состојби и болести во неврохирургија • Стекнување на вештини за хируршките интервенции во неврохирургија			
12.	Детална содржина на	**Наставата ќе биде организирана со предавања, семинари и вежби.**			

	предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	• **Теоретска настава:** Предавањата ќе бидат подготвени од страна на наставницита и резервирани за оние теми кои не се погодни за семинари. Во тек на предавањата се очекува активно учество на студентите со поставување на прашања и коментари се со цел да предавањата да бидат интерактивни. • **Семинари:** семинарите ќе бидат приготвени од страна на студент или група на 3 студенти. Детали за начинот на приготвување на презентацијата ќе добијат од страна на менторот за одредена тема. Листата на предвидени семинари ќе биде доставена од страна на наставниците на почеток на семестарот. Студентите ќе презентираат PPT презентација, по што семинарот продолжува со дискусија од страна н наставникот и потенцирање на сите важни и практични аспекти за дадената тема. • **Практична настава:** во вид на клинички вежби кои ќе бидат организирани во мали групи на различни клинички оддели според однапред даден распоред. Во тек на вежбите се очекува активно учество на студентите во интервјуирање (земање анамнеза) на пациентот и неговите родители и изведување на клиничкиот преглед, по што ќе следи детална дискусија со менторот за симптомите, знаците, диференцијалната дијагноза, пристап и терапија. **Предавања** **1. ВОВЕД ВО НЕВРОХИРУРГИЈАТА** Историјат Хируршка и функционална анатомија на главата, рбетникот и ЦНС (1 час) **2. КЛИНИЧКИ ПРЕГЛЕД И ПАРАКЛИНИЧКИ ИСПИТУВАЊА** Анамнеза, физикален преглед, неврохируршка проценка, коматозна состојба клинички иследувања: Неврорадиологија (негативни-RTG, CT, ангиографија, MRI, PET), неврооофтомолошки испитувања, неврооотолошки испитувања, неврофизиолошки испиутања (1 час) **3. ВРОДЕНИ АНОМАЛИИ** Спинален дизрафизам, менингомиелоцели, енцефалоцели, краниосиностози, Chiary-малформации, Dandy-walker Sy, конгенитален хидроцефалус, арахноидални цисти (1часа) **4. КРАНИОЦЕРЕБРАЛНИ ПРОВРЕДИ-КЦП** Епидемиологија,механизам на настанување, патофизиологија на КЦП, патоанатомски промени при КЦП, клиничка проценка на пациент со КЦП, категоризација на тежината на КЦП врз основа на Глазгов Кома Скала, протокол на дијагностички постапки, континуирано следење на пациент со КЦП, повреди на главата, скршеници на черепот, дифузни повреди, интракранијална трауматски хематоми, огнострелни повреди, иницијален терапеврски пристап кај КЦП, мониторин кај пациент со КЦП, третман на пациент со КЦП, исход при КЦП (2 часа) **5. ЦЕРЕБРОВАСКУЛАРНИ ЗАБОЛУВАЊА**

		Спонтани интракранијални хеморагии, клиничка процена на пациенти со интракранијални хеморагии,протокол на параклинички испитувања, васкуларни малформации, церебрални аневризми, артериовенски малформации, каротико-кавернозни фистули, кавернозни ангиоми, иницијални терапветски псотапки, мониторинг и третман при спонтани интракранијални хеморагии, хируршко лекување, ендоваскуларни постапки, исход (1 час) **6. НЕВРООНКОЛОГИЈА** Хистопатолошка класификација, "Биологија" на мозочни тумори, клинички аспекти на презентација на интракранијалните тумори, ембрионални тумори, протокол на параклинички испитувања, интрааксијални тумори: астроцитни тумори, олигодендроглијални тумори , тумори од епендимално потекло, тумори на пинеална регија, интравентрикуларни тумори; екстрааксијални тумори: поделба на екстрааксијални тумори, метастатски тумори на мозокот, тумори во задна черепна јама, тумори на обвивлите на мозокот, интравентрикуларни тумори; тумори на база на черепот, аденоми на хипофизата и тумори во селарна регија, интраорбитални тумори, тумори на поглавината и калваријата, сеудотумори на мозок, терапевтски менаџмент, микрохируршки пристапи, ендоскопски методи во неврохирургијата, радиохируршки третман (gamma knife, proton beam) (2 час) **7. ИНФЕКТИВНИ И ПАРЗИТАРНИ ЗАБОЛУВАЊА НА ЦЕНТРАЛЕН НЕРВЕН СИСТЕМ** meningitis/ventriculitis, остеомиелитис на черепот, субдурален емпием, мозочни апцеси, паразитарни инфекции (ехинокок, цистицеркоза), други видови инфекции, (TBC, AIDS, Creutzfeld-Jacob-ова болест), клиничка презентација и дијагностички протоколи (1 час) **8. ЗАБОЛУВАЊА НА РБЕТНИКОТ И РБЕТНИОТ МОЗОК** Преглед на болен со спинални тегоби, протокол на параклинички испитување(RTG, KT, MRI, EMG, SEP), интрадурални тумори, повреди на рбетен мозок, тумори на спиналниот канал, дегенеративни заболување на рбетниот столб: дискална протрузија и екструзија, спинална стеноза, сподилолистеза, компресивни патолошки фрактури (1 час) **9. ПЕРИФЕРНИ НЕРВИ** Клинички манифестации при повреди на периферни нерви, компресивни синдроми, тумори на периферни нерви, микрохируршки третман(1 час) **10. ФУНКЦИОНАЛНА НЕВРОХИРУРГИЈА** Хируршко лекување на болка, хируршко лекување на спастицитет, хируршко лекување на епилепсија, стереотоксична хирургија (биопсии, Паркинсова болест, радиотерапија), тригеминална невралгија) (1 час) **Семинари**

<table>
<tr><td></td><td></td><td colspan="3">1. Семинар: дискална протрузија, екструзија, верификација и модалитети за третман
2. Семинар: високо градусни глиоми, инциденца, дијагноза и хируршки третман
3. Семинар: Краниоцеребрални повреди, механизам на повреда, инциденца, можни модалитети на третман, морбидитет, морталитет и трајни последици</td></tr>
<tr><td>14.</td><td>Детален опис на наставните и работните методи за предметот</td><td colspan="3">Интерактивни предавања, вежби, реализирање семинари со претходно зададени теми.</td></tr>
<tr><td>15.</td><td>Вкупен расположив фонд на време</td><td colspan="3">60 часа (12 часа предавање, 3 семинари, 15 вежби и 30 часа домашно учење)</td></tr>
<tr><td rowspan="4">16.</td><td rowspan="4">Форми на наставните активности</td><td>16.1.</td><td>Предавања - теоретска настава. часови</td><td>12</td></tr>
<tr><td>16.2.</td><td>Семинари</td><td>3</td></tr>
<tr><td>16.3.</td><td>Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови</td><td>15</td></tr>
<tr><td>17.2.</td><td>Пракса: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td rowspan="4">17.</td><td rowspan="4">Други форми на активности</td><td>17.1.</td><td>Проектни задачи: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>17.2.</td><td>Самостојни задачи: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td>17.3.</td><td>Домашно учење – задачи</td><td>30</td></tr>
<tr><td>18.</td><td>Услови за потпис</td><td colspan="3">За да добие потпис, студентот треба да освои минимум бодови од посета на теоретска и практична настава.

Мимимум 60% присуство (од теориската и практична настава) е неопходно за студентот да добие финален потпис и право на полагање на испитот.</td></tr>
<tr><td>19.</td><td colspan="4">Начин на оценување: Оценката за предметот се формира според табелата на оценки, а врз основа на збирот на бодовите од сите активности, континуираните проверки, семинари и завршниот испит . Освоените бодови влегуваат во пресметувањето на оценката за предметот Хирургија во 12. семестар
<table>
<tr><th colspan="2">Вид на активност</th><th>Неврохирургија</th></tr>
<tr><td colspan="2">Теоретска настава</td><td>15</td></tr>
<tr><td colspan="2">Практична настава</td><td>10</td></tr>
<tr><td colspan="2">Семинари</td><td>15</td></tr>
<tr><td colspan="2">Континуирани проверки</td><td>/</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Завршен испит</td><td>Писмен дел(колоквиум)</td><td>20</td></tr>
<tr><td>Практичен деч (Усен испит)</td><td>40</td></tr>
</table></td></tr>
</table>

		Вкупно		**60-100**	
	19.1.	Континуирана проверка: бодови		**Континуирани проверки (1 колоквиум и ако положи преоѓа на усен испит)**	
	19.2.	Тестови: бодови		20	
	19.3.	Семинари		3x5=15	
	19.4.	Завршен испит: бодови		Проверка на знаењето преку писмен тест. Положен тест се смета доколку има одговорено најмалку 60% од бодовите.	
20.	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 59 бода		5 (пет) F
			од 60 до 68 бода		6 (шест) E
			од 69 до 76 бода		7 (седум) D
			од 77 до 84 бода		8 (осум) C
			од 85 до 92 бода		9 (девет) B
			од 93 до 100 бода		10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		Студентска анонимна евалуација за предметот, наставниците и соработниците кои учествуваат во изведувањето на наставата.		

22.

Литература

22.1. Задолжителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	Катедра по хирургија, Медицински факултет, Универзитет “Св. Кирил и Методиј”, Скопје	Специјална хирургија		
2.	Кортни М. Таунсенд, помладиот, Даниел Бошам, Марк Еверс, Кенет Л. Матокс	Учебник по хирургија на Сабистон	Табернакул	2013
3.	Греенберг М.	Handbook of Neurosurgery	Thieme Medical Publishers	2019

22.2. Дополнителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година

		1.	Алберт. J. Ротон	Rhoton cranial anatomy and surgical approaches	Lippincott Williams & Wilkins	2003
		2.				

Ред.број:35

Прилог бр. 3		**Предметна програма од интегриран (прв и втор) циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	**УРИНАРЕН СИСТЕМ** - Интерна медицина – Нефрологија - Хирургија – Урологија			
2.	Код	ОМ26 421			
3.	Студиска програма	Прв и втор циклус шестгодишни интегрирани академски студии по општа медицина			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	УКИМ – Медицински факултет Катедра за Интерна медицина Катедра по хирургија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	Четврта (IV)	Семестар	Осми (VIII)
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	5			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Одговорни за наставата ќе бидат координатори од областите Нефрологија и Урологија Доц д-р Лада Трајческа (Нефрологија) Проф. д-р Оливер Станков (Урологија) Во наставата учествуваат наставници од: Катедрата за Интерна медицина (област нефрологија) Катедрата за хирургија (област урологија) Катедрата за нуклеарна медицина Катедрата за радиологија			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Положени**:** сите предмети од I-VI семестар освен Потпис: Општа хирургија Кардиоваскуларен систем Неврологија			

		Респираторен систем Дигестивен систем Хирургија – неврохирургија Положени испити од предметите Фармакологија и Трансфузиологија
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Цели на предметата прогрма: - Студентот да развие способност да поставува дијагноза на најчестите заболувања на бубрезите и уринарниот тракт врз основа на анамнестички податоци, физикален преглед, лабораториски и параклинички испитувања. - Самостојно да пружи итна медицинска помош кај пациенти со уринарни заболувања. - Да ги совлада современите методи на лекување. - Да стекне холистичко разбирање на заболувањата на уринарниот систем и да го препознае нивното влијанието врз целиот организам, вклучително и во психосоцијална смисла, и спротивно, да го разбере влијанието на други заболувања врз состојбата на уринарниот систем и врз заболувањата кои го засегаат. Студентите учат за епидемиологија, патофизиологија, патоморфологија и генетика на бубрежните и заболувањата на уринарниот тракт; (вродени аномалии, наследни фактори, инфекции, дегенеративни промени, повреди, малигноми), превенција на заболувања на бубрезите и уринарниот тракт, дијагностика, принципи на лабораториска медицина; акутни бубрежни заболувања (инфекции, исхемија, васкулопатии); хронични заболувања (дегенеративни, малигни); итни состојби (акутно бубрежно оштетување); Третман на бубрежни и заболувања на уринарниот тракт (не-фармаколошки, фармаколошки, рехабиллитација); видови на ренална заместителна терапија и васкуларни пристапи, принципи на дијагностика и третман на имунокмпромитиран пациент, припрема и водење на пациент пред и по трансплантација; принципи на радиолошки дијагностички процедури; интервентни радиолошки процедури. Ќе научат за подготовка на пациентот пред операција, основите на општа и регионална анестезија, ублажување на болката и основни и дополнителни процедури за реанимација. Со стекнатите знаења студентот по медицина ќе може да лекува пациент со клиничка слика на акутен абдомен, со скриени и јасни знаци на заболувања на уринарниот тракт, потреба од вклучување на други специјалисти во третманот, па сè до индикации за хируршки третман. **Компетенции кои ќе се стекнат** - Клиничка проценка и дијагноза на заболувања на уринарниот тракт - Применува итни интервенции и терапевтски процедури - Интерпретира резултати од неинвазивни и инвазивни дијагностички методи - Препознава и третира акутни и хронични состојби на бубрезите и уринарниот тракт - Применува принципи на примарна и секундарна превенција - Вклучи психосоцијални и мулти-системски аспекти во клиничката проценка

		- Применува интердисциплинарен пристап
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Во рамките на овој предмет се опфатени следните специјалности:** Нефрологија, Урологија Радиологија и Нуклеарна медицина (Сликовни дијагностички процедури) **Нефрологија 18 часа + Урологија 18 часа** **Содржината вклучува:** - Епидемиологија на заболувања на бубрезите и уринарниот тракт - Патофизиологија и патоморфологија на заболувања на уринарен систем - Основни симптоми и знаци на уринарен тракт - Причини на заболувањата (генетски фактори, вродени аномалии, системски, автоимуни, инфекции, повреди итн.) - Дијагностички процедури - Акутни заболувања на уринарниот систем - Хронични заболувања на уринарниот систем - Ургентни состојби во урологијата и нефрологијата - Лекување на заболувања на уринарен тракт(нефармаколошко, фармаколошко, дијализни и аферезни техники, васкуларни и прекутани интервентни , хируршко лекување) - Рехабилитација - Превенција (примарна, секундарна) - Принципи на лекување со трансплантација **<u>Методски единици</u>** **1. Вовед во болести на уринарен тракт 2 часа (1 нефро + 1 час уро)** - Воведно предавање за заболувања на уринарен тракт - (1 час нефро.) Вродени аномалии на урогениталниот систем (1 час уроло.) **2. Бубрежни гломеруларни, тубуларни и васкуларни заболувања – 6 часа нефрологија** - Гломеруларни заболувања – акутни и хронични (1 час нефро) - Гломерулопатии асоцирани со системски заболувања (1 час нефро) - Ренални тубуларни нарушувања (2 часа нефро) - Ренални васкуларни нарушувања (2 час нефро) **3. Метаболни заболувања, интерстициопатии (1 час нефро)** - Дијабетична нефропатија - Урична нефропатија - Аналгезична нефропатија **4. Инфекции на уринарен тракт** 2 часа – 1 нефрологија +1 час урологија - Уринарни инфекции -нефролошки аспекти (1 час нефро) - Уринарни инфекции -хируршки аспеки (1 час уроло.) **5. Наследни болести болести на уринарен тракт (1 час нефрологија)** - Цистични болести на бубрезите - Наследни гломеруларни болести

		- Наследни метаболни болести ***6.*** **Ургентни состојби и повреди на уринарен тракт - 3 часа (1 час нефро+2 часа уро)** - Ургентни состојби во нефрологијата - 1 час нефро - Ургентни состојби во урологијата (1 час урологија) - Поверди на урогенителниот систем (1 час уроло.) **7. Бубрежна слабост 3 часа нефрологија** - Акутно бубрежно оштетување (2 часа нефро.) - Хронична бубрежна болест (1 час нефро) **8. Нарушувања на течности, електролити и јони–3 часа (2 часа нефро +1час урологија)** - Водно-електролити нарушувања - Ацидобазен статус кај бубрежни заболувања - Хирургија на надбурег (1 час уроло.) **9. Калкулоза и стаза на уринарен систем – 3 часа урологија** - Калкулоза на уринарниот систем - Уринарна опструкција и стаза **10. Бубрежна трансплантација –2 часа (1час нефро+1 час уро)** - Транспланатција - припрема и следење (1 час нефро) - Бубрежна трансплантација – хируршки аспекти (1 час уроло.) **11. Тумори на уринарен тракт 3 часа урологија** - Бенигна простатична хиперплазија, - Карцином на простата - Тумори на уроепителијалиум - Тумори во скротум **12. Хируршки аспекти на заболувања во скротум 1 часа урологија** - Варикоцела, хидроцела, хематоцела - Машки стерилитет - Еректилна дисфункција **13.** Уролошка пропефефтика- 1час Уролошка семиологија- 1 час **14.** Минимални извазивни процедури - 1 час TUR- ласери - 1 часа
13	Заемна поврзаност на предметите	Поврзан со сите предмети од студиската програма
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	**1.Интерактивни предавања-36 часа** Нефрологија 18 часа урологија 18 часа **2. Семинари - 10 часа** **6 часа семинари нефрологија** 1 час - Биопсија бубрег- патоанатомска и серолошка дијагностика- нефро 2 часа -Техники на хемодијализа, перитонеаплна дијализа, хемоперфузија, афереза – нефро 1 час - Васкуларни пристапи – нефро

		1 час - Ултразвучна дијагностика, доплер и васкуларен ултразвук – нефро 1 час - Фармакологија и дози на лекови кај бубрежни заболувања - нефро **2 часа семинари урологија** 1-час - Биопсија простата-уро 1-часа – Техники на решавање на уринарна опструкција и стаза- уро **1 час нуклеарна медицина** 1 час - Нуклеарна мед. – скен на бубрези, паратироиди – 1час нукл. **1час радиологија;** 1 час - Радиологија (РТГ, КТ, МУЦГ, МР) - радиологија **Организација на семинарите**: секој семинар ќе биде организиран со претходно зададена тема, ќе почнува со пред-тест, споделување на едукативна содржина, и ќе завршува со пост-тест. **3. Вежби - 34 часа:** - **претклинички практични курсеви: 2 часа** - 1 курс нуклеарна дијагностика на уринарен систем (1 час) + - 1 курс радиодијагнстика на уринарен систем (1 часа); - **32 часа клинички практични курсеви** - 24 часа нефрологија (8 вежби х 3 часа) - 8 часа урологија (4 вежби х 2 часа) **4. Индивидуална работа**:**3 проектни задачи (30часа)** - Нефрологија -10 часа кои ќе се изработуваат по менторски тип како задолжителна активност. - Урологија -10 часа кои ќе се изработуваат по менторски тип како задолжителна активност. - преклиничка дијагностика (изборно радиологија или нуклеарна дијагностика) -10 часа кои ќе се изработуваат по менторски тип како задолжителна активност. **4. Домашно учење**: 40 часа		
15.	Вкупен расположив фонд на време	150 часа организирани во: 36 часа предавања 10 часа семинари 34 часа вежби, 30 часа индивидуална работа, 40 часа домашно учење.		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања - теоретска настава (часови)	36 часа
		16.2.	Семинари	10 часа
		16.3.	Вежби (претклинички и клинички)	2 + 32 часа
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: 1. Нефрологија 2. Изборен (нуклеарна или радиологија) 3. Урологија	30 часа

		17.2.	Домашно учење - задачи	40 часа

18. Услови за потпис

За да добие потпис, студентот треба да освои минимум бодови од посета на теоретска, практична настава и семинари.

Вид на активност	**Нефрологија**	**Урологија**	**Бодови**
Теоретска настава	1-2	1-2	2-4
Практична настава	1-2	1-2	2-4
Семинар 1 Нефрологија	4-6	/	4-6
Семинар 2 Изборен (нуклеарна или радиологија)	4-6	/	4-6
Семинар 3 Урологија	/	2-4	2-4
Писмен дел урологија	/	6-10	6-10
Практичен дел	10-17	10-16	20-33
Устен дел	10-17	10-16	20-33
Вкупно	**30-50**	**30-50**	**60-100**

19. Начин на оценување: Оценката за предметот се формира според табелата на оценки, а врз основа на збирот на бодовите од сите активности, континуираните проверки, семинари и завршниот испит

19.1.	Континуирана присуство: бодови	4-8
19.2.	Тест урологија: бодови	6-10
19.3.	Семинар	10-16
19.4.	Завршен испит: бодови Практичен испит нефрологија Практишен испит урологија Устен испит нефрологија Устен испит урологија	40-66

20. Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	до 59 бода	5 (пет) F
	од 60 до 68 бода	6 (шест) E
	од 69 до 76 бода	7 (седум) D
		(класична електроенцефалографија, континуриана, ЕЕГ во педијатриска интензивна нега). Ретки невролошки болести и синдроми. Дистонии,Церебрална парализа (дијагноза, класификација, рехабилитација). Акутни невролошки состојби (актни демилиниезирачлки, полирадикулоневритис). Автоимуни болети (автоимун енцефалит, васкуларни, мијастенија гравис). • **Неонатологија** Ризични новородени (прематурни, родени мали и големи за гестациската возраст).Прематурни новородени со екстемно ниска родилна тежина.Компликации од прематуритет. Неонатална нутриција и гастроентерологија. Хидроелектролитна рамнотежа и хемодиналмски промени кај новрдено. Неонатална хематологија и хипербилирубинемија. Неонатална дизморфологија, генетски и вродени метаболни болести. Неонатална неврологија. Неонатални инфекции и иунолошки одговор. Респираторен дистрес кај новородено. Хипооксично-исхемична енцефалопатија. Цијаногени и нецијаногени срцеви мани. Неонатален апститенцијален синдром. • **Педијатриска хематологија** Анемии. Преметурање на хемостазата. Пореметувања и болести на леукоцитите (физиологија и патофизиологија на леукоцититите, конгенитални пореметувања на гранулоцититет, стекнати неутропении). Лимфаденитис. Леукемии и лимфоми во детска возраст. Хемостаза и пореметување на хемостаза. **Педијатриска онкологија.**Основи на педијатриска онкологија.Тумори на ЦНС. Солидни тумори во детска возраст. Принципи на палијативна нега. • **Педијатриска нефрологија** - Метаболизам на вода и електролити кај деца со бубрежни болести. Конгенитални аномалии на бубрезите и уринарниот тракт (диспластични бубрези, верикоуретрален рефлукс, пиелоуретерична стеноза, валвула на задна уретра).Гломерулонефритис (вклучително и генетски и стекнати форми на подоцитопатии). Тубулоинтерстицијални болести (инфективни, автоимуни, метаболни, лекови, токсини итн.) Вродени и цистични болести на бубрезите. Акутна бубрежна инсуфициенција (вклучително типичен и атипичен хемолитично-уремичен синдром). Хронична бубрежна инсуфициенција кај деца (педијатриска перитоенална дијализа, хемодијализа, бубрежна трансплантација) • **Педијатриска ендокринологија** Низок раст (дефицит на хормон за раст, Turner синдром, ретки генетски причини). Болести на коските (скелетна дисплазија,остепопороза, рахитис).Тироидни заболувања (конгенитален хипотироидизам, хипертироисизам, автоимун тироидитис, малигни болести). Болести на надбубрежната жлезда (конгенитална адренална хиперплазија, Cushing синдром). Пореметувања на пубертет (ран и касен пубертет). Пореметување на сексуалната диференцијација. Дијабетес мелитус кај децата. Обезитет во детска возраст. Ендокрини секвели од малигни болести. Клиничка генетика и синдроми. Ензимски заместителни и генетски терапии. • **Педијатриска кардиологија** Кардиолошка анамнеза и статус. Дијагностички методи во педијатриска кардиологија. Конгенитални срцеви мани (мани со лево-десен шант, мани со десно-лев шант, мани без шант). Диагностика на срцеви болести кај

		деца (ЕКГ, холтер, ехокардиографија). Воспалителни срцеви болести. Ревматски валвуларни болести. Кардиомиопатии. Пореметување на срцевата фрекфенција и срцевиот ритам. • **Педијатриска интензивна нега и терапија** Препознавање на тешко болно дете. Педијатриска и неонатална интензивна нега и терапија.Мултиорганско засегање.Срцева инсуфициенција и реанимација. Основна и напредна педијатриска реанимација(BPLSи APLS). Респираторна инсуфициенција. Инванзивна и неинвазивна механичка вентилација. Циркулаторно затајување. Шок и кома. • **Педијатриска пулмологија** Акутни гороресиратони инфекции,бронхиолити и бронхити. Пневмонии. Астма –дијагноза, водење и едукација и следење. Цистична фиброза – скрининг, дијагноза и третман. Вентилациони пореметувања –ателектаза, емфизем (алфа1-антитрипсин дефицит). Пневмоторакс. Хронични болести на респираторниот систем во детска возраст – примарна цилијарна дискинезија, интерстицијална белодробна болест, бронхо-пулмонална дисплазија, конгенитални аномалии на респираторниот систем. Белодробна туберкулоза. Акутна и хронична респираторна поддршка. Опструктивна sleep апнеа. Функционални тестови во пулмологија. **- Алергологија**: алергија на храна, инхалаторни алергени, атопичен дерматитис, акутна и хронична уртикарија, анафилакса – клиничка слика, дијагностички тестови и терапија, имунотерапија • **Клиничка имунологија** Вроден и стекнат имунитет. Примарни имунодефицити – класификација, клинички знаци, дијагноза, следење. Дијагностички пристап на дете при сомнение за имундефицит. Лабораториски анализи кај имодефициенции.Kawasaki-ева болест, нодозен полиартеритис, автоинфламаторни болести. • **Педијатриска ревматологија** Ревматска треска, Јувенилен ревматоиден артритис – дефиниција, класификација клиничка слика, дијагноза, терапија. Колагенози - СЛЕ, јувенилен дерматомиозитис, склеродермија. Васкулити (Schonlein-Henoch-Glanzmann пурпура. • **Нарушување на психофизиолошкиот развој** Аутизам, АДХД, интелектуална попреченост, растројства на школски способности. Анорексија и булимија. **Методи на реализирање на наставата** **Наставата ќе биде организирана со предавања, семинари и клинички вежби.** • **Теоретска настава:** Предавањата ќе бидат подготвени од страна на наставницита и резервирани за оние теми кои не се погодни за семинари. Во тек на предавањата се очекува активно учество на студентите со поставување на прашања и коментари се со цел да предавањата да бидат интерактивни. • **Семинари:** семинарите ќе бидат приготвени од страна на студент или група на 3 студенти. Детали за начинот на приготвување на презентацијата ќе добијат од страна на менторот за одредена тема.

		Листата на предвидени семинари ќе биде доставена од страна на наставниците на почеток на семестарот. Студентите ќе презентираат PPT презентација, по што семинарот продолжува со дискусија од страна н наставникот и потенцирање на сите важни и практични аспекти за дадената тема. • **Практична настава**: во вид на клинички вежби кои ќе бидат организирани во мали групи на различни клинички оддели според однапред даден распоред. Во тек на вежбите се очекува активно учество на студентите во интервјуирање (земање анамнеза) на пациентот и неговите родители и изведување на клиничкиот преглед, по што ќе следи детална дискусија со менторот за симптомите, знаците, диференцијалната дијагноза, пристап и терапија.		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Интерактивни предавања, вежби, реализирање семинари со претходно зададени теми.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	360 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	70 (26 + 44)
		16.2.	Семинари	35 (14 + 21)
		16.3.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	75 (35 + 40)
		17.2.	Пракса: часови	60 (30 + 30)
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	/
		17.2.	Самостојни задачи: часови	/
		17.3.	Домашно учење – задачи	120 (45+75)
18.	Услови за потпис	За да добие потпис, студентот треба да освои минимум бодови од посета на теоретска и практична настава. Мимимум 80% присуство (од теориската и практична настава) е неопходно за студентот да добие финален потпис и право на полагање на испитот. Неопходен услов за право на полагање е учество и презентација во најмалку еден семинар.		
19.	Начин на оценување: Оценката за предметот се формира според табелата на оценки, а врз основа на збирот на бодовите од сите активности, континуираните проверки, семинари и завршниот испит			
	19.1.	Континуирана проверка: бодови	**МОДУЛ 1 – Општа педијатрија** Проверка на знаењето преку писменелиминационен тест. Положен тест се смета доколку има одговорено најмалку 60% од бодовите.	

	19.2.	Тестови: бодови		
	19.3.	Семинари		/
	19.4.	Завршен испит: бодови		**Завршниот испит опфаќа практичен и теориски дел.** Право на завршен испит има студентот кој претходно го положил елиминациониот тест. Во тек на практичниот дел студентот треба на направи соодветна клиничка проценка (кај пациент со типичка клиничка презентација на болеста), со самостојно земање на анамнеза, клинички преглед и лабораториски наоди. Во тек на теориският дел студентот одговара усно на најмалку 3 поставени прашања од различни педијатриски области. - **Присуство на теоретска настава 3 -5 бода** - **Присуство на вежби 5-10 бода** - **Презентација на семинар 7-10 бодови** - **Практичен и устен дел: 45-75 бода**
20.	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 59 бода	5 (пет) F
			од 60 до 68 бода	6 (шест) E
			од 69 до 76 бода	7 (седум) D
			од 77 до 84 бода	8 (осум) C
			од 85 до 92 бода	9 (девет) B
			од 93 до 100 бода	10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		Студентска анонимна евалуација за предметот, наставниците и соработниците кои учествуваат во изведувањето на наставата.	

22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Karen Marcdante, Robert Kliegman	Nelson Essentials of Pediatrics8th Edition	Elsevier	2018
		2.	Душко Мардешиќ и соработници	Педијатрија (8 издание)	ŠkolskaknjigaZagreb	2021

	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Наставници Катедра за педијатрија	Авторизирани предавања		

Ред.број:53

Прилог бр.3		**Предметна програма од интегриран (прв и втор) циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	**ХИРУРГИЈА - ДЕТСКА ХИРУРГИЈА**			
2.	Код	ОМ26 524			
3.	Студиска програма	Прв и втор циклус шестгодишни интегрирани академски студии по општа медицина			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	УКИМ – Медицински факултет Катедра за хирургија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	Петта (V)	Семестар	Десетти (X)
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	2			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Одговорен наставник за детска хирургија Проф. д-р Лазар Тодоровиќ			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Исполнет услов за упис во X семестар Положено клиничко испитување – хирургија			

11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	- Стекнување познавањеа за основните состојби и болести во детската хирургија - Стекнување на вештини за хируршките интервенции во детската хирургија
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Наставата ќе биде организирана со предавања, семинари и вежби.** • **Теоретска настава:** Предавањата ќе бидат подготвени од страна на наставниците и резервирани за оние теми кои не се погодни за семинари. Во тек на предавањата се очекува активно учество на студентите со поставување на прашања и коментари се со цел да предавањата да бидат интерактивни. • **Семинари:** семинарите ќе бидат приготвени од страна на студент или група на 3 студенти. Детали за начинот на приготвување на презентацијата ќе добијат од страна на менторот за одредена тема. Листата на предвидени семинари ќе биде доставена од страна на наставниците на почеток на семестарот. Студентите ќе презентираат PPT презентација, по што семинарот продолжува со дискусија од страна н наставникот и потенцирање на сите важни и практични аспекти за дадената тема. • **Практична настава:** во вид на клинички вежби кои ќе бидат организирани во мали групи на различни клинички оддели според однапред даден распоред. Во тек на вежбите се очекува активно учество на студентите во интервјуирање (земање анамнеза) на пациентот и неговите родители и изведување на клиничкиот преглед, по што ќе следи детална дискусија со менторот за симптомите, знаците, диференцијалната дијагноза, пристап и терапија. **Предавања** **Неонатална хирургија** Вродени аномалии, типови, дијагностика, третман (оперативен/конзервативен), комликации **Детска абдоминална хирургија** Дијагностика и третман на акутни абдоминални состојби, повреди на паренхимни органи, повреди на дигестивен тракт, вродени аномалии на дигестивен тракт, стекнати состојби. **Детска трауматологија** Повреди на скелетен систем-скршеници и повреди на меки ткива. Механизам на повреда, дијагностика, начин на имобилизација, индикации за оперативен третман, типови на операциии, остеосинтетски материјал, постоперативна имобилизација, постоперативна рехабилитација, екстракција на остеоинтетски материјал **Детска торакална хирургија** Дијагностика и третман акутни состојби, вродени аномалии, стекнати состојби. **Детска пластична хирургија**

<table>
<tr><td></td><td></td><td colspan="3">Дијагностика и третман на повреди на меки ткива, крвни садови, нерви, тетиви., вродени аномалии на кожа и поткожно ткиво, третман на изгореници, третман на комликации после изгореници
Детска урологија
Дијагностика, индикации за оперативен третман на акутни состојби и вродени аномалии. Комликациии и последици од нетретирање или задоцнето третирање, туморска патологија на уринарен тракт

Семинари
- Семинар: Интестинални атрезии-типови, дијагностика, оперативен третман
- Семинар: Скршеници на лакт во детска возраст-дијагностика, третман, имобилизација, постоперативна рехабилитација
- Семинар: Неспуштен тестис-дијагностика, индикации за третман, последици од нетретирање или задоцнето третирање</td></tr>
<tr><td>14.</td><td>Детален опис на наставните и работните методи за предметот</td><td colspan="3">Интерактивни предавања, вежби, реализирање семинари со претходно зададени теми.</td></tr>
<tr><td>15.</td><td>Вкупен расположив фонд на време</td><td colspan="3">60 часа (12 часа предавање, 3 семинари, 15 вежби и 30 часа домашно учење)</td></tr>
<tr><td rowspan="4">16.</td><td rowspan="4">Форми на наставните активности</td><td>16.1.</td><td>Предавања - теоретска настава. часови</td><td>12</td></tr>
<tr><td>16.2.</td><td>Семинари</td><td>3</td></tr>
<tr><td>16.3.</td><td>Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови</td><td>15</td></tr>
<tr><td>17.2.</td><td>Пракса: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td rowspan="3">17.</td><td rowspan="3">Други форми на активности</td><td>17.1.</td><td>Проектни задачи: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td>17.2.</td><td>Самостојни задачи: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td>17.3.</td><td>Домашно учење – задачи</td><td>30</td></tr>
<tr><td>18.</td><td>Услови за потпис</td><td colspan="3">За да добие потпис, студентот треба да освои минимум бодови од посета на теоретска и практична настава.

Мимимум 60% присуство (од теориската и практична настава) е неопходно за студентот да добие финален потпис и право на полагање на испитот.</td></tr>
<tr><td>19.</td><td colspan="4">Начин на оценување: Оценувањето за предметот е со бодови кои влегуваат во оцентака од предметот Хирургија (12. семестар), а се формира според табелата врз основа на збирот на бодовите од сите активности, континуираните проверки, семинари, практичен и устен дел.

<table>
<tr><th>Вид на активност</th><th>Детска хирургија</th></tr>
<tr><td>Теоретска настава</td><td>15</td></tr>
<tr><td>Практична настава</td><td>10</td></tr>
<tr><td>Семинари</td><td>15</td></tr>
<tr><td>Континуирани проверки</td><td>/</td></tr>
</table>
</td></tr>
</table>

		Завршен испит	Писмен дел(колоквиум)	20	
			Практичен деч(Усен испит)	40	
		Вкупно		**60-100**	
	19.1.	Континуирана проверка: бодови		**Континуирани проверки (1 колоквиум и ако положи преоѓа на усен испит)**	
	19.2.	Тестови: бодови		20	
	19.3.	Семинари		3x5=15	
	19.4.	Завршен испит: бодови		Проверка на знаењето преку писмен тест. Положен тест се смета доколку има одговорено најмалку 60% од бодовите.	
20.	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 59 бода	5 (пет) F	
			од 60 до 68 бода	6 (шест) E	
			од 69 до 76 бода	7 (седум) D	
			од 77 до 84 бода	8 (осум) C	
			од 85 до 92 бода	9 (девет) B	
			од 93 до 100 бода	10 (десет) A	
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		Студентска анонимна евалуација за предметот, наставниците и соработниците кои учествуваат во изведувањето на наставата.		
22.	Литература				
	22.1.	Задолжителна литература			
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Катедра по хирургија, Медицински факултет, Универзитет “Св. Кирил и Методиј”, Скопје	Специјална хирургија		

		2.	Кортни М. Таунсенд, помладиот, Даниел Бошам, Марк Еверс, Кенет Л. Матокс	Учебник по хирургија на Сабистон	Табернакул	2013
		3.	Проф. д-р Лазар Тодоровиќ,	Хирургија на повреден детски лакт:	Флексограф	2016
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Arnold G. Coran	Pediatric surgery 7th edition	Elsevier Saunders	2012

Ред.број:54

Прилог бр. 3		**Предметна програма од интегриран (прв и втор) циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	**ОНКОЛОГИЈА**			
2.	Код	ОМ26 525			
3.	Студиска програма	Прв и втор циклус шестгодишни интегрирани академски студии по општа медицина			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	УКИМ – Медицински факултет Катедра по онкологија со радиотерапија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	Петта (V)	Семестар	Десетти (X)
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	4			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Раководител на Катедра по онкологија со радиотерапија Вонр. прроф. д-р Виолета Клисаровска			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Запишан десетти семестар			

11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Студентот да се запознае со: - основните онколошки термини, - епидемиолошките карактеристики на малигните болести и процедурите за превенција и рано откривање, - дијагностичките процедури за поставување на дијагнозата и одредување на стадиумот на болеста, - основните тераписки онколошки модалитети и принципите за нивнатата комбинирана примена во лекувањето на малигните заболувања како и несаканите ефекти од специфичните онколошки третмани, - посебните проблеми и итности во онкологијата, - клиничката слика, дијагнозата и терапијата на најчестите малигни заболувања (рак на дојка, бели дробови, гастроинтесинален тракт, генитоуринарен тракт, глава и врат, кожа, млиген меланом, коскени и мекоткивни тумори).
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Теоретска настава и практична настава:** **Модул 1** 4П (предавања)+5В (вежби) часа - Вовед во онкологијата со онколошка терминологија - Епидемиолошки карактеристики на малигните заболувања - Карактеристики на малигните неоплазми и процес на метастазирање - Превенција, скрининг и рана дијагноза на малигните заболувања - Пристап кон раковиот болен - Поставување на патохистолошка дијагноза и нејзината важност - Евалуација на пациентот, дијагностички процедури и утврдување на стадиумот на болеста - Брахитерапија - Малигни тумори на гениталниот тракт кај жена - Малигни тумори на гениталниот тракт кај маж **Модул 2** 2 4П (предавања)+6В (вежби) часа 1. Основни тераписки онколошки модалитети - Хируршка онкологија - Хемотерапија - Хормонотерапија - Целна терапија - Принципи на комбинација на тераписките модалитети - Акутни и хронични несакани ефекти од тераписките процедури - Рак на белите дробови - Рак на плеврата - Рак на медијастиналните органи

		Модул 3 4П (предавања)+6В (вежби) часа - Радиотерапија - Малигни тумори на органите на главата и вратот - Малигни тумори на ЦНС - Рак на кожа и малиген меланом - Малигни коскени тумори **Модул 4** 4П (предавања)+6В (вежби) часа - Малигни тумори на органите на градниот кош - Рак на дојката - Посебни проблеми и итности во онкологијата - Инфекција - Мозочни метастази - Компресија на рбетен мозок - Коскени метастази - Малигни изливи - Медијастинален синдром - Хиперкалцемија - Паранеопластични неуролошки синдроми - Канцер венска тромбоза - Канцерска болка - Грижа за терминален болен **Модул 5** 4П (предавања)+5В (вежби) часа - Малигни тумори на ГИТ - Малигни тумори на уринарен тракт **Семинари:** 1. Прогностички фактори во малигните болести - 1 час 2. Имунотерапија - 1 час 3. Фази при радиотераписко планирање -1 час 4. Итности во онкологијата - 1 час 5. Дијагностички анализи за иновативен третман - 1 час 6. Индикации и клиничка употреба на ПЕТ-КТ во онкологија - 1 час		
13	Заемна поврзаност на предметите	Поврзан со сите предмети од студиската програма		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Интерактивни предавања, вежби, реализирање семинари со наведените теми.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	120 часа		
16.		16.1.	Предавања - теоретска настава. часови	24
		16.2.	Семинари	6

<table>
<tr><td rowspan="2"></td><td rowspan="2">Форми на наставните активности</td><td>16.3.</td><td>Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови</td><td>30</td></tr>
<tr><td>16.4.</td><td>Пракса: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td rowspan="3">17.</td><td rowspan="3">Други форми на активности</td><td>17.1.</td><td>Проектни задачи: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td>17.2.</td><td>Самостојни задачи: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td>17.3.</td><td>Домашно учење - задачи</td><td>60</td></tr>
<tr><td>18.</td><td>Услови за потпис</td><td colspan="3">За да добие потпис, студентот треба да освои минимум бодови од посета на теоретска и практична настава.</td></tr>
<tr><td>19.</td><td colspan="4">Начин на оценување: Оценката за предметот се формира според табелата на оценки, а врз основа на збирот на бодовите од сите активности, континуираните проверки, семинари и завршниот испит</td></tr>
<tr><td></td><td>19.1.</td><td colspan="2">Континуирана проверка:</td><td>/</td></tr>
<tr><td></td><td>19.2.</td><td colspan="2">Тестови: бодови</td><td>Континуирана проверка бодови мин. 20 – макс. 32
Континуирана проверка (колоквиум): 1
Колоквиумот го покрива сегментот од општа онкологија согласно распоредот на часовите</td></tr>
<tr><td></td><td>19.3.</td><td colspan="2">Семинари</td><td>Вкупно 6 семинари, по секој блок теоретска настава, со проверка преку 5 прашања (мин.1 – макс. 5 бода)</td></tr>
<tr><td></td><td>19.4.</td><td colspan="2">Завршен испит:</td><td>Писмен дел*
бодови мин.20 – макс.32

Практичен дел**
бодови мин.11 – макс.19

*Писмен дел:
Писмениот дел се состои од тест кој го покрива сегментот на специјална онкологија согласно распоредот на часовите

**Практичен дел (според каталог на вештини): преглед на пациент, диференцијална дијагноза, терапија.

Студентот е должен да освои минимум од предвидените бодови за секој дел од испитот, за да може да се впишат бодовите за завршен испит. Во спротивно испитот се смета за неположен.</td></tr>
</table>

			Условувачки критериуми: За да добие потпис студентот е потребно да ја посетува теоретската, практичната настава и семинарите и да освои минимум бодови. За да пристапи на завршен испит студентот треба да ги положи предвидените континуирани проверки или да освои минимум 30% од вкупниот број бодови предвидени за континуирани проверки (најмалку 20 бода од колоквиум 1) при што во испитната сесија прво ги полага неположените континуирани проверки, а потоа пристапува на завршен испит. Оценката за предметот се формира според табелата на оценки, а врз основа на збирот на бодовите од сите активности, континуираните проверки и завршниот испит.

20.	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	до 59 бода	5 (пет) F
		од 60 до 68 бода	6 (шест) E
		од 69 до 76 бода	7 (седум) D
		од 77 до 84 бода	8 (осум) C
		од 85 до 92 бода	9 (девет) B
		од 93 до 100 бода	10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Студентска анонимна евалуација за предметот, наставниците и соработниците кои учествуваат во изведувањето на наставата.	

22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Винсент Де Вита	Канцер-онколошки принципи и практика	Табернакул за македонското издание	2011

		2.	Снежана Смичкоска, Никодијевиќ Б. и сор.	Современа дијагностика и терапија во медицината, Поглавје Онкологија	Медицински факултет	2000
		3.	Милеусниќ Д, Марошевиќ Г, Дурбаба М	Радијациона онкологија	Медицински факултет, Универзитет Бања Лука	2020
		4.	Снежана Смичкоска Валентина Крстевска Виолета Клисаровска, Игор Стојковски	Авторизирани предавања Ажурирани Авторизирани предавања	Поместени на страницата на Медицински факултет	
		5.	Врдољак Е, Ловашиќ ИБ,Кушиќ З, Гугиќ Д, Јуретиќ А.	Клиничка онкологија	Медицинска наклада - Загреб	2018
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Vincent deVita	Cancer: Principles and Practice of Oncology	10th edition AVAILABLE ONLINE AT LWWHealthLibrary.com/oncology	2014
		2.	David J. Kerr, Daniel G. Haller, Cornelis J. H. van de Velde, and Michael Baumann	Oxford Textbook of Oncology Third Edition	Oxford Textbook	2016

Ред.број:55

Прилог бр. 3		**Предметна програма од интегриран (прв и втор) циклус на студии**
1.	Наслов на наставниот предмет	**НУКЛЕАРНА МЕДИЦИНА**
2.	Код	ОМ26 526
3.	Студиска програма	Прв и втор циклус шестгодишни интегрирани академски студии по општа медицина

4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	УКИМ – Медицински факултет Катедра по нуклеарна медицина			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	Петта (V)	Семестар	Десетти (X)
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	1			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Одговорен наставник доц.д-р Невена Маневска – раководител *наставата ја изведуваат сите наставници на катедрата по нуклеарна медицина			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	За полагање на испитот – положен испит од Патофизиологија			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	**Цели на предметата прогрма:** Се очекува студентот: • Да се запознае со основните принципи на нуклеарната физика • Да се запознае со начините на добивање на радиоизотопи и радиофармацевтски препарати, нивните карактристики и примена во нуклеарната медицина • Да стекне сознанија за примената на радионуклидите во дијагностичкиот алгоритам на разни заболувања, нивната предност, сензитивност и специфичност • Да стекне сознанија за примената на радионуклидите во терапевтскиот алгоритам на разни заболувања, нивната предност, сензитивност и специфичност • Да ги совлада современите методи на тераностика **Компетенции кои ќе се стекнат** - Клиничка проценка за потребата на соодветен тип на сцинтиграфија и избор на соодветен трасер			

		- Применува нуклеарно медицински иследувања во дијагностичкиот алгоритам на заболувања. - Интерпретира резултати од неинвазивни нуклеарно медицински методи - Соработува интердисциплинарно со хирурзи, радиолози, патолози, интернисти и други специјалисти.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Теоретска настава (специјален дел)** **• Нуклеарно медицински иследувања во кардиологија** - миокрдна перфузиона сцинтиграфија - радионуклидна вентрикулографија - радиоангиокардиографија - кардијалана амилоидоза - скенирање на миокардна инервација **• Нуклеарно медицински иследувања во пулмологија** - перфузиона белодробна сцинтиграфија - вентилациона белодробна сцинтиграфија **• Нуклеарно медицински иследувања во пулмологија** - мозочна перфузиона сцинтиграфија СПЕКТ - ПЕТ/КАТЕ скен на мозок **• Нуклеарно медицински иследувања во гастроентерохепатологија** - сцинтиграфија на плунковни жлезди - сцинтиграфија на гастро-езофагеален рефлукс - сцинтиграфија на гастрично крварење - сцинтиграфија на ектопична гастрична мукоза - хемангиом на црн дроб **• Нуклеарно медицински иследувања во нефрологија** - динамска (диуретска) ренална сцинтиграфија - статичка ренална сцинтиграфија - радионуклидна цистографија - скен на трансплантиран бубрег **• НМ во ендокринологија** - сцинтиграфија на тироидна жлезда - сцинтиграфија на паратироидна жлезда - сцинтиграфија на невроендокрини тумори **• НМ во мускуло-скелетен систем** - сцинтиграфија на коскени тумори - сцинтиграфија на коскени метаболни болести - сцинтиграфија на коскени метастази - сцинтиграфија на коскени инфекции - сцинтиграфија на коскени повреди **• НМ во онкологија** - конвенционална нуклеарна медицина во онкологија - ПЕТ во онкологија - терапија со изотопи

		Практична настава: • Практична примена на радиоизотопи во дијагностиката и терапијата - основи на радиометријата, детекторски и визуелизациони уреди во нуклеарната едицина • Примена на радионуклиди во ин виво и ин витро услови • Презентација на нуклеарно-медицински методи со сликовен приказ **Резултати од учењето** **Стекнато знаење и негова соодветна примена** - Ја разбира секоја нуклеарно – медицинска метода, нејзината соодветна примена и знае да го направи правилниот избор при дијагностичка тријажа на пациентите. - Препознава придобивки од нуклеарно медицинскиот преглед, за упатување на пациентот за добивање на потребните клинички информации - Го разбира резултатот што методата може да го даде и истиот го интерпретира согласно клиничката слика на пациентот - Врши проценка на ризикот наспроти бенефитот при избор на дијагностичка процедура, особено кај процедури со јонизирачко зрачење. **Вештини на учење:** - Самостојно користи стручна литература и дигитални ресурси за продлабочување на знаењата од областа. - Поседува основа за континуирано медицинско образование во полето на медицинското сликање.		
13	Заемна поврзаност на предметите	Поврзан со сите предмети од студиската програма		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Дел од наставата се изведува во состав на предметите (системи) од 4. и 5. година **Вежби** - 6 часа: 1. Нуклеарна кардиологија 2. Нуклеарна пулмологија, неврологија и гастроентерохепатологија 3. Нуклеарна нефрологија 4. Нуклеарна остеологија 5. Нуклеарна ендокринологија 6. Нуклеарна онкологија **Индивидуална работа**: - проектни задачи: секој по 5 часа кои ќе се изработуваат по менторски тип како задолжителна активност.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	30 часа		
16.		16.1.	Предавања - теоретска настава (часови)	9 час
		16.2.	Семинари	

	Форми на наставните активности	16.3.	Вежби (претклинички и клинички)	6 часа
		16.4.	Пракса: часови	/
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	5 часа
		17.2.	Самостојни задачи: часови	
		17.3.	Домашно учење - задачи	10 часа
18.	Услови за потпис	За да добие потпис, студентот треба да освои минимум бодови од посета на теоретска, практична настава и семинари.		

19. Начин на оценување: Оценката за предметот се формира според табелата на оценки, а врз основа на збирот на бодовите од сите активности, континуираните проверки, семинари и завршниот испит

Вид на активност		**Бодови**
Теоретска настава		3-5
Практична настава		8-12
Семинар (x3) секој		
Континуирани проверки		/
Завршен испит	Писмен дел	13-21
	Практичен дел	/
	Устен дел	36-62
Вкупно		60-100

19.1.	Континуирана проверка: бодови	8-12
19.2.	Тестови: бодови	
19.3.	Семинар	12-18
19.4.	Завршен испит: бодови	40-70

20.	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	до 59 бода	5 (пет) F
		од 60 до 68 бода	6 (шест) E
		од 69 до 76 бода	7 (седум) D
		од 77 до 84 бода	8 (осум) C
		од 85 до 92 бода	9 (девет) B
		од 93 до 100 бода	10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Студентска анонимна евалуација за предметот, наставниците и соработниците кои учествуваат во изведувањето на наставата.	

22. Литература

22.1. Задолжителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	Миладинова Д. и сор.	Основи на нуклеарна медицина: учебник и практикум	УКИМ – Медицински факултет	2021
2.				

22.2. Дополнителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година

		1.	Васкова О и сор.	Нуклеарна медицина во клиничка пракса	УКИМ – Медицински факултет	2008
		2.	Чарлс Д. Форбс Вилијам Ф. Џексон	Атлас во боја и текстови за клиничка медицина	Магор	2010
		3.	Фаучи, Браунвалд, Каспер, Хаузер, Лонго, Џејмсон, Лоскалцо	Принципи на интерната медицина на Харисон, 17 издание	Табернакул,	2012
		4.	Авторизирани предавања			

Ред.број:56

Прилог бр. 3		**Предметна програма од интегриран (прв и втор) циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	**СУДСКА МЕДИЦИНА**			
2.	Код	ОМ26 527			
3.	Студиска програма	Прв и втор циклус шестгодишни интегрирани академски студии по општа медицина			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	УКИМ – Медицински факултет Катедра за судска медицина			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	Петта (V)	Семестар	Десетти (X)
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	4			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Одговорен наставник доц.д-р Наташа Битољану * наставата ја изведуваат сите наставници на катедрата по Судска медицина			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Услов за запишување на предметот – Исполнет услов за упис во 7-ми семестар Услов за полагање - положени сите предмети од 7., 8., 9. и 10. семестар со исклучок на Онкологија и Општа педијатрија и детска хирургија			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и	- Студентот да ги научи и совлада вештините за утврдување на смрт, знаците на смрт, причина за смрт и издавање на потврда за смрт.			

	резултати од учењето:	- Студентот да ги научи основните индикации за судско-медицинска обдукција, да знае да препознае насилна и сомнителна смрт. - Студентот да ги знае и да се оспособи да ги опише механичките, хемиските, физичките, асфиктичните и нутритивните повреди. - Студентот да знае да пополни и издаде лекарско уверение и да се запознае со квлаификацијата на телесни повреди. - Студентото да се запознае со одредбите на КЗ кои се однесуваат на медицинската професија (несовесно лекување, професионална тајна, еутаназија, непружање на медицинска помош).		
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Теоретска настава** - Танатологија, Агонија, умирање, смрт и видови смрт. Знаци на смртта несигурни, рани и доцни. Одредување на време на смртта. Утврдување на смрт и причини за смрт. - Механички повреди, општи особини, Повреди со тапотврда сила, убодни, сечни и огнострелни повреди. - Асфиктични повреди, механизам и општи особини. Страгулациони, суфокативни и компресивни асфиксии. - Физички повреди, повреди од висока и ниска температура, електрицитет, микробраново, ласерско и атомски зраци. - Хемиски повреди, отрови и услови за труење. Корозивни, метали, медикаменти, пестициди, алкохол, дроги. - Нутритивни повреди - Идентификација на живи и умрени, ДНК идентификација. - Насилна смрт убиство, самоубиство и несреќен случај. - Форензична гинекологија и сексологија - Вештачење и вешто лице, квалификација на телесни повреди. - Судскомедицински коментар на одредбите на КЗ за небрежност, несовесно лекување, неукажување на медицинска помош, надрилекарство, професионална тајна **Семинари** **Практична настава** - Судско медицинска обдукција, изведување, цели, индикации - Лекарско уверение - Преглед на жртви на сексуални деликти - Идентификација на живи и умрени - Утврдување на смрт и издавање на потврда за смрт - Медицинска криминалистика, вештачење на крвни дамки, влакна, сперма. - Форензична ДНК технологија		
13	Заемна поврзаност на предметите	Поврзан со сите предмети од студиската програма		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Интерактивни предавања, вежби, реализирање семинари со претходно зададени теми.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	120 часа		
16.		16.1.	Предавања - теоретска настава. часови	49
		16.2.	Семинари	1

<table>
<tr><td></td><td>Форми на наставните активности</td><td>16.3.</td><td>Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови</td><td>25</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td>16.4.</td><td>Пракса: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td rowspan="3">17.</td><td rowspan="3">Други форми на активности</td><td>17.1.</td><td>Проектни задачи: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td>17.2.</td><td>Самостојни задачи: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td>17.3.</td><td>Домашно учење - задачи</td><td>45</td></tr>
<tr><td>18.</td><td>Услови за потпис</td><td colspan="3">За да добие потпис, студентот треба да освои минимум бодови од посета на теоретска и практична настава.</td></tr>
<tr><td>19.</td><td colspan="4">Начин на оценување: Оценката за предметот се формира според табелата на оценки, а врз основа на збирот на бодовите од сите активности, континуираните проверки, семинари и завршниот испит
<table>
<tr><th colspan="2">Вид на активност</th><th>Бодови</th></tr>
<tr><td colspan="2">Теоретска настава</td><td>1-2</td></tr>
<tr><td colspan="2">Практична настава</td><td>1-3</td></tr>
<tr><td colspan="2">Семинари</td><td>1-5</td></tr>
<tr><td colspan="2">Континуирани проверки</td><td>11-20</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Завршен испит</td><td>Устен дел</td><td>31-50</td></tr>
<tr><td>Практичен дел</td><td>11-20</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вкупно</td><td>60-100</td></tr>
</table>
</td></tr>
<tr><td></td><td>19.1.</td><td>Континуирана проверка: бодови</td><td colspan="2">Колоквиум – тест (1)
Мин.11 – мах. 20 бодови</td></tr>
<tr><td></td><td>19.2.</td><td>Тестови: бодови</td><td colspan="2">/</td></tr>
<tr><td></td><td>19.3.</td><td>Семинари – од областа на танатологија или механички повреди, во зависност од интересот и договорот со студентите</td><td colspan="2">Семинарите се дел од теоретската настава и ќе се одржуваат во термини и со содржини објавени со распоредот на почетокот на семестарот, а ќе бидат задолжителни за студентите. Присуството и ангажираноста на студентите во семинарите ќе се евидентира и бодира, а освоените бодови ќе влезат во крајната оценка за предметот.
Бодови: мин.1 – мах.5</td></tr>
<tr><td></td><td>19.4.</td><td>Завршен испит: бодови Практичен:11-20
Усмен дел:31-50</td><td colspan="2">мин.-макс
Устен дел* бодови 31-50
Практичен дел** бодови 11-20
***Устен дел (интегративен)** – 3 прашања на кои испрашува интегративно знаење кое е битно за разбирање на целината на предметот и медицинската практика</td></tr>
</table>

				(За 10=46-50 бода; за 9=43-45 бода; за 8=39-42 бода; за 7=35-38 бода; за 6=31-34 бода) ****Практичен дел (според каталог на вештини):** две прашања од практичните вежби и вештина на пишување на дијагноза на латински (за 10=19-20 бода; за 9=17-18 бода; за 8=16-15 бода, за 7=14-13 бода; за 6=12-11 бода) Студентот е должен да освои минимум од предвидените бодови за секој дел од испитот посебно за да можат да му бидат впишани бодовите од завршниот испит. Во спротивно, испитот се смета за неположен.
20.	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 59 бода	5 (пет) F
			од 60 до 68 бода	6 (шест) E
			од 69 до 76 бода	7 (седум) D
			од 77 до 84 бода	8 (осум) C
			од 85 до 92 бода	9 (девет) B
			од 93 до 100 бода	10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		Студентска анонимна евалуација за предметот, наставниците и соработниците кои учествуваат во изведувањето на наставата.	

22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Јанеска и сор.	Практикум судска медицина	Институт за судска медицина, Медицински факултет Скопје	2019
		2.	Ди Мајо	Судска медицина	Табернакул	2010
		3.	Тасиќ и сор.	Судсска медицина	Змај Нови Сад	2006
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Миловановиќ	Судска медицина	Медицинска књига	1990
		2.	Зечевиќ и сор.	Судска медицина	Медицинска наклада, Загреб	2004

Ред.број:57

Прилог бр. 3		**Предметна програма од интегриран (прв и втор) циклус на студии**
1.	Наслов на наставниот предмет	**ИНТЕРНА МЕДИЦИНА**

2.	Код	ОМ26 611			
3.	Студиска програма	Прв и втор циклус шестгодишни интегрирани академски студии по општа медицина			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	УКИМ – Медицински факултет Катедра за Интерна медицина			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	Шеста (VI)	Семестар	Единаесетти (XI)
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	13			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Раководител на катедрата Проф. д-р Бети Тодоровска *наставата ја изведуваат сите наставници на Катедрата за Интерна медицина			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	За слушање на предметот треба да бидат положени предметите кардиоваскуларен систем, респираторен систем, дигестивен систем, уринарен систем, ревматологија, хематологија, ендокринологија и токсикологија од IV и V година.			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	**Цели на предметната програма** Главната цел на предметот е да се интегрира знаењето за органските системи во донесување на клиничка одлука за дијагноза и третман на пациенти со болести од полето на интерната медицина, т.е. да се обучи студентот да го користи знаењето за болестите по органски системи на интегриран начин во клиничката пракса, да може да постави соодветна дијагнози и да направи пробен план за третман и лекување на овие пациенти. **Компетенции кои ќе се стекнат** Под надзор на наставник-ментор, студентот ги извршува сите потребни задачи во одделни специјалности од интерната медицина, учејќи ги принципите на идентификување и лекување на болести од областа на интерната медицина во болничка средина. Список на клинички вештини со ниво на знаење кои може да ги направи студентот:			

		Општи вештини - Знае да земе основни информации за лековите што ги прима пациентот. - Знае како клинички да ја процени нутритивната состојба на пациентот. - Знае како да администрира лекови поткожно. - Знае како да администрира лекови интрамускулно. - Знае како да земе венска крв за лабораториски анализи. - Знае како да се толкуваат резултатите од микробиолошките тестови и антибиограмите. - Знае како да се соопштат лоши вести на соодветен начин. - Знае како да се мери шеќерот во крвта од прст и да се толкуваат резултатите. - Знае како да се толкуваат рендгенски слики во вообичаени услови. - Знае како да се толкуваат наоди од КТ скенирања во вообичаени услови. Респираторен систем: - Способен да го научи пациентот како да користи инхалатор. - Способен да изврши спирометрија и бронходилататорски тест. - Способен да ги толкува резултатите од спирометријата и бронходилататорски тест. - Способен да ги толкува резултатите од полиграфија во спиење - Способен да ги толкува резултатите од гасна анализа во артериската крв. - Способен да ги толкува резултатите од плеврална пункција. - Способен да изврши пулсна оксиметрија и да ги толкува резултатите. - Способен да му го објасни на пациентот правилното извршување на мерењето на PEF и толкувањето на резултатите. - Знае како да го избере соодветниот метод за почетна кислородна терапија (кислород преку назален катетер, Вентури маска и маска со резервоар), правилно да го постави и да го следи пациентот по почетокот на третманот. - Знае да изврши проценка на тежина на пациент со пневмонија - Знае како да толкува резултат од ултразвук на белите дробови. Ендокрин систем: - Знае како правилно да дозира и администрира инсулин. - Знае како да ги толкува резултатите од брз ACTH тест. - Знае како да ги толкува резултатите од тестовите за функција на тироидната жлезда (T3, T4, TCX). - Знае како да толкува резултат од ултразвук на тироидната жлезда. Хематолошки систем: - Знае како да ги толкува резултатите од крвната слика (бројот на црвени крвни зрнца, бели крвни зрнца и тромбоцити) и тестовите за хемостаза (PT/INR, aPTT, фибриноген, D-димер). - Знае да ги толкува резултатите од протеинограмот.

		Кардиоваскуларен систем: - Може да снима 12-канален електрокардиограм и да го толкува електрокардиограмот во вообичаени состојби. - Може да мери крвен притисок (со сфингоманометар и автоматски мерач) и да го толкува мерењето. - Може да ги толкува резултатите од стрес тестот. - Знае како да процени коронарен ризик користејќи го SCORE системот за бодување. - Знае како да изврши електроконверзија на срцеви аритмии со помош на симулатор. - Знае како да ги толкува резултатите од липидограмот (HDL, LDL, триглицериди). - Знае како да толкува резултати од доплер ултразвук на длабоки вени. - Знае како да толкува резултати од ултразвук на срцето. Дигестивен систем: - Знае како да ги толкува резултатите од абдоминална пункција. - Знае да пласира назогастрична сонда. - Знае како да направи ректален дигитален преглед за да открие каков вид на гастроинтестинално крварење има пациентот. - Знае како да ги толкува резултатите од тестовите за функцијата на црниот дроб (AST, ALT, γ-GT, AF, билирубин). - Знае како да толкува резултати од ултразвук на абдоминалните органи. - Знае како да го утврди клиничкиот стадиум на карцином користејќи ја TNM класификацијата. Уринарен систем: - Знае како да изврши катетеризација на мочниот меур кај мажи и жени. - Знае како да ги толкува основните биохемиски тестови на урина со тест ленти и резултатите од седиментот на урина. - Знае како да му даде инструкции на пациентот за тоа како правилно да собере урина за анализа. - Знае како да ги толкува резултатите од уринокултура според антибиограм. - Знае како да ги толкува резултатите од тестовите за бубрежна функција (креатинин, уреа, GFR, натриум, калиум, хлор, калциум, фосфат). - Знае како да толкува резултати од ултразвук на уринарниот систем (бубрези, мочен меур).
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од	Во рамките на овој предмет предвидена е: - работа во ургентна амбуланта каде се прави и прием на итни случаи, - работа во специјалистички и субспецијалистички амбуланти - работа како собен лекар во клиничките оддели за Интерна медицина, вклучувајќи следење на виталните функции, следење и, каде што е можно, вршење функционална дијагностика и евалуација на резултатите од тестовите

	учење за секое поглавје	- учество во консултации со доктори од одделот и со доктори од други специјалности - попладневни дежурства во одделенијата за Интерна медицина - подготовка на семинари и презентирање на case report за пациентите - подобрување на клиничките вештини во областа на интерната медицина - административно менаџирање со амбулантски и хоспитализирани пациенти и подготовка на отпусно писмо, особено оспособување да напише епикриза за текот на лекување на пациентот на стандардизиран начин За време на престојот по предметот Интерна медицина на соодветната клиника, студентот ќе се стекне со знаења од областа на интерната медицина кои се однесуваат на прием на пациент за болничко лекување, ќе ги усовврши способностите за земање на анамнеза и извршување на клиничкиот преглед во различни интернистички области, ќе ги запознае постапките на поставување на работна дијагноза, донесување одлуки и диференцијално дијагностичко размислување, како и креирање план за лекување на поединечни клинички случаи, односно ќе се стекне со вештина на современо клиничко проценување и лекување, притоа запознавајќи се со професионалните вредности и тимската работа.
13	Заемна поврзаност на предметите	Поврзан со сите предмети од студиската програма
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	320 часови пракса 40 часови домашно учење 30 часови семинари Студентот е распореден на два оддела за Интерна медицина, а праксата на еден оддел трае 4 недели. Студентот 4 недели треба да помине на една од клиниките од следниве области: Кардиологија, Пулмологија, Гастроентерологија или Нефрологија, а следните 4 недели треба да ги помине на една од клиниките од останатите интернистички области: Ревматологија, Ендокринологија, Хематологија или Токсикологија Студентот добива два ментора, наставници, кои се членови на клиниката каде студентот ја обавува праксата. Менторот ја организира едукацијата на студентот во согласност со утврдениот режим на студирање. Доколку менторот е отсутен неколку дена, за тие денови се назначува заменик-ментор. Во текот на престојот на соодветната клиника (2 х во период од по 4 недели), студентот подготвува семинар со својот ментор за интересни практични клинички случаи, кој потоа усно ќе го презентира (часови предвидени независно од часовите за пракса). Целта на семинарите е да се зајакне интегрираното и диференцијалното дијагностичко размислување и планирањето на основниот третман на пациент кој е интернистички случај. Менторот потврдува со свој потпис дека го прегледал семинарот и дека истиот е со висок квалитет. Презентацијата на семинарот е предуслов за полагање на испитот и се оценува со максимални 3 бодови (односно од двата семинари може да се добијат вкупно 6 бодови).

<table>
<tr><td></td><td></td><td colspan="3">Студентот кој сака да полага испит по Интерна медицина мора да достави менторска оценка за практичната работа, а позитивна оценка од менторот од секоја база на учење е услов за полагање на испитот.
Завршниот испит по Интерна медицина по завршувањето на 8-неделниот практичен дел е практичен и усен, а се полага комисиски пред тројца наставници од катедрата за Интерна медицина.</td></tr>
<tr><td>15.</td><td>Вкупен расположив фонд на време</td><td colspan="3">390 часа организирани во: 320 часа пракса, 30 часа семинари, 40 часа домашно учење.</td></tr>
<tr><td rowspan="4">16.</td><td rowspan="4">Форми на наставните активности</td><td>16.1.</td><td>Предавања - теоретска настава (часови)</td><td></td></tr>
<tr><td>16.2.</td><td>Семинари</td><td>30 часа</td></tr>
<tr><td>16.3.</td><td>Вежби (клинички)</td><td></td></tr>
<tr><td>16.4.</td><td>Пракса: часови</td><td>320 часа</td></tr>
<tr><td rowspan="3">17.</td><td rowspan="3">Други форми на активности</td><td>17.1.</td><td>Проектни задачи: часови</td><td>10 часа</td></tr>
<tr><td>17.2.</td><td>Самостојни задачи: часови</td><td></td></tr>
<tr><td>17.3.</td><td>Домашно учење - задачи</td><td>30 часа</td></tr>
